**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПОЧИТУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

# 2021

**Скопје, март 2022**

**Наслов:** ***Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2021***

**Издавач:** Народен правобранител на Република Северна Македонија

**Автор:** Народен правобранител на Република Северна Македонија

**Уредник:** Народен правобранител на Република Северна Македонија

**Јазична контрола:** Тања Трајковска

**Графички дизајн:** Кети Стефкова

**Тираж:** 150 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

351.941(497.7)"2021"(047)

ГОДИШЕН извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права : 2021. - Скопје : Народен правобранител на Република Северна Македонија, 2022. - 173 стр. : граф. прикази ; 30 см

ISBN 978-608-4715-80-1

а) Народен правобранител -- Активности -- Македонија -- 2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 56900613

# СОДРЖИНА


**1 СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** 11

**ОД РАБОТАТА ВО 2021** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** . . . . . . . . . . . 25

**Правосудство** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
- *Постапки пред јавното обвинителство* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
- *Постапки пред извршителите.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28

**Права на детето и лицата со попреченост** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
- *Право на образование* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32
- *Заштита на најдобриот интерес на детето во областа на семејните права и право на семејна грижа* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38
- *Матична евиденција на дете.* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38
- *Право на детето на заштита од насилство* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40
- *Право на здравствена заштита и парични примања за дете* . . . . . . . . . 41
- *Права на социјална заштита и животен стандард* . . . . . . . . . . . . . . . . 42
- *Политичка злоупотреба на дете* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42
- *Згрижување на деца во мал групен дом* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 43
- *Право на заштита на деца бегалци* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
- *Заштита на права на лица со попреченост* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45

**Потрошувачки права** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
**Работни односи** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
**Социјална заштита и сигурност** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
**Урбанизам, градба и домување** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62
**Казнено-поправни и воспитно-поправни установи** . . . . . . . . . . . 64
**Имотно-правни односи.** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 68
**Полициски овластувања** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69
**Финансии** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 73
**Граѓански состојби.** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 76
**Пензиско и инвалидско осигурување** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 80
**Здравствено осигурување и заштита** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 82
**Недискриминација** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 84
**Избирачки права.** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 88
**Права од високото образование и култура** . . . . . . . . . . . . . . . . . 90
**Животна средина** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 92
**Други права** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 93
**Попис 2021.** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 94
**Права на бегалци/мигранти.** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 96

**Локална самоуправа** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **97**
- *Урбанизам и градба* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . *97*
- *Работни односи* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . *99*
- *Финансии и царина* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . *99*
- *Животна средина* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . *100*
- *Потрошувачки права* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . *101*

**ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **103**

**2 ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА (ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ)** 115

**3 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ** 119

**4 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ** 125

**5 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА** 129

**6 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА** 135

**7 ИСТРАЖУВАЊА, ПОСЕБНИ ИЗВЕШТАИ, ИНИЦИЈАТИВИ, МИСЛЕЊА** 143

**8 КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ** 149

Соработка со меѓународни тела и асоцијации . . . . . . . . . . . . . . . . . 151

**9 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ** 155

Податоци по области . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 161
Постапување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 163
Констатирани повреди и преземени мерки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 165

**10 ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА** 169

Организација и начин на работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 171
Кадровска состојба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 171
Средства за работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 172

*Почитувани,*



*Во овој Извештај отсликана е состојбата со степенот на почитувањето на човековите слободи и права во изминатата 2021 година, која произлегува од анализата на поднесените претставки од граѓани, предметите оформени по сопствена иницијатива, како и од прифатените укажувања и интервенции на Народниот правобранител за отстранување на констатираните повреди. Во Извештајот се сублимирани констатираните состојби по области, предизвици и проблеми со кои се соочуваа граѓаните при остварувањата на нивните права, согледаните општи состојби кои произлегуваат од спроведените истражувања, како и утврдените состојби од работата на посебните механизми како битен сегмент во рамките на мандатот и надлежностите на Народниот правобранител.*

*Неспорен е фактот дека и во извештајната година продолживме да живееме во услови на пандемија, која сѐ уште ја наметнуваше потребата од воведување на определени ограничувања, чија примарна цел беше заштитата на здравјето на граѓаните. Речиси и да немаше област во која граѓаните со потешкотии ги остваруваа своите права, пред сѐ поради редуцираниот начин на работа на институциите.*

*Минатата година граѓаните се соочија со проблеми при обезбедувањето/промената на документи за лична идентификација, од причина што Министерството за внатрешни работи, иако имаше податоци дека голем број граѓани поради пандемијата истите не си ги обновиле во предвидениот рок, токму во летниот период создаде застој во нивното издавање, состојба која влијаеше на егзистенцијата на граѓаните поради неможноста да си ги подигнат своите плати, пензии, средствата кои ги добиваат на име социјална помош. Народниот правобранител оцени дека е недозволиво слабостите во системот за издавање на лични документи во Министерството за внатрешни работи, да се прекршуваат врз грбот на граѓаните и неоправдано да им создаваат дополнителни проблеми, посебно што во принцип станувaше збор за категорија на граѓани кои спаѓаат во групата на постари лица кои не ги користат дигиталните, туку оние традиционалните банкарски услуги, односно пензиите и платите, ги подигнуваат непосредно од шалтерите на банките. По интервенција на Народниот правобранител, банките за подигање на средствата на граѓаните почнаа да им ги признаваат потврдите дека поднеле барање за обезбедувањето/промената на лични документи.*

*Пандемијата посебно ги погоди лицата под социјален ризик што се рефлектираше во предметите од областа социјална сигурност и заштита, во делот на остварување на правото на надоместок на помош и нега од друго лице. Причината беше што бројот на барањата за остварување на ова право не соодветствуваше со бројот на комисиите, кој се покажа како недоволен, што, пак, придонесе голем број на граѓани со месеци да чекаат на остварување на ова право. Увидувајќи го проблемот, Народниот правобрантел до надлежното министерство упати препорака која беше прифатена и во текот на годината беше зголемен бројот на комисиите.*

*За жал и минатата година голем број на граѓани со месеци чекаа преку Управата за водење на матична евиденција да добијат извод од матична книга на родени/умрени и*

*слично, од причина што електронскиот систем не ги даде очекуваните резултати, на брз и ефикасен начин да се добиваат овие документи, за кои граѓаните платиле, а кои влијаат во понатамошното остварување на некое друго нивно право.*

*Статистички гледано, најголемиот број од претставките се однесуваа на областа правосудство, од кои скоро една третина на работата на извршителите. Во овој сегмент, Народниот правобранител констатира помал број на сторени повреди во постапката на извршување, но го реафирмира ставот дека се неопходни системски измени во делот на пресметувањето на каматата, во насока дека не може да се наплати камата која би била поголема од главниот долг, односно кога каматата ќе го достигне главниот долг, истата да престане да тече. Ова, од причина што сегашните законски одредби доведуваат до ситуации во кои каматата ја плаќа должникот понекогаш е речиси тројно поголема од главниот долг. Голем број од претставките беа поднесени и во областа права на потрошувачите, особено во делот на испораката на електрична енергија, а не беше мал бројот ниту на претставките од областа работни односи, каде доминираа поплаки/претставки за неоснованото поведување на дисциплинска постапка, право на годишен одмор, распоредување на пониско работно место, непочитување на законските одредби при унапредување итн.*

*Значително беше зголемен бројот на примени претставки во областа детски права и тоа во сите сегменти, посебно во делот на остварување на правото на образование, по воведувањето на новата концепција за основно образование која предвидуваше замена на хартиените со дигитални учебници, како и за проблемите со обезбедувањето на лични и образовни асистенти како поддршка на учениците со попреченост кои се инклузирани во општинските основни училишта. За жал, најдобриот интерес на детето и еднаквиот пристап до правата не беше почитуван ниту во семејно-правните односи, во здравствената заштита, заштита од насилство и секаков вид злоупотреби на детето, а на децата без евидентирано раѓање, и покрај системското решение, им беше онезвоможено остварувањето на кое било право, односно и натаму се правно невидливи. Од друга страна, иако изминаа 10 години од ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, не се забележуваат значителни промени во остварувањето на правата. Имено, нема целосни податоци за лицата со попреченост, ниту расчленети податоци (по состојба на попреченост, возраст, пол, род, етничка припадност, вера, религија, итн.) што има негативен ефект при креирање на соодветни политики и алоцирање на соодветни буџети за имплементација на политиките во врска со лицата со попреченост. Лицата со попреченост, како и давателите на услуги за поддршка на овие лица не беа опфатени во приоритетните групи во Националниот план за Ковид 19 вакцинација, а во време на пандемија пунктовите за тестирање и вакцинација останаа недостапни за овие лица.*

*Претставките поднесени во областа имотно – правни односи уште еднаш го потврдија фактот дека процесот на денационализација и по повеќе од дваесет години не е завршен, од причина што комисиите за денационализација и Управниот суд и понатаму си ги префрлуваат предметите, со што ги одолжуваат овие постапки во недоглед на штета на граѓаните. Непостапувањето на градежните инспектори е детектиран како главен проблем на кој се жалеа граѓаните во областа урбанизам и градба. До Народниот правобранител, и оваа извештајна година, граѓаните поднесуваа претставки кои се однесуваа на наплатата на радио-дифузната такса, иако поминаа речиси четири години од укинувањето на оваа давачка. Ваквата состојба, пред сè се должи и на тоа што и оваа извештајна година од страна на надлежните органи и институции не се преземаат дејства согласно општите препораки на Народниот правобранител, дадени во неколку годишни извештаи, да се утврди одговорност за состојбата со огромниот број неосновани поединечни запишувања во регистерот на обврзници за радио-дифузна такса, како и за недонесувањето одлука од раководството на Националната телевизија за отпис на неосновнано евидентираните долгови на име на оваа давачка. Претставки се поднесуваа и во областите здравствена*

заштита, недискриминација, пензиско и инвалидско осигурување, полициските постапувања. Во извештајната година, утврдивме пренатрупаност во одделни затвори, посебно во затворените одделенија, со што автоматски условите за престој повторно станаа нехумани/супстандардни. Ситуацијата посебно е алармантна во затворениот дел на Казнено-поправниот дом Идризово, особено во т.н. „амбуланта“ и крило седум. Голем проблем за осудените лица и понатаму е здравствената заштита, а не изостанаа и претставки од осудени лица кои се однесуваа  на користењето на погодностите.

Зад нас оставивме уште една тешка година полна со предизвици како последица на живеењето во услови на пандемија, во која на прво место беше здравјето на граѓаните. Сепак, тоа не смее да биде изговор за прекршување на нивните права, од причина што тоа дополнително влијае врз квалитетот на нивниот живот. Се надевам дека во годината која ја почнавме животот полека ќе почне да се враќа во нормала, а институциите ќе продолжат да работата со полн капацитет.

Очекувам дека пратениците по разгледувањето на Извештајот, овој пат, навремено ќе ги утврдат мерките по кои Владата ќе треба да постапува, а сè со цел подобрување на општите состојби по однос на владеење на правото и обезбедување претпоставки за повисок степен на заштита и остварување на правата на граѓаните.

**Народен правобранител**
***Насер Зибери***

# 1 СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

# ОД РАБОТАТА ВО 2021

Во почетниот дел од Годишниот извештај издвојуваме неколку карактеристични случаи, состојби, конкретни проблеми на граѓани, во кои од страна на Народниот правобранител се утврдени прекршувања и повреди на уставните и законските права на граѓаните.

Освен, што сака да посочи дека овие констатирани повреди се всушност нелогични, незаконски, па дури и апсурдни ситуации настанати поради незаконско, нестручно и непрофесионално работење на органите, и истовремено да ги повика надлежните органи да преземат итни мерки и дејствија за отстранување на наведените повреди, Народниот правобранител посочува дека неговите намери и заложби се сериозни, конструктивни и на закон засновани, и воедно се оградува од какво било друго сфаќање вон контекст, во однос на издвоените случаи, а сè со цел обезбедување на навремено и непречено остварување, почитување и унапредување на човековите права и слободи во државата.

Воедно, Народниот правобранител со истакнатите примери сака да даде позитивен импулс во постапувањето на органите на државната управа и другите организации за почитување на со Устав и закон гарантираните права на граѓаните.

## ГРАЃАНКА НА 70 ГОДИНИ СЕ СТЕКНА СО ДРЖАВЈАНСТВО

Граѓанка, родена во СФРЈ (Косово), која во 1973 година се омажила со македонски државјанин успеа после скоро пет децении чекање да добие државјанство по интервеција на Народниот правобранител. Апсурдноста на овој случај е уште поголема, поради тоа што сите членови од нејзиното семејство-шестте деца од самото раѓање немале проблем да добијат уверение за државјанство.

При спроведената постапка за овој сличај, Народниот правобранител се обрати до Агенцијата за национална безбедност и побара во најбрз можен рок да се изврши безбедносна проверка за наведеното лице, а органот при давање на мислењето да се раководи од фактот дека подносителката ги задоволува останатите услови предвидени во Законот за државјанство и од принципот за почитување на правото на семејниот живот, кое право е утврдено во член 8 од Европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи.

Народниот правобранител беше известен дека е постапено по неговата интервенција и во таа смисла по даденото позитивно мислење од страна на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за внатрешни работи-Оддел за граѓански работи донесе Решение за прием во државјанството за возрасната граѓанка.

## ЗАКОНСКИТЕ ИЗМЕНИ ОД 2021 Г. МУ ОВОЗМОЖИЈА ДРЖАВЈАНСТВО НА 60 ГОДИШЕН СКОПЈАНЕЦ

Скопјанец, роден пред 60 години дури кон крајот на минатата година успеа да добие македонско државјанство, отако беа донесени измените и дополнувањата на законските одредби кои го регулираат стекнувањето на ова право.Имено, иако сите членови од неговото семејство имаат македонско државјанство, само тој од неговото раѓање во сопствениот дом мораше да биде пријавуван како странец и  со таков статус да го регулира својот престој. Пречка за неговиот прием секогаш претставуваше негативното мислење на поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање, па и на сегашната Агенција за национална безбедност, поврзано со безбедносниот аспект.

Веднаш по донесување на измените на Законот за државјанство во јули 2021 година, граѓанинот од страна на Народниот правобранител беше советуван да аплицира за утврдување, односно контстатирање на државјанство, со тоа што во Министерството за внатрешни работи дополнително ќе доставува докази дека во 1991 година тој живеел во Скопје, и поседувал валидна лична карта и патна исправа, издадени до тогашните надлежни институтции. На граѓанинот му беше објаснето дека во новата постапка не треба исполнување на условот поврзан со безбедносниот аспект.

Правото на граѓанинот конечно беше остварено во декември 2021 година, кога Министерството донесе Решение за негов прием во државјанството на Република Северна Македонија.

## ПРВЕНКА НА ГЕНЕРАЦИЈА ИНСТИТУЦИИТЕ НАМЕСТО ДА ЈА НАГРАДАТ СЕ ОБИДЕЛЕ ДА ЈА КАЗНАТ

Паричните средства доделени на ученичка како награда за одличниот успех во текот не средното образование и нејзиното прогласување за првенец на генерацијата, беше причина Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје да одлучи на нејзиниот татко инаку корисник на социјална помош, да му ја укине гарантираната минимална помош, сметајќи ја оваа еднократна награда како дополнителен извор на средства.

Народниот правобранител поаѓајќи од апсурдноста на овој случај веднаш се обрати до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со барање да ја уважи жалбата на ова семејство, со укажување дека ваквите случаи со примерни ученици треба да се наградуваат и мотивираат, а не да се казнуваат и да им се укинат правата кои им следуваат со Устав и закони. Народниот првобранител укажа дека од оваа парична награда не се подобрува социјалниот статус на семејството.

Откога втроростепениот орган ја уважи жалбата на семејството на примерната ученичка, Народниот правобранител интервенираше и пред надлежниот центар, со истото укажување.

Интервенциите на Народниот правобранител резултираа позитивно, со тоа што на семејството на ученичката му беше продолжено правото на гарантирана минимална помош.

## ПОЛИЦИЈАТА НЕЕФИКАСНА ВО ОТКРИВАЊЕ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА КРАЖБИ

Во овој извештаен период, Народниот правобранител евидентираше зголемување на бројот на претставките кои се однесуваат на нерасветлени кражби, односно неоткривање на сторителите на кражби, особено во реонот на град Скопје.

Во постапка на испитување на наводите на граѓаните за нерасветлени кражби по домовите и кражби со насилничко однесување за одземање на предмети од граѓаните (паричници, накит, телефони, и друго), Народниот правобранител утврди неефикасност и неуспешност на полицијата во расветлување и откривање на сторителите на овие тешки кривични дела.

Според податоците добиени од Единица за внатрешни работи Центар и Бит Пазар, во ова подрачје, во текот на 2021 година биле евидентирани 119 пријави кои се однесуваат само на тешките кражби извршени на дрзок начин, од кои биле расчистени само 16, додека 103 кривични дела од ваков вид сè уште не се расветлени.

Овие бројки сами по себе зборуваат за ниска ефикасност на полицијата кон откривање на сторителите на кражби во реонот на главниот град.

## СЕМЕЈСТВА НА КОИ ИМ ИЗГОРЕА БАРАКИТЕ ВО ГОСТИВАР, СÈ УШТЕ БЕЗ СООДВЕТНО СМЕСТУВАЊЕ

По објавувањето на веста во средствата за јавно информирање дека во Гостивар, на ул. „Илинденска", во ноември 2021 година, изгореле неколку импровизирани бараки (живеалишта) на ромски семејства, Народниот правобранител, раководејќи се од фактот дека случајот се однесува на правата на поголема група на граѓани, по сопствена иницијатива отвори постапка. Веднаш по настанот, Народниот правобранител се обрати до Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гостивар и Министерството за труд и социјална политика со барање преземање на неодложни мерки за сместување на семејствата кои останале без никаков покрив над главата.

По оваа интервенција на Народниот правобранител, надлежните органи одговорија дека на семејствата на кои им изгореа бараките во пожарот, меѓу другото од страна на Центарот за социјална работа Гостивар во соработка со Црвен крст Гостивар, обезбедена им е првична помош во однос на облека и храна, како и дека смејствата се сместени во приватни објекти, за кои првично киријата ја платила општина Гостивар, а после тоа киријата ја платила невладина организација.

Горенаведеното решение Народниот правобранител го оцени како привремено, кое не нуди остварување на соодветно и трајно решение на правото на домување на лицата кои ги изгубиле своите импровизирани живеалишта. Народниот правобранител и понатаму ќе го следи проблемот на оваа група граѓани.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА – РЕФОРМА КОЈА ПРЕДИЗВИКА НЕЗАДОВОЛСТВО И РЕАКЦИИ КАЈ ГОЛЕМ БРОЈ РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЦИ, ЗДРУЖЕНИЈА

Реформите во образовниот процес голем број на ученици од четврто одделение ги оставија без основното помагало за учење-учебникот.

Нивните родители, претставници на Советот на родители, здруженија на граѓани, како и наставници кои изведуваат настава во четврто одделение во претставките кои ги доставуваа во име на цели паралелки, укажуваа на нееднаков третман и дискриминација на децата поради необезбедени печатени учебници и технички уреди од страна на Министерството за образование и наука.

Народниот правобранител во септември реализираше истражување со кое беа опфатени сите општински основни училишта во државата, а добиените податоци укажуваат на тоа дека во училиштата на ниво на општина, односно на ниво на регион Концепцијата за основно образование не се применува на ист начин. Имено, скоро во сите региони бројот на добиени печатени учебници е значајно помал од вкупниот број на ученици во четврто одделение, при што во повеќето училишта ¾ од вкупниот број на ученици во четврто одделение немаат добиено печатени комплети учебници. Исто така, значително е помал бројот и на обезбедени технички уреди во однос на побарани уреди од страна на училиштата, што значи дека најголемиот број ученици во четврто одделение користат уред кој им е обезбеден од родителот/старателот.

## ГОЛЕМ БРОЈ УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ГО ЗАВРШИЈА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА БЕЗ ОБЕЗБЕДЕНА ПОМОШ И ПОДДРШКА ОД ОБРАЗОВНИ И ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ

Поплаките и претставките добиени од родители на деца со попреченост кои учат во општинските основни училишта укажуваа на фактот дека недостасуваат образовни и лични асистенти за учениците со попреченост кои учат во општинските основни училишта. Народниот правобранител констатира дека заклучно со октомври 2021 година, на вкупно 266 барања за образовни асистенти не е позитивно одговорено, додека од вкупно 26 поднесени барања за лични асистенти обезбедени се само 9, а најчеста причина за необезбедување на овој тип асистенција е немање слободни сертифицирани лични асистенти.

Бројот на образовни и лични асистенти кои им се потребни на децата со попреченост како поддршка во учењето, тековно ќе се зголемува, паралелно со спроведувањето на функционалните проценки кај децата кои ги реализираат Стручните тела за проценка по МКФ (Меѓународна класификација на функционалност), како и согласно индивидуалните потреби на децата.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ УКАЖА ДА СЕ УСОГЛАСАТ ПРОТОКОЛИТЕ ЗА НАСТАВА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Пандемијата услови учениците во учебната 2021/22 година задолжително при спроведувањето на наставата да носат заштитни маски, што, пак, за децата со попреченост претставуваше голем проблем. Кај овие ученици носењето на лична заштита на лицето во подолг временски период предизвикува вознемиреност, нелагодност и неможност за фокусирано следење на часовите. Ова, индиректно значеше дека на некои деца со попреченост им беше оневозможено непречено следење на наставата.

Народниот правобранител во врска со наведеното, достави Укажување до Владата на РСМ, Министерство за образование и наука и Министерство за здравство, во кое укажа дека потребно е Протоколите да се усогласат со Законот за заштита на населението од заразни болести, во кој децата со попреченост беа изземени од оваа обврска.

По барање на Народниот правобранител Владата донесе измени и дополнувања на Протоколите со заклучок дека децата со попреченост, кај кои носењето на лична заштита на лицето при реализацијата на воспитно-образовниот процес би било проблематично или контраиндицирано, се ослободени од обврската за задолжително носење маска.

## ДЕЦАТА ОД ШУТО ОРИЗАРИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА ОСТАНАА БЕЗ ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

Во време на пандемија, поради заминување на педијаторот во пензија голем број деца од општина Шуто Оризари останаа без избран/матичен лекар во општината во која живеат, што претставуваше потенцијална опасност од појава на несакани последици врз нивната општа здравствена состојба. Поради немање избор, родителите беа приморани да им обезбедат матичен лекар на своите деца во други општини, што е неприфатливо решение за секого, првенствено од финансиски аспект, имајќи предвид дека голем број семејства од оваа општина се во социјален ризик, како и поради фактот што во голем број случаи на потреба од лекарски преглед, потребен е брз и олеснет пристап до избраниот матичен лекар/педијатар.

По интервенциите на Народниот правобранител проблемот се реши, но дури во средината на ноември, кога во амбулантата во Шуто Оризари започна со работа нова ординација по општа медицина, во која граѓаните, вклучитено и децата од оваа општина имаа можност да изберат матичен лекар и непречено да го остварат правото на здравствена заштита.

## ЗАЧЕСТЕНИ СЛУЧАИ НА БЕГСТВО НА ДЕЦА ОД МАЛ ГРУПЕН ДОМ И ВОНБРАЧЕН ЖИВОТ НА ДЕЦА СО ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Народниот правобранител, продолжи да ја следи состојбата со децата сместени во малите групни домови на ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение Скопје, при што констатираше дека и понатаму има случаи на бегства на децата.

Дополнително се стекна со сознание дека две малолетнички сместени во овие домови стапиле во вонбрачен живот со полнолетни лица, поради што се обрати до Министерство за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи укажувајќи да се преземат натамошни мерки и дејствија, за поведување на постапка за утврдување на фактичката состојба и евентуално санкционирање. И за двата случаи органите постапија по укажувањето на Народниот правобранител, односно поднесени се кривични пријави за вонбрачен живот со малолетно лице.

Наведеното, како и случајот со сместување на дете кое не наврשило 14 години-сторител на тешко кривично дело во Мал групен дом, укажува дека за ефикасна и ефективна ресоцијализација и реинтеграција на овие деца потребна е континуирана професионална работа од страна на мултидисциплинарен тим, целосно вклучување на службено назначените старатели во третманот, но и обезбедување услови за постапување и заштита на најдобриот интерес на децата.

## ОКОЛУ 400 ДЕЦА ЧЕКААТ УПИС ВО МАТИЧНАТА КНИГА НА РОДЕНИ, А НЕ Е ПОЗНАТ БРОЈОТ НА ВО МЕЃУВРЕМЕ РОДЕНИТЕ ДЕЦА КОИ СЕ БЕЗ ИЗВОДИ НА РОДЕНИ

Ова го утврди Народниот правобранител по спроведеното истражување во април, со кое се констатираше дека 60% од лицата без документи се неевидентирани деца, на возраст под 18 години. Дополнително загрижува податокот дека Управата за водење на матични книги нема информација за бројот на деца кои се родени по завршувањето на јавниот повик, а кои не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон (со оглед дека и оваа категорија е опфатена во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени).

Според Народниот правобранител ресорните министерства за правда и труд и социјална политика, во координација со Управата за водење на матични книги, треба итно да изнајдат трајно, системско решение за овој повеќегодишен проблем со „правно невидливите" деца, со оглед дека и Законот за неевидентирани лица не им го овозможи уживањето на правата што е спротивно на Конвенцијата за правата на детето.

## ДАЛИ ДОЛГООЧЕКУВАНИОТ ПОПИС ЌЕ ДАДЕ РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДРЖАВАТА?

Долгоочекуваниот Пописот кој се реализираше оваа извештајна година беше одлична можност да се надмине проблемот со немање релевантни статистички податоци за бројот на лица со попреченост на кој се посочува долги години наназад. Немањето на расчленети податоци, по состојба на попреченост, возраст, пол, род, етничка припадност, вера, религија, итн., негативно се одразува во однос на креирањето на соодветни политики и алоцирање на соодветни буџети за имплементација на политиките.

Народниот правобранител, заедно со граѓанските организации кои се дел од независниот мониторинг механизам, достави Мислење до Државниот завод за статистика, во кое беа нотирани забелешки по однос на прашањата од Пописните листи кои се однесуваа на лицата со попреченост, со цел нивно менување. При тоа, посочи на користење на сетот прашања од Вашингтонската група што е согласно со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и стандардите на Обединетите нации.

И покрај интервенциите, методологијата за спроведување на пописот, односно пописните прашања, не беа променети. Во одговорот добиен од Државниот завод за статистика беше наведено дека со Пописот ќе бидат прибрани сет на податоци кои се однесуваат на овие лица, односно ќе се креираат бази на податоци кои во иднина би послужиле за конкретни насочени примерочни статистички истражувања, а за кои ќе бидат сериозно земени предвид мислењата и ставовите на граѓанските организации во однос на подготовка на прашањата, како и дека претставници на овие организации ќе бидат дел од тимовите кои теренски ќе ги спроведат истражувањата.

## ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ НЕ БЕА ОПФАТЕНИ ВО ПРИОРИТЕТНИТЕ ГРУПИ ЗА ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ КОВИД

Народниот правобранител следејќи го остварувањето на правото на здравствена заштита на лицата со попреченост во услови на пандемија, со фокус кон мерките и плановите на здравствените авторитети за вакцинација против Ковид-19 му препорача на Министерството за здравство да ги вклучи лицата со попреченост и даватели на услуги за поддршка на овие лица во приоритетните групи за вакцинација, укажувајќи дека овие лица се меѓу најранливите граѓани кои се во сериозен ризик од заболување со вирусот кој може да предизвика сериозни последици врз нивното здравје. Исто така, укажа на потребата од обезбедување на пристапни места за вакцинација, вклучително и пристапен формат на информациите кои се споделуваат во јавноста, а кои се однесуваат на важноста од вакцинирањето, како и обезбедувањето на информирана согласност од страна на лицата со попреченост во однос на изборот за вакцинирање.

Министерството за здравство не одговори и по неколкуте интервенции на Народниот правобранител, па лицата со попреченост исто како и другите граѓани, добија можност за вакцинација кога во јули беше отпочната масовната вакцинација.

## АДВОКАТ ДВЕ ГОДИНИ НЕ МОЖЕ ДА ЗАМИНЕ ВО ПЕНЗИЈА – ПРИЧИНА, ТАКСАТА ЈА ПЛАТИЛ КАКО ФИЗИЧКО ЛИЦЕ, НЕ КАКО АДВОКАТ

На адвокат кој сака да оствари право на пензија, Адвокатската комора скоро две години му го ускратува остварувањето на тоа право бидејќи ниту донесува решение за негово бришење од Именикот на адвокатите, ниту носи негативно решение.

Адвокатската комора како образложение за таквиот начин на постапување ја наведува околноста дека таксата за бришење била уплатена од адвокатот, но како физичко лице, а не како адвокат и воедно го условува да ја плати и повеќе годишната членарина.

Иронијата да биде поголема Адвокатската комора со ваквото однесување не ја почитува ниту одлуката на Уставниот суд донесена во 2014 година, а во која е изнесено правно мислење дека е должна да го прифати барањето за престанок или мирување на адвокатската дејност, односно дека не може да го условува со плаќање на членарината, од причина што со тоа се доведува во прашање уставно гарантираното право на работа и слободен избор на вработување утврдено во член 32 од Уставот.

Притоа, по интервенцијата на Народниот правобранител на подносителот на претставка без условување да му го издаде бараното решение, Комората надвор од сите општо познати правни стандарди и уставни начела за владеење на правото, како и спротивно на сите правни норми за нејзино формирање и дејност, наведува дека „нема јавни овластувања и ја спори надлежности на Народниот правобранител да постапува и презема дејства по претставки поднесени против Адвокатската комора".

## ВЛАДАТА ВО ДАВАЊЕТО ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА НЕКОГО МАЈКА, А ЗА НЕКОГО МАЌЕА

Народниот правобранител повторно констатира дискриминирачки однос на Владата кон ученици, редовни студенти, здравствени работници, граѓани кои спаѓаат во категоријата „лица со низок доход" или пензионери, со месечен износ на пензија, не повисок од 15 илјади денари. Тие без каква било вина иако ги исполнуваа сите услови согласно соодветните Уредба и Законот за добивање на финансиска поддршка, поради бирократските пропусти на службите не ги добија парите.

Одговорот на укажувањето на Народниот правобранител, не само што беше доставен дури по два месеци, туку беше напишан со флоскулата - „дека со укажувањето биле запознаени заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресурси и инвестиции, Министерството за здравство, Управата за јавни приходи и другите засегнати органи/институции, со цел соодветно да постапат и дополнително, да го информираат Народниот правобранител".

Ниту од еден од гореневедените органи до Народниот правобранител не е доставено какво било известување, а она што уште повеќе загрижува е фактот што Владата на седница не го разгледа ниту дополнително доставениот Посебен извештај за овој случај иако според Законот за народниот правобранител е обврзана тоа да го стори.

## НОТАРОТ ВО ПЕНЗИЈА, ПРАШАЊЕ ДО СУДОТ, ШТО СО ПРЕДМЕТИТЕ?

Постапувајќи по претставка од граѓанин Народниот правобранител констатира пасивност и отсуство на одговорност за извршување на со закон дадените функции, овластувања и надлежности од органи и поединци со јавни овластувања од кои тоа не се очекува.

Имено, граѓанин од Скопје барајќи препис од полномошно кое го заверил кај нотар, добил одговор дека тоа нема да може да го добие, од причина што архивата на нотарот, кој во меѓувреме заминал во пензија (во 2015 година), му останала заклучена во канцеларијата каде што работел. Имено, нотарите од скопското судско подрачје се соочуват со проблем поради неможноста да ја вратат архивата до надлежниот суд (Основен граѓански суд Скопје) по нивното пензионирање. Согласно законските прописи, нотар, на кој му престанува службата по кој било основ, вклучувајќи и пензионирање, нема право лично да ја чува архивата, туку таа обврска е на судот. Она што зачудува е фактот што Основниот граѓански суд во Скопје повеќе од 10 години не ја презел архивата на нотарите на коишто им престанала службата.

Со интервенција на Народниот правобранител пред судот и нотарот, граѓанинот го оствари своето право.

Прашањето, кога судот ќе постапи согласно законот и ќе ја преземе архивата од нотарот на кој му престанала службата, сè уште е отворено.

## НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК ДУРИ И ЗА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ КОИ ЗАКОНОТ ГИ ТРЕТИРА КАКО ИТНИ

Ова е констатирано од Народниот правобранител дејствувавјќи во својство на пријател на судит (amicus curiae), по предмети од работен однос пред основниот граѓански суд, поради што достави Мислење до судот за почитување на предвидениот рок од шест месеци за завршување на овие постапки, а за ваквата состојба го извести и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Одговорот од Судскиот совет дека после јуни 2022 година, поради недостаток на судии сериозно ќе се доведе во прашање нормалното функционирање на судовите, како и почитувањето на принципот за судење во разумен рок, алармира на потребата за итно распоредување на судии во Одделот за работни спорови, за да се превенираат штетните последици по граѓаните со оглед дека во голем број случаи станува збор за остварување на нивно право преку кое обезбедуваат основна егзистенција, ако се има предвид дека случаите се за враќање на работно место, дисциплински постапки со намалена плата и сл.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ УКАЖУВА НА ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА СОДРЖАНИ ВО СТАНДАРДНИТЕ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО НЕПРИДРУЖУВАНИ ДЕЦА-СТРАНЦИ

Постапувајќи по претставки за задржување на деца-странци без придружба, Народниот правобранител преку непосредни увиди во прифатно-транзитните центри „Винојуг" и „Табановце" констатира несоодветни услови за сместување на овие деца, ограничување на слободата на движење, непружање на соодветни психолошки услуги, како и необезбедување на преведувач/толкувач. Задржувањето на децата странци е и без соодветно законско решение за задржување, што е спротивно на Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца.

Народниот правобранител препорача да им се обезбеди сигурен правен статус на овие деца, за да можат да имаат пристап до основните права, согласно Конвенцијата за правата на детето, Европската конвенција за човекови права и бројните директиви на ЕУ, кои укажуваат на ранливоста на овие деца и обврската за заштита на нивниот најдобар интерес во постапувањето од страна на надлежните органи.

## РОДИТЕЛИТЕ ЗАДОЛЖЕНИ ДА ВРАТАТ СРЕДСТВА КАКО НЕОСНОВАНО ПРИМЕНИ, А ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЦЕНТРИТЕ КОИ ИМ ГО ПРИЗНАЛЕ ТОА ПРАВО НЕ СЕ САНКЦИОНИРААТ

Во извештајната година, како и во претходните, Народниот правобранител нотираше случаи кога на родителот (мајката) и се признава право за исплата на средства за родителски додаток за дете, за по извесно време, на истите, кога ќе поднесат барање за продолжување на ова право, Центарот за социјална работа со решение да им го ускратува, со образложение дека родителот не исполнува некој од предвидените законски услови.Во ваквите случаи се оди дури и дотаму што родителот се задолжува да ги врати примените средства за детето.

За Народниот правобранител, неправично е граѓанинот да биде задолжен со обврска за враќање на доделените средства, а лицето кое го направило пропустот (кое било задолжено правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба) да не сносни никаква одговорност за направениот превид.

## ПОЛОВИНА ОД ЗАТВОРИТЕ БЕЗ ЛЕКАРИ

Проблемот со здравствената заштита на осудените/притворените лица ниту со новата реформа никако да се реши, од причина што речиси половина од установите каде се сместуваат овие лица сè уште немаат на располагање лекар. Дел од овие установи со цел да го премостат овој проблем, самите ангажираат лекари, сè со цел да не ги остават осудениците  без примарна здравствена заштита.

## АПСУРД НА МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО

Во еден од позвучните случаи на македонското судство, кој се води од 2007 година, за еден од обвинетите била ставена и привремена мерка - забрана на располагање со неговиот недвижен имот.

Поради смрт на обвинетиот, од Основниот кривичен суд Скопје, во текот на 2020 година, донесено е решение за запирање на постапката и за бришење на воспоставената привремена мерка. Но, и покрај таквата состојба, судот не презема дејства по барањето на сопругата на обвинетиот, да достави налог до катастарот за бришење на оваа мерка.

Имено, судот го условува остварувањето на правото на подносителката на претставката со правосилното завршување на целокупната постапка по предметот, во кој пак има повеќе од 50 обвинети и прашање е кога истата правосилно ќе заврши.

Народниот правобранител смета дека постапувањето на судот е сосема нецелисходно и на штета на легитимните права и имотно-правни интереси на подносителката на претставка бидејќи по ниту еден основ не може да се оспори околноста дека предметната пресуда/решение е правосилна во делот што се однесува на запирање на постапката против обвинетиот кој починал и бришењето на привремената мерка на неговиот имот.

Токму затоа, претставката заедно со предметната документација ја достави на натамошна надлежност до Судскиот совет на Република Северна Македонија кој треба да испита дали во случајов навистина треба да се чека да заврши процесот за сите 50 обвинети, па дури тогаш странката да може слободно да располага со имотот од нејзиниот сопруг.

## ПОРАДИ НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕОНИЗАЦИЈА КОНСТАТИРАНА Е ТЕНДЕНЦИЈА ЗА СЕГРЕГАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ ВО ОУ ВО ШТИП

По добиени сознанија од јавните медиуми за наводно постоење на сегрегација на Ромите во ООУ „Гоце Делчев" во Штип, Народниот правобранител отвори претставка по сопствена иницијатива. Првично беше побарано писмено известување од директорот на училиштето за состојбата во првите одделенија и текот на уписот во училиштето, а дополнително, поради сериозноста на проблемот и запознавање со состојбата во споменатото училиште остварен е непосреден увид во училиштето.

По преземените дејствија, Народниот правобранител упати Укажување за отстранување на констатираните повреди до Општина Штип, со јасни насоки за надминување на настанатата состојба, што беше прифатено од локалната самоуправа, односно Градоначалникот на Општина Штип одржал состанок со сите релевантни структури во општината и со директорите на сите основни училишта од општината, и беше донесен заклучок да се формира тим за изработка на Акциски план за надминување на проблемот.

## ГРИЖАТА ЗА РЕПРОДУКТИВНОТО ЗДРАВЈЕ НА ЖЕНИТЕ ОД ШУТО ОРИЗАРИ, ЗА ЖАЛ ТРАЕШЕ КРАТКО

За повеќегодишниот проблем со вработување на гинеколог и организираниот пристап до гинеколошките прегледи во амбулантата во Шуто Оризари, како и обезбедувањето на достапноста на здравствената заштита за жените во оваа општина Народниот правобранител постапуваше и во 2021 година, со оглед дека при крајот на 2020 г. од Министерството за здравство беше известен дека по спроведената постапка издадена е под закуп ординацијата и дека се води постапка за набавка и доопремување на истата.

Концесионерот по добивање дозвола за работа, започна со работа во мај, но веќе во декември истата година извести дека заминува во пензија, што укажува дека проблемот со обезбедување на гинеколог во Шуто Оризари повторно е актуелен.

## ПРЕЗЕМЕНИ СИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА 18. ЗАРАЗЕНИ ОСУДЕНИ ЛИЦА ОД КОВИД-19 ВО КПУ ЗАТВОР БИТОЛА

По добиена информација од медиумите за смртта на еден вработен и 16 заразени осудени лица со Ковид-19 во КПУ Затвор Битола, од страна на Народниот правобранител извршена е посета на Затворот заради согледување на состојбата со здравствениот третман, условите во кои ја поминуваат изолацијата и почитувањето на протоколите за заштита и спречување на ширењето на заразата со корона вирусот.

Констатирано е дека за сите заразени осудени лица известен е Центарот за јавно здравје во Битола и санитарниот инспекторат кој има издадено решенија за лекување и изолација на лицата, и истите беа сместени во неколку простории на полуотвореното одделение. Инаку, од вкупно 18 заразени осуденици само 6 не биле вакцинирани, иако во два наврати, еднаш во јули /2021 и втор пат во ноември /2021 година за сите осудени лица имаше отворена понуда за вакцинирање кога самите ќе одлучат.

Во периодот на изолација и лекување на осудените лица, од страна на управата на Затворот и затворскиот лекар во континуитет се преземаа потребните мерки (редовно мерење на температурата неколку пати во текот на денот, обезбедени апарати за мерење на сатурацијата, витамински терапии во таблети (Витамин Ц и Витамин Д) и друга потребна терапија, збогатена исхрана со овошје). Исто така, хигиената во установата беше зголемена на највисоко ниво, и постојано се обезбедуваа средства за дезинфекција на раце и маски, а од страна на Центарот за јавно здравје, на секои два дена се вршеше дезинфекција на просториите во затворот.

Покрај наведеното, заразените лица во посебен термин наменет само за нив се носеа на прошетка во затворскиот двор, а им беше обезбедена и комуникација со семејството и блиските роднини преку мобилни телефони.

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Народниот правобранител утврди дека КПУ Затвор Битола ги презеде сите мерки и дејствија за пружање на максимална здравствена нега и заштита на заразените осудени лица, како и преземени се превентивни мерки од највисоко ниво со цел да се спречи ескалација на заразата во установата, секако притоа во целост почитувајќи ги протоколите дадени од Министерството за здравство на РСМ.

# ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

## ПРАВОСУДСТВО

Оваа извештајна година, во областа правосудство до Народниот правобранител се поднесени 436 претставки, преку кои граѓаните и сите други лица побараа заштита на своите права и споредбено со претходната извештајна година, кога беа поднесени 406 претставки, се бележи зголемување на нивниот број. Генерално, на ниво на Институција, претставките од оваа област и понатаму остануваат најбројни.

Преку анализа на содржината на претставките и предметното постапување, се констатира дека граѓаните во најголем дел, во оваа област бараат заштита на своите права во контекст на првостепени и второстепени кривични и граѓански постапки, постапки пред управните судови, како и за постапките кои ги водат пред лицата со јавни овластувања - адвокати и нотари.

Следствено на тоа, а во поглед на работата на судската власт граѓаните од Народниот правобранител најчесто бараа интервенција во насока на добивање на информации кои истите не можеле да ги прибават од судовите, како што се, во која фаза се наоѓа постапката, број под кој е заведен судскиот предмет, дали е извршена експедиција на списи помеѓу судови, за непочитување на принципот за судење во разумен рок и слично.

Инаку и натаму останува голем бројот на поднесени претставки кои се однесуваат за веќе завршени судски постапки каде се бара да се изврши промена на судска одлука и се укажува на незаконско работење на конкретни судии.

Народниот правобранител во врска со претставките за прибирање на информации навремено постапуваше и во најголем дел од предметите со ваква содржина помогна подносителите да ги остварат своите права.

Во поглед на неоправданото одолжување на постапките и непочитувањето на принципот за судење во разумен рок, Народниот правобранител констатира голем број на повреди од Основниот граѓански суд Скопје, посебно во споровите од работен однос. За отстранување на констатираните повреди, Народниот правобранител даде неколку препораки и укажувања за начинот на нивно отстранување, односно ја истакна потребата Судот без какви било формални изговори да го почитува начелото за судење во разумен рок и носење одлуки во законски определениот рок.

По вака констатираната состојба и преземени дејствија од страна на Народниот правобранител, Основниот граѓански суд Скопје, воопшто не преземаше дејства за промена во динамиката на водењето на предметот/ите туку повторно доставуваше формални одговори во кои е дадено објаснување што е преземено во текот на постапката и дека причини за одолжување на постапките, се големиот број на предмети.

Народниот правобранител за претставките во кои се бараше промена на судски одлуки и се посочуваше дека одредени судии работат нестручно и несовесно, укажуваше дека не е надлежен да постапува по ваквите наводи и на подносителите, меѓу другото, им беше даван правен совет понатамошна заштита на своите права, да побараат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија, како орган надлежен да утврдува нестручно и несовесно работење на судиите.

Значителен дел од претставките од оваа област, се однесуваа и за работата на управните судови, при што иако е донесен и е на сила новиот Закон за управни спорови, граѓаните и натаму се жалат на истите проблеми, односно предолгото траење на овие постапки, неодржување на јавни расправи и недонесувањето на мериторни одлуки.

Врз основа на предметното постапување, Народниот правобранител констатира дека одолжувањето на овие постапки е поради немањето на соодветна комуникација меѓу државните органи и игнорантскиот однос кон барањата на Управниот суд за доставување на списи, поради и што постапките се долготрајни и се предизвикува незадоволство кај граѓаните.

Во овој сегмент, воопшто не е спорно дека доставата и експедирањето на пресудите и решенијата до странките и до Вишиот управен суд кога одлучува по жалба на одлука на Управниот суд, се врши со задоцнување понекогаш и од неколку месеци.

Управниот суд дури и по барањата на Народниот правобранител, не доставува навремени одговори, а истите не ги содржат ниту бараните информации или се од формална природа. Токму затоа, Народниот правобранител е принуден да презема дејствија со кои на Управниот суд му се укажува на неопходната потреба од почитувањето на надлежностите на Народниот правобранител, кои придонесуваат, односно исклучиво се во насока за заштитата на уставните и законските права на граѓаните и сите други лица, вклучително и пред овој суд.

Народниот правобранител констатираше повреди и при постапувањето на носителите на јавни овластувања, односно во постапка на издавање препис на документ заверен кај нотар на кого му престанала службата поради исполнување на условите за старосна пензија. Имено, нотарот кој е поставен привремено да ја врши службата, одбиваше да издаде препис поради непристапност во архивите на нотарот кој е во пензија. Во оваа постапка, се констатира како граѓаните во пракса тешко и со многу проблеми може да стигнат до остварување на правото кога системот воспоставен со закон, воопшто не може соодветно да профункционира. Конкретно, согласно Законот за нотаријатот, архивата на нотарот кој повеќе не извршува дејност треба да биде предадена во судот, кој пак во овој случај, не ја презел со банално објаснување дека има недостаток на простор за нејзино чување.

По констатирањето на ваквата повреда Народниот правобранител презеде дејствија пред надлежниот суд и пред нотарот кој е поставен привремено да ја врши службата, по што го обезбеди бараниот препис и подносителот со ваквото дејствување го отствари своето право, но, по повеќе од една година од денот на поднесувањето на барањето.

Што се однесува на работењето на носителите на јавни овластувања адвокати, Народниот правобранител констатира дека Адвокатската комора на Република Северна Македонија одговара на барања со задоцнување, поведуваат постапка по жалбите на подносителите, но од претставките кои се однесуваа на работата на адвокати, ниту еден адвокат не одговарал дисциплински, односно сите постапки се завршувале со отфрлање на барањето за утврдување дисциплинска одговорност на адвокат.

Општиот заклучок што произлегува од предметното постапување во областа на правосудството покажува дека соработката на судската власт, а особено на Основниот граѓански суд и Управниот суд, со Народниот правобранител сѐ уште не е на задоволително ниво.

За разлика од минатата извештајна година кога во голем број од поднесените претставки се укажуваше на одложување поради коронавирусот, оваа извештајна година тие предизвици се надминати и судовите со почитување на Ковид протоколите функционираа на задоволително ниво, со активно одржување на рочишта и незначителни одложувања заради оваа причина.

## Постапки пред Јавното обвинителство

Во извештајната 2021 година, до Народниот правобранител евидентирани се 71 претставка во областа обвинителство, број кој е повеќе од двојно зголемен споредбено со претходната година (32). Зголемувањето на бројот на претставки во оваа област, се должи на тоа што обвинителството согласно законските овластувања не е должен да ги известува граѓаните за текот и фазата на постапката, што од друга страна повлекува граѓаните да се жалат на работата на обвинителството и одолжување на постапката.

На работата на обвинителствата се жалат како и лица кои се подносители на кривични пријави, така и лица кои имаат својство на осомничени во постапката, а претставките се однесуваат на одолжување на постапката по поднесена кривична пријава, недонесување на јавно-обвинителска одлука, неизвестување на странките за начинот на постапувањето и текот на постапката, непреземање на потребните истражни дејствија согласно Законот за кривичната постапка, недозволување увид во списите и запознавање со доказите на случајот и слично.

Ако во 2020 година Народниот правобранител констатираше подобрена комуникација на обвинителството, во однос на доставување навремени и суштествени одговори на барањата на Народниот правобранител, за 2021 година ситуацијата е сосема спротивна. Ова се однесува на Основното јавно обвинителство Скопје и Вишото јавно обвинителство Скопје кои во поголемиот број на случаи ненавремено постапуваат, доставувавјќи нецелосни одговори, па за да ги добие потребните известувања Народниот правобранител беше приморан во сите случаи да поднесува Ургенции.

Наведеното не е констатирано за обвинителствата од другите градови кои секогаш постапуваат навремено по поднесените барања и одговорите од истите се суштествени и детално образложени.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија воопшто не одговара на барањата на Народниот правобранител и во неколку предмети дури откако била поднесена повторна ургенција е доставен формален одговор, кој воопшто не соодветствува со информациите кои биле побарани да се достават.

Во извештајната година се постапуваше по претставка за ненавремено постапување на обвинителството во постапка за прекин и продолжување на прекин за издржување казна затвор. При преземање на дејствија и мерки пред надлежниот суд Народниот правобранител утврди дека причината поради која судот не донел одлука е тоа што обвинителството не доставило мислење до судот. Обвинителството во овој случај, не го зема предвид фактот дека според Законот за извршување санкции оваа постапка е итна и одлука треба да се донесе во најкус можен рок.

Недонесување на јавнообвинителска одлука е проблем со кој се соочуваа граѓаните во изминатиот период. Народниот правобранител постапуваше по поднесени претставки на граѓани каде се соочи со фактот дека пред обвинителството се води предистражна постапка која е почната во 2001 година, за која постапка обвинителството сѐ уште нема

донесено јавнообвинителска одлука. Во друг случај, Народниот правобранител утврди дека предистражна постапка е започната во 2019 година и не е завршена со јавнообвинителска одлука, а една од причините за тоа е предавање во надлежност на друго обвинителство. Ова, влијае за сериозно стравување на граѓаните за застарување на кривичното гонење, за што како сериозен проблем Народниот правобранител алармира секоја година.

Во постапка каде од страна на граѓанин е дадена иницијатива за Барање за заштита на законитоста до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија која е поднесена во јули 2021 година, подносителот до крајот на 2021 година сѐ уште не добил известување дали е прифатена или не иницијативата за поднесување на барање за заштита на законитоста. Народниот правобранител се обрати до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија со Барање за информации и објаснување во врска со наводите во претставката, но нема добиено одговор.

Народниот правобранител посочува дека Обвинителството треба да има предвид дека со ненавременото постапување и непреземање дејствија и мерки се предизвикува штета на граѓаните и се попречуваат во остварување на нивните права. Исто така, подносителите на кривични пријави не можат да добијат информација од обвинителството за тоа во која фаза се наоѓаат постапките по нивните пријави што влијае за довербата во институцијата. Овој проблем беше констатиран и во изминатите години, но нема подобрување во пристапноста до обвинителите.

## Постапки пред извршители

За работата на извршителите, оваа извештајна година, до Народниот правобранител се поднесени 149 претставки што се однесуваат на работата на извршителите, што е за 23,6 % помалку, споредбено со минатата година, кога бројот на претставки изнесуваше 195.

Од вкупниот број поднесени претставки, 99 се однесуваа на наводи за неправилности во постапките на извршување во кои граѓаните побараа интервенција во однос на неуредната достава, висината на наградите, извршните трошоци и пресметаните камати за задоцнета исплата на долговите, како и барања за наплата на долговите со други средства на извршување. Натаму, 22 претставки се однесуваа на барања за одблокирање на трансакциски сметки, во 10 случаи побарана е помош поради непринменување на предвидените ограничување на извршување, а останатите претставки се однесуваа на одолжување на постапките на извршување. Според оцена на Народниот правобранител, намалениот бројот претставки во однос на минатите години, се должи на фактот што граѓаните-должници кои најчесто доставуваат претставки до Народниот правобранител, подобро се информирани за содржината на Законот за извршување и за обврската дека долговите утврдени во извршните исправи мора да бидат наплатени. Кон намалување на бројот на претставките влијаеше и тоа што Законот за извршување во изминатите години, неколкупати беше изменет и дополнуван, со што беше проширена и допрецизирана листата на лица и примањата кои се изземени од извршување, како што се, лицата примателите на просечна плата и пензија, а за кои максималната вредност на задржувањето се намали на 1/5 од нивната плата или пензија.

Воедно, со измените на Законот за извршување се предвидоа низа олеснувања во однос на деблокирањето на трансакциските сметки на лицата-должници кои остваруваат средства што се изземени од извршување, односно чие извршување е ограничено, како и измени во делот на висината на наградите и надоместоците за работата на извршителите.

Од анализата на предметното работење, констатација на Народниот правобранител е дека извршителите во основа постапуваат согласно одредбите од Законот за извршување и дека во најголем број случаи не сториле неправилности во постапката на извршување.

Во таа смисла, Народниот правобранител утврди дека најчесто доставата на

налозите за извршување е извршена навремено, дека извршните трошоци и наградите на извршителите се пресметани согласно тарифата и дека должниците често погрешно сметале дека со исплата на главниот долг завршува постапката, неземајќи ги предвид каматите, судските и другите трошоци на постапката.

Народниот правобранител, исто така, констатира дека во одредени случаи граѓаните не реагираат кога ќе им се достави налогот за извршување, туку бараат интервенција откако ќе им бидат блокирани трансакциската сметка и откако ќе измине рокот за поднесување приговор до надлежниот суд. Во случаите пак, кога Народниот правобранител по спроведената постапка утврди повреда на правата, достави писмени барања и укажувања, кои во најголем број случаи се прифатени од извршителите.

За одбележување е дека проблемот што Народниот правобранител го презентира во минатогодишниот извештај за долготрајноста на постапката за трајно одземање на правото на вршење должност за еден извршител, што ја спроведуваше Комората на извршители на Република Северна Македонија, конечно е надминат бидејќи Министерството за правда во меѓувреме именуваше нов извршител кај кого беа прераспределени извршните предмети.

Во однос на висината на наградите и надоместоците на трошоците за работа на извршителите, Народниот правобранител останува на констатацијата дека и покрај измените на Законот за извршување и Тарифата за награда за работата на извршителите со кои беше предвидено нивно намалување, овие износи и натаму се високи. Следствено треба да се истакне дека продолжува праксата на некои извршители за намерно зголемување на трошоците на извршување и каматите, со непреземање извршни дејства за наплата на побарувањата, по издавање на налозите за извршување.

Имено, од предметното работење произлегува дека има случаи кога извршните дејствија за наплата на побарувањата се преземаат дури и неколку години по издавање на налогот за извршувања, така што за тој период се зголемуваат и каматите и трошоците за извршување, што во крајна линија претставува дополнително парично оптоварување за должникот во постапката. Во овие случаи, на подносителите им е укажано дека заштита на нивните права, покрај до Народниот правобранител треба да побараат и пред надлежните судови. Ова, со оглед на тоа што работата на извршителите е подложна на контрола од нивна страна, на начин и во постапка определена во соодветните одредби од Законот за извршувањето и единствено судот ги утврдува сторените незаконитости и ги става вон сила преземените извршни дејствија или пак, го утврдува пропуштањето за преземање на определено законско дејствие.

## Констатации

- *Во судските постапки од работен однос, не се почитува законски предвидениот рок од шест месеци за завршување на овие постапки и истите траат повеќе години, поради што и се повредува принципот за судење во разумен рок.*
- *Судовите немаат услови ниту доволно просторни капацитети за преземање и чување на архивираните предмети на нотарите кои повеќе не ја извршуваат дејноста.*

## Препораки

- *Судовите задолжително да ги почитуваат законски предвидените рокови кои се однесуваат за постапките од работен однос бидејќи станува збор за предмети каде што граѓаните остваруваат права за основна егзистенција, а доколку не располагаат со доволни човечки ресурси благовремено да се направат соодветни распределби на судии во одделот за работни односи.*

## Констатации

- *Основното јавно обвинителство Скопје не постапува по барањата на Народниот правобранител во дадениот рок и најчесто доставува ненавремени и нецелосни одговори. Воедно, ова јавно обвинителство, како и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија не донесуваат навремено јавнообвинителска одлука по пријавување на кривично-правен настан.*
- *Основното јавно обвинителство Скопје не дава навремено мислења до надлежен суд во постапки кога се бара прекин и продолжување на прекин подолго од 30 дена на осудени лица кои се на издржување на казна затвор во Казнено-поправни и Воспитно-поправни установи.*
- *Наградите и надоместоците на трошоците за работа на извршителите иако во 2018 година согласно извршените измени на Законот за извршување и Тарифата за награда за работата на извршителите беа намалени, и натаму се високи и претставуваат дополнително оптоварување за должниците во извршните постапки.*
- *Одредени извршители преземаат извршни дејствија за наплата на побарувањата неколку години по издавање на налогот за извршувања, така што за тој период за должникот, дополнително се зголемуваат каматите и трошоците за извршување*

## Препораки

- *Судовите да обезбедат услови и просторни капацитети за преземање, чување и водење соодветен регистер на архивираните предмети на нотарите кои повеќе не ја извршуваат дејноста.*
- *Основното јавно обвинителство Скопје да постапува навремено и да доставува суштествени и образложени одговори на барањата од Народниот правобранител. Исто така, ова ОЈО, како и ЈО на Република Северна Македонија да постапуваат поажурно и навремено да донесуваат одлуки, за да не дојде до застарување на гонење на сторителите на кривични дела.*
- *Надлежните основни јавни обвинителства да постапуваат итно, ефективно и навремено во постапки кога се бара прекин и продолжување на прекин подолго од 30 дена на осудени лица кои се на издржување на казна затвор во Казнено-поправни и воспитно поправните установи, за да судот во најкус можен рок донесе решение како што и налага Законот за извршување санкции.*
- *Дополнително намалување на наградите и надоместоците на трошоци за извршителите, со цел намалување на висината на износите со кои се задолжени граѓаните во постапките за извршување.*
- *Извршителите по издавањето на налозите за извршување, навремено да преземаат извршни дејствија за наплата на долговите, со што би се намалиле износите за наплата на име камати и трошоци на постапката.*

## ПРАВА НА ДЕТЕТО И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Народниот правобранител во февруари 2021, пред Комитетот на Обединетите нации за права на детето поднесе Алтернативен извештај во врска со состојбата на правата на детето во Република Северна Македонија со осврт на III, IV, V и VI извештај на државата, во кој беа презентирани констатации на Народниот правобранител за степенот на заштита и остварувањето на правата на децата, а кои произлегоа од постапувањето по претставките и согледувањето на состојбите со правата на детето гарантирани со Конвенцијата на ОН за правата на детето. Воедно, беа дадени препораки во насока кон нивно унапредување.

Претставниците на Народниот правобранител имаа можност за време на Сесијата пред членовите на Комитетот да ги презентираат главните наоди од повеќегодишното следење на состојбите со почитувањето на правата на децата, и да дискутираат за потребата од промени и преземање на мерки и дејствија од страна на државните органи, организациите со јавни овластувања, органите на локалната самоуправа и јавните установи и служби заради целосно почитување на правата гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Инаку, несомнено и оваа година пандемијата од Ковид-19 продолжи да влијае врз уживањето на правата на детето, квалитетот на живот, како и почитувањето на основните принципи на Конвенцијата за правата на детето, кои во центарот го ставаат детето, остварувањето на правата на подеднаква основа, со учество во донесувањето одлуки и водење грижа за животот, опстанокот и равојот на секое дете, и на неговиот најдобар интерес.

Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост при Народниот правобранител, имајќи ги предвид последиците на пандемијата, мерките и ограничувањата за спречување на ширење на вирусот Ковид 19, а со цел да биде поблиску до оваа ранлива категорија граѓани и да им овозможи полесен пристап до информации, помош и поддршка во пристапот до правата, како и можност за споделување на ставови, размислувања и согледувања за прашања кои ги интересираат, во соработка со Македонски телеком отвори бесплатна телефонска линија за деца и млади.

Во извештајната година бројот на претставките за повреда на правата на детето бележи значителен пораст, и изнесува 254, што е за 71,6% повеќе, во споредба со претходната година, кога вкупно беа поднесени 148 претставки.

Најголем број од барањата за заштита на правата се однесуваа на правото на образование (71), потоа следуваат поплаките за Заштита на најдобриот интерес на детето во областа на семејните права и право на семејна грижа, односно правото на детето да остварува непречени контакти со двајцата родители (70), правото на име државјанство и идентитет (29), заштита од насилство и несоодветно постапување кон детето (23), права и поддршка на деца со попреченост (9), заштита на деца бегалци (7), право на социјална заштита и животен стандард (6), право на здравствена заштита (5), заштита на права на деца во ризик и деца во судир со законот (7), заштита на права на деца бегалци (7). Покрај наведеното, се постапуваше по претставки за заштита на правото на детето на информирање, здружување и мирно собирање (6), заштита од дискриминација (4), или пак, преку претставка се бараше правен совет (3).

Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост, покрај предметното работење, следејќи ги состојбите со почитувањето на правата на детето, а поттикнат и од зачестените јавувања и барање совети и насоки како да постапат, во извештајната година спроведе истражување и изготви девет Посебни извештаи и Информации, со констатации и препораки, кои ги достави до надлежните Министерства.

Имено, во март го објави Посебниот извештај од спроведеното истражување за состојбата со семејното насилство, кој го опфаќа периодот 2019 и јануари-мај 2020 година,

потоа во мај го промовираше Посебниот извештај за состојбата со неевидентираните деца во матичната книга на родени по примена на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени. Понатаму, во август ги објави Информацијата за начинот на реализација на наставата во учебната 2020/21 година во основните училишта на територија на Република Северна Македонија, како и Посебниот извештај за искуствата, предизвиците и перцепциите на учениците и наставниците од средните училишта за наставата во учебната 2020/21 година, со фокус на оценувањето vs стекнатите знаења. Истиот месец објави Посебен извештај за состојбата со трансформацијата на посебните основни училишта и посебните паралелки во основни училишта во ресурсни центри и центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост. Во октомври го објави Посебниот извештај за запишани/незапишани деца во прво одделение, кое опфаќа анализа на две учебни години( 2019/20 и 2020/21), во ноември, на одбележување на светскиот ден на детето го промовираше Посебниот извештај за степенот на почитувањето и остварувањето на правото на децата за ученичко организирање и учество преку ученички паралемнт и ученички правобранител. Покрај ова, во декември го објави Посебниот извештај од спроведеното истражување за согледување на состојбата со начинот на реализација на наставата согласно Концепцијата за основно образование, во учебната 2021/22 година, како и Информацијата за состојбата со образовани и лични асистенти како поддршка во учењето на инклузираните ученици со попреченост во општинските основни училишта.

## Право на образование

Во врска со правото на образование на детето беа поднесени вкупно 71 претставка, кои се однесуваа за проблеми кои засегаат поголем број деца, што е за 50 повеќе од претходната година. Интервенција за заштита на правата бараа самите ученици, родители, граѓански организации, а беа отворени предмети и по сопствена иницијатива на Народниот правобранител.

Според основот на постапување најголем дел од претставките се однесуваа на условите за учење од далечина, проблемите во обезбедување наставни материјали, учебници итн., просторните и други материјални услови во училиште во време на пандемија, учеството на децата во донесување на одлуки, уписите во основно училиште, заштита од насилство и сл.

Имено, и оваа извештајна година имаше поплаки за начинот на реализирање на наставата со учење од далечина, со оглед дека наставата во второ полугодие во учебната 2020/2021 година, продолжи да се одвива на ист начин, освен за учениците до трето одделение во основно образование. Истражувањето на овој проблем  во сите основни училишта во РС Македонија, покажа дека во 52% од испитаните училишта има ученици кои не можеле да следат онлајн настава, или вкупно 3425 ученици, се соочиле со проблем при настава со учење од далечина. Следствено, Народниот правобранител препорача надлежните органи да ги преземат сите мерки и дејствија за непречено учество и следење на наставата на сите деца, создавање на потребни предуслови, односно обезбедување технички можности (опрема и интернет), зајакнување на капацитетот на образовниот систем во целина, како и почитување на предлозите/сугестиите за унапредување на наставата од далечина кои ги даваат самите училишта како директни носители на наставниот процес.

Покрај наведеното, се следеше остварувањето на правото на образование и на учениците-средношколци во услови на прогласена пандемија од Ковид-19, а за перцепциите на учениците и наставниците од средните училишта на територија на државата, во врска со начинот на реализација на наставата, во услови на пандемија, со фокус кон оценувањето и следењето на постигнувањата на учениците, беа организирани онлајн фокус групи. Врз основа на споделените ставови и мислења од учесниците во дискусиите, Народниот правобранител препорача ресорното министерство да ги преземе потребните мерки и дејствија за минимизирање, и по можност целосно отстранување на пречките за непречено

учество и следење на наставата на сите ученици, на подеднаква основа, укажувајќи сериозно да бидат земени предвид мислењата, ставовите и предлозите кои произлегуваат од самите ученици или нивните претставници, како и од нивните наставници.

Во врска со правото на образование група средношколци од повеќе средни училишта побараа интервенција поради повреда на правото на образование и правото да бидат сослушани од страна на органите, да го изразат своето мислење во однос на обврската за полагање на државна матура како заокружување на нивното четиригодишно образование. Истите укажаа на упатени закани и притисоци за повторување на учебната година или намалување на поведението, како и евдентирање на неоправдано отсуство за деновите во кои ја бојкотираат наставата.

Народниот правобранител, со цел заштита на правата на средношколците достави Препорака до Министерството за образование и наука, во која, презентирајќи ги проблемите и потешкотиите на средношколците во следењето на наставата во далечина, побара доследно почитување на принципот на најдобриот интерес на детето, правото на слободно мислење и слободно изразување на тоа мислење по сите прашања кои се однесуваат на детето, како и посветување на потребното внимание на мислењето на детето, потсетувајќи, при тоа на Конвенцијата за правата на детето, Европската конвенција за човекови права, како и Уставот на Република Северна Македонија. Интервенцијата беше прифатена, и доставено е известување дека е земено предвид мислењето на средношколците/матуранти, при што со партиципативно учество на претставници на учениците беше донесена одлука за начинот на полагање на државната матура.

Пред законски определениот рок за запишување на ученици во прво одделение, зачестени беа јавувањата и претставките во врска со уписите на децата во основно образование, меѓу кои имаше поплаки од родители, кои изразуваа незадоволство од неможноста за упис на нивните деца во основно образование поради нецелосен вакцинален статус. Од друга страна, за истиот проблем имаше обраќање и од страна на неколку училишта кои од Народниот правобранител бараа совет и насоки како да постапат во случаи кога родител/старател не ја доставува потребната документација, во врска со вакциналниот статус на детето.

Народниот правобранител до Министерство за образование и наука достави укажување, во кое изнесе став дека во ситуација во која не може да се оствари загарантираното право на образование треба да се има предвид уставната одредба согласно која секој има право на образование, истото треба да е достапно на секого под еднакви услови, како и дека основното образование е задолжително и бесплатно, а државата има обврска да преземе мерки за поттикнување на редовното посетување на училиштата и за намалување на испишувањето од училиштата, при што побара да се разгледа можноста за изнаоѓање на алтернативно/и решение/ја за опфаќање во задолжителното основно образование на децата, кои не се вакцинирани или имаат нецелосен вакцинален статус. Министерството извести дека учениците за кои се одлага вакцинирањето поради здравствени причини и за истото имаат соодветна лекарска документација, треба да бидат запишани на училиште, при што децата ќе можат да го комплетираат вакцинирањето согласно насоки од соодветни установи. Во овој контекст, се повика на мислењето на Уставниот суд  дека со редовната вакцинација не се штити само лицето кое се вакцинира туку се создава и колективен имунитет меѓу населението, односно се спречува циркулацијата на инфективните болести.

Инаку, во извештајната година, Народниот правобранител согледувајќи ја состојбата со незапишани деца во прво одделение во изминатите две учебни години (2019/20 и 2020/21), изготви Посебен извештај во кој ги презентираше одговорите добиени од 284 основни училишта (88% од вкупниот број 323), сите локални самоуправи, како и Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука.

Притоа, заради решавање/надминување на наведениот проблем, и созадавање услови за остварување на едно од најзначајните права на детето, препорача единиците на локалните самоуправи, согласно надлежностите да преземат мерки за анализа на

донесените Одлуки за реонизација врз основа на кои се врши уписот на деца во прво одделение заради согледување на ефектите и слабостите од истите, како и мерки за целосно и доследно придржување до постоечката реонизација. Исто така, препорача навремено ажурирање на списоците со адреси и податоци во Министерството за внатрешни работи, имајќи предвид дека причина за незапишување во прво одделение на најголем број од децата е иселување надвор од државата, или промена на местото на живеење. Следствено, препорача зајакнување на соработката помеѓу училиштата на ниво на оштините, како и на ниво на цела држава и воспоставување на мрежен систем за поголема и целосна информираност (следење на состојбата) во врска со незапишаните деца.

Според Народниот правобранител, потребни се и континуирани активности за информирање на родителите за законската обврска за вклучување на децата во образовниот процес, преку информативни кампањи, споделување информативни материјали, одржување на едукативни средби како и воведување и на електронско известување на родителите во врска со уписите во училиштата, потребната документација и процедури.

Во однос на децата од семејства во ризик, Народниот правобранител препорача единиците на локалната самоуправа заедно со претставници од Меѓуопштинските центри за социјална работа континуирано да ги следат состојбите на семејствата во ризик, преку директен увид/посета со цел едукација на родителите и запознавање со обврската за запишување на деца во образование, зголемување на бројот на образовни медијатори за учениците од ранливите групи, навремена детекција на децата кои не се запишани во прво одделение и активно вклучување на надлежните служби за брзо надминување на проблемот. Исто така, препорача решавање на проблемот со непотполниот (нецелосниот) вакцинален статус на децата на ниво на ресорните министерства за здравство и образование, и изнаоѓање на други (алтернативни) начини за образование на овие деца.

Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива со цел следење на мерките и активностите кои ги преземаат надлежните органи за остварување на правото на образование на учениците во услови на сè уште актуелна пандемија пред отпочнувањето на учебната 2021/22 година, која Министерството за образование и Владата одлучија да се реализира за сите ученици од основните и средните училишта во РСМ со физичко присуство. По анализата на Протоколите за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство, како и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта, Народниот правобранител укажа на Министерството за образование и наука на воочените недоследности и нелогичности во споменатите акти и даде соодветни препораки за надминување на истите. Во тој контекст, укажа на неможноста за целосно нивно почитување/спроведување и укажа на надлежното Министерството за потребата од континуирано мониторирање на епидемиолошката состојба, а во случај на влошување на истата брзо и флексибилно преминување кон други модели на настава.

Од страна на Министерството за образование и наука беше доставен допис по даденото Укажување, во кој известија дека на дневна основа ја следат епидемиолошката состојба во училиштата и дека доколку се забележи ширење на вирусот Ковид-19 во одредени региони или општини, Владата по препорака на Комисијата за заразни болести, може да донесе одлука наставата со физичко присуство да премине во настава од далечина, а дека уште од почетокот на учебната 2021/22 година им укажуваат на училиштата за нивна целосна подготвеност за преминување од еден во друг вид настава, како и за следење на дневната состојба во училиштата, бидејќи освен редовниот образовен процес, важен е и здравствениот аспект на сите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

По најавата на Министерството за образование и наука дека согласно новата Концепција за основно образование, класичните форми на учебници за учениците од прво и четврто одделение од учебната 2021/22 година ќе бидат заменети со дигитални материјали за учење, со тенденција постепено печатените верзии на учебници во сите одделенија на основното образование да бидат заменети со дигитални верзии, Народниот правобранител достави Препорака и укажа дека е неопходно претходно да се обезбедат

сите предуслови за ефикасна имплементација на оваа новина, за сите деца на еднаква основа.

Имено, Народниот правобранител ја поддржа и поздрави интенцијата за осовременување на основното образование, преку воведување на нови наставни планови и програми со Концепцијата за основно образование, при што го изнесе ставот дека осовременувањето на основното образование и воведување на реформи во насока на дигитализација на наставниот процес, мора да се заснова на добра проценка на реалните можности на самите училишта, нивните просторни, технички и технолошки капацитети и ресурси, со кои во моментот располагаат, како и за проценка на компетенциите на наставниот кадар во однос на степенот на развиеност на нивните дигитални вештини. Воедно, препорача непречено користење на учебникот како основно наставно средство во воспитно-образовниот процес, како и обезбедување учебници за сите ученици во четврто одделение, почитувајќи го правото на избор на детето, односно родителот/старателот.

Со почетокот на учебната 2021/2022 година, бројни беа реакциите на родители на деца од четврто одделение, членови на Совет на родители, како и од наставници кои изведуваат настава во четврто одделение, кои на различни начини (со поднесување претставка, јавување во канцеларијата на Народниот правобранител, како и јавно прозивање на институцијата преку медиумите и социјалните мрежи), бараа интервенција од Народниот правобранител укажувајќи на нееднаков третман и дискриминација на нивните деца, а поради необезбедени печатени учебници и технички уреди од страна на Министерството за образование и наука.

Народниот правобранител, тргнувајќи од основните принципи на Конвенцијата за правата на детето и правото на непречено и ефикасно образование, како и начелата од Законот за основно образование заради согледување на состојбата, спроведе истражување на ниво на сите општински основни училишта, кое беше реализирано во текот на септември. Од вкупно 350 училишта, одговор е доставен од 263 (75% од вкупниот број основни училишта), при што по анализа на добиените одговори се констатира дека Концепцијата за основно образование, која од учебната 2021/22 започна да се применува во прво и четврто одделение во основните училишта низ државата, не се реализира на унифициран начин. Од одговорите на училиштата произлегува дека постои разновидност во начинот на реализација на наставата, како помеѓу училишта на ниво на општина, така и на ниво на регион, како и неунифицираност во начинот на реализација на наставата (со користење на печатени учебници, односно дигитални материјали за учење).

Предвид ваквата состојба Народниот правобранител, меѓу другото препорача Министерството за образование и наука во соработка и координација со локалната самоуправа и училиштето да ги согледаат состојбите и условите за остварување на правото на непречено образование, и следствено да преземат мерки за обезбедување на потребните технички услови и опремување на училишните простории за реализирање на настава согласно Законот за основното образование и Концепцијата за основно образование, на подеднаква основа во сите училишта.

Според Народниот правобранител, потребно е во училиштата, во кои се користат дигитални верзии на материјали за учење, односно во кои наставата се реализира со дигитални уреди, училиштето во соработка со надлежното Министерство, како и локалната самоуправа, да му обезбеди на секој ученик технички уред, кој ученикот ќе може да го користи на училиште и во домот, со што ќе се осигура дека секое дете непречено ќе може да се образува согласно новиот начин, без да се бара, односно очекува од родителот/старателот да обезбеди уреди (телефон, лап топ и сл.) за своето дете.

Тргнувајќи од заложбите за постепено дигитализирање на наставниот процес, како и утврденото во актуелниот Закон за учебници во основно и средно образование, Народниот правобранител препорача непречено користење на учебникот како основно наставно средство во воспитнообразовниот процес, како и обезбедување учебници за сите ученици во четврто одделение, почитувајќи го правото на избор на детето, односно

родителот/старателот. Проблемот со необезбедени лични/образовани асистенти во наставата како поддршка на учениците со попреченост кои се инклузирани во општинските основни училишта, беше актуелен и оваа извештајна година. За овој проблем алармираа самите родители на деца со попреченост со поднесување на претставки, а и Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива за следење на состојбите со остварување на ова право. Во учебната 2020/21 година обезбедувањето на асистенти продолжи да се реализира проектно, а не согласно Законот за основното образование, а во учебната 2021/22 година за прв пат Министерството за образование и наука ја воведе образовната асистенција како системско решение, и беа предвидени 500 образовни асистенти за поддршка на учениците со попреченост во општинските училишта на ниво на целата држава, додека личните асистенти се обезбедуваат преку Министерството за труд и социјална политика.

Во текот на извештајната година, беше донесената измена на Законот за социјална заштита, со која правото на лична асистенција може да го остварат и деца од 6 годишна возраст, со доставување на барање до Центрите за социјална работа и наод и мислење за видот и степенот на попреченоста, бидејќи оваа услуга согласно Правилник е овозможена само за деца со потешка и најтешка телесна попреченост, како и за деца со целосно слепило.

Преку поплаките добиени од родители на децата, а во врска со неостварено право на образовен/личен асистент, Народниот правобранител се стекна со сознание дека недостасуваат образовни и лични асистенти за учениците со попреченост кои учат во општинските основни училишта. Следствено, заради согледување на моменталната состојба и предизвиците во остварување на ова право, Народниот правобранител со Барање податоци се обрати до сите државни основни училишта со ресурсен центар преку кои се доделуваат образовните асистенти, како и до Министерството за труд и социјална политика во врска со обезбедувањето лични асистенти заради осознавање на бројот на побарани, наспроти обезбедени и необезбедени асистенти. При тоа, констатација која произлегува од одговорите на основните училишта со ресурсен центар е дека заклучно со октомври 2021 година, распределени се вкупно 414 образовни асистенти, а за уште вкупно 266 барања не е даден позитивен одговор. Согласно податоците од Министерството за труд и социјална политика вкупниот број на поднесени барања за лични асистенти е 26, од кои обезбедени се вкупно 9 лични асистенти, одбиени се 5 барања како неосновани, а за 12 барања постапката не е завршена поради немање слободни сертифицирани лични асистенти.

Народниот правобранител констатира дека перзистира проблемот со асистенцијата во наставата за голем број деца со попреченост инклузирани во редовните училишта. Актуелно, сè уште голем број деца со попреченост немаат поддршка од образовен или личен асистент во тековната 2021/22 учебна година, при што овој број кој не е конечен и истиот ќе се зголемува согласно тековните функционални проценки направени кај деца со попреченост кои ги реализираат Стручните тела за проценка по МКФ, како и согласно индивидуалните потреби на децата.

Информирајќи го Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика за сознанијата и констатираните слабости во врска со остварување на ова право на децата со попреченост, Народниот правобранител укажа дека во пракса услугата образовна и лична асистенција која е неопходна за квалитетно инклузивно образование на децата со попреченост се реализира отежнато, а сериозен проблем претставува недоволниот број на асистенти, како и неинформираноста на Центрите за социјална работа, па и родителите за начинот на обезбедување на ова право за децата со попреченост. Во тој контекст, за надминување на оваа состојба препорача Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика во координација со Службата за функционална проценка на деца и млади при Здравствен дом Скопје, и со Основните училишта со ресурсен центар да изнајдат начини и да преземат соодветни мерки

за обезбедување на образовни, како и бесплатни лични асистенти за сите ученици, за кои овој тип на поддршка во учењето е неопходен. Воедно, итно преземање на соодветни мерки и дејствија согласно барањата на училиштата, со оглед на тоа дека пред отпочнувањето со работа, селектираните образовни асистенти најпрво е потребно да поминат низ циклус на обуки.

Народниот правобранител потенцира дека е потребно услугата лична асистенција, исто како и која било друга социјална услуга, да не се обезбедува согласно дијагнозата и степен на попреченост кај корисникот, туку да биде согласно специфичните индивидуални потреби на детето/лицето со попреченост, со што конечно ќе се надмине медицинскиот пристап кон гледање на попреченоста, што е во целосна согласност со Конвенцијата за права на лицата со попреченост и членот 28 во кој е наведено дека државите потписнички го признаваат правото на социјална заштита и дека е потребно да преземат соодветни чекори за обезбедување на достапни сервисни служби, помагала и друга помош за потребите поврзани со попреченоста.

Народниот правобранител, следејќи го остварувањето на правото на образование на учениците со попреченост, а поттикнат од зголемениот број на претставки добиени од родители на децата кои не оствариле право на образовен/личен асистент, како и поради добиени поплаки од родители на деца со попреченост кои се однесуваа на неможност за добивање на термин за проценка во Службата за функционална проценка на деца и млади при Здравствен дом Скопје која е предуслов за остварување на правото на асистенција во наставата, отвори предмет по сопствена иницијатива, со цел мониторирање на функционалноста на Стручните тела за функционална проценка според меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). Народниот правобранител достави Барање за информации до Службата за функционална проценка на деца и млади при Здравствен дом Скопје, а дополнително изврши непосреден увид и разговор со надлежните стручни лица во просториите на Националното стручно тело.

Постапувајќи по предметот, Народниот правобранител со Информација со предлог за преземање мерки се обрати до Владата на Република Северна Македонија во која беа наведени конкретни предлози за преземање дејствија со цел ефикасно остварување на реформата за функционална проценка која е во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и со препораките дадени од Комитетот на ОН за права на лицата со попреченост.

Генералниот секретаријат на Владата на РСМ возврати Известување до Народниот правобранител, во кое појасни дека ќе биде постапено во насока кон остварување на дадените предлози, односно ќе се преземат координирани дејствија на Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука и Министерство за информатичко општество и администрација, за инкорпорирање на новиот модел на функционална проценка во позитивната законска регулатива на РСМ (Закон за заштита на децата, Закон за социјална заштита и Закон за здравствена заштита), како и преземање на итни мерки за донесување на Правилник за функционална проценка и дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци. Генералниот секретаријат на Владата ја доставил Информацијата на Народниот правобранител на натамошно разгледување и надлежност до ресорните министерства со цел преземање мерки и активности за законски измени и дополнувања на прописите кои ја регулираат материјава, со цел надминување на наведените проблеми во остварувањето на правото на образование на децата со попреченост.

## Заштита на најдобриот интерес на детето во областа на семејните права и право на семејна грижа

Претставки за заштита на правата на детето во областа на семејните права и оваа година се доставуваа во голем број (70), во кои се бараше заштита на најдобриот интерес на детето во семејните односи, остварување на непречени лични контакти и видувања со родителот со кого детето не живее, а се укажуваше и на неефективно постапување од страна на стручните тимови во Центрите за социјална работа, субјективно и пристрасно постапување во интерес на еден од родителите и сл. Овие претставки претежно се доставуваат од страна на родител кај кого детето не е доверено, изразувајќи незадоволство од стручното работење на тимовите, нивното често менување што влева недоверба кај странките во нивното стручно и законско постапување, со што се добиваше впечаток на немање на континуитет во следењето на состојбите и проценката на фактичката состојба во семејството. Наведеното, често доведуваше и до неприфаќање на одлуките и решенијата донесени од стручните тимови.

Народниот правобранител по секој од предметите бараше целосно известување поткрепено со соодветна документација од месно надлежните Центри за социјална работа, при што неспорно во дел од предметите утврди дека подолг период (месеци, години) случајот/ите се активни и се преземаат мерки од страна на центрите за социјална работа, но и покрај тоа не се постигнува посакуваната цел, односно голем број деца сѐ уште не остваруваат редовни лични контакти и видувања со родителот со кого не живеат.

Според Народниот правобранител, особено загрижуваат случаите на високо конфликтни односи меѓу родителите, одбивање соработка со центрите за социјална работа, заминување со детето надвор од државата, како и вршење притисок и влијание врз детето, што резултира со отуѓување на детето, одбивање да се види или да одржува контакти со родителот со кого не живее, како и формирање на погрешна претстава за родителот, кое нешто несомнено остава сериозни последици врз развојот и личноста на детето.

Народниот правобранител по овие предмети води долги постапки, редовно мониторирајќи го постапувањето на надлежните стручни тимови во центрите за социјална работа, укажувајќи на преземање на сите мерки за обезбедување на најдобриот интерес на детето. Но, и покрај континуираното постапување на центрите, факт е дека во дел од случаите решенијата за видувања донесни од Центрите за социјална работа останувaa нереализирани. Во вакви случаи Народниот правобранител ги вклучуваше надзорните органи (ЈУ Завод за социјални дејности и Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика) со цел натамошно насочување и преземање мерки согласно утврдените надлежности.

## Матична евиденција на дете

Народниот правобранител постапуваше по 29 претставки за заштита на правото на детето на име, државјанство и идентитет. Во однос на проблематиката содржана во овие претставки, во 26 случаи се интервенираше за упис во матична книга на родени за неевидентирано дете/деца, согласно Законот за неевидентирани лица, а во 3 случаи интервенциите беа во насока на ажурирање на постапувањето на надлежниот орган (Управа за водење на матични книги), поради одолжување на постапка за упис на дете.

Имено, се работи за случаи на незапишано/и раѓање/а на дете/ца, по поднесени барања до надлежната управа во 2018 година, иако за истите во текот на јавниот повик биле пополнети прашалници и биле поднесени барања за дополнителен упис во матичната книга на родени.

Претставките кај Народниот правобранител беа доставени во периодот март-април,

и по утврдување на фактичката состојба Народниот правобранител констатираше повреда на правата на децата и непочитување на Конвенцијата за правата на детето на ОН, во која се наведува дека секое дете мора да биде регистрирано непосредно по раѓањето. Укажувајќи на горенаведеното, Народниот правобранител за секој од случаите побара итно преземање мерки, укажувајќи на почитување на Законот за општа управна постапка, во кој јасно се предвидени рокови во кои органот е должен да постапи по барањето на странките и да донесе решение со кое ќе им овозможи на барателите да си го остварат своето право.

Од вкупно 30 неевидентирани деца за кои Народниот правобранител покрена постапка за остварување на правото на упис, во извештајната година 25 деца се стекнаа со извод од посебната матична книга на родени.

Тргнувајќи од важноста на решавање на овој долгогодишен проблем, за кој Народниот правобранител со години препорачува изнаоѓање на трајно и системско решение, а со оглед дека во февруари 2020 година Собранието на Р.С. Македонија го донесе Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените, Одделот за заштита на правата на децата и лица со попреченост при Народниот правобранител заради согледување на состојбата со остварување на правото на упис на неевидентираните деца согласно овој закон, спроведе истражување, по што изготви Посебен извештај, кој на почетокот на месец јуни го промовираше во јавноста.

Имено, податокот дека од вкупно 659 неевидентирани лица (идентификувани при Јавниот повик, кој беше објавен во текот на 2018 година од страна на Управата за водење на матичните книги и Министерството за труд и социјална политика), дури 397 се деца, од кои 67 деца на возраст до 4 години, а 330 на возраст од 5-17 години , а истите поради немање извод од матична книга на родени не можат да остварат здравствена заштита, непречено образование, ниту да ги користат правата од социјална заштита или пак да се стекнат со државјанство, иако се родени во Р.С.Македонија, според Народниот правобранител претставува повреда на правата на детето, што е спротивно на Конвенцијата за правата на детето.

Истражувањето потврди дека Управата за водење на матични книги нема информација за бројот на деца кои се родени по завршувањето на јавниот повик, а кои не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон (со оглед дека и оваа категорија е опфатена во Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени).

Од друга страна, постојниот Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени, не го решава пристапот до други гарантирани права на децата, односно неевидентираните лица, и како што потврдуваат и од УВМ, со документот кој го добива (идентификациона исправа), лицето не може да склучи брак, да изврши признавање на дете, или пак, да изврши упис на дете (односно пријава на раѓање на дете) во редовна постапка, ако за тоа се исполнети условите од Законот. Покрај ова, Законот не го уредува прашањето за упис во Посебна матична книга на умрените за лице кое има поднесено барање, но постапката е во тек или пак за лице кое е идентификувано како неевидентирано, а се уште не поднело барање за упис.

Народниот правобранител, потенцира дека дури 60% од неевидентираните лица се деца кои се правно невидливи, доставувајќи го Посебниот извештај од спроведеното истражување до министерот за правда, директорот на Управата за водење на матични книги и до министерката за труд и социјална политика, укажа, сериозно да се земат предвид нотираните слабости, констатираните состојби и упатените забелешки во однос на постојниот Закон за неевидентираните лица, како и препораките со цел да се изнајде трајно, системско решение за повеќегодишниот проблем со неевидентираните деца/лица, и преку поедноставување на постапката да бидат запишани во матичната книга на родени, со што ќе може да ги остварат гарантираните права согласно домашното законодавство и меѓународните конвенции.

## Право на детето на заштита од насилство

Народниот правобранител постапи по вкупно 23 претставки за заштита на дете од насилство и несоодветно постапување, од кои во 7 случаи по сопствена иницијатива, а по добиени сознанија од средствата за јавно информирање. Претставките за заштита на правата на детето се поднесуваа од страна на родители и граѓански организации, а се бараше интервенција заради сексуално насилство, меѓуврсничко насилство, насилство врз дете преку интернет, физичко и психичко малтретирање врз дете во градинка, во семејство и училиште.

Народниот правобранител, за испитување на наводите се обраќаше до надлежното Министерство за внатрешни работи, односните детски градинки, училишта, како и Државниот просветен инспекторат, а во дел од претставките и до надлежното основно јавно обвинителство. Од органите соодветно е постапувано и доставувани се бараните информации и документи, а Народниот правобранител по потреба го вклучуваше и месно надлежниот центар (особено во случаи на булинг) заради реализирање на советодавна и советувалишна работа, и вршење надзор над родителското право, со конкретни активности и динамика на реализација за коригирање на насилното однесување на децата во конкретните случаи.

По претставките во кои се бараше правен совет, Народниот правобранител соодветно ги насочуваше подносителите, запознавајќи ги со правата, но и органите/институциите до кои може да се обратат.

Посебно загрижуваат случаи во кои деца се цел (жртви) на сексуално вознемирување и злоупотреби од страна на возрасни лица, вклучително и преку интернет. Народниот правобранител по добиени сознанија од средствата за јавно информирање, со цел заштита на децата водеше постапки и по сопствена иницијатива, при тоа го мониторираше постапувањето на надлежните органи. Во овој контекст, отвори постапка за настанот познат во јавноста како „Јавна соба", каде и покрај тоа што од страна на надлежните органи се преземени мерки и дејствија, односно ОЈО поднесе обвинение за кривично дело – Производство и дистрибуција на детска порнографија против двајца на кои им се суди додека се во притвор, а кои беа креатори и администратори на групата, не е обезбедена целосна заштита на децата, со оглед во извештајниот период групата беше повторно активирана.

Во друг случај, 15 годишно девојче и неколку други малолетнички сексуално биле вознемирувани со пораки и еротски фотографии од страна на возрасен маж, кој им се заканувал да прифатат да имаат полови дејствија со него, и никому да не пријават, во спротивно ќе бидат киднапирани и силувани. Надлежното Министерство за внатрешни работи, Одделението за криминалистичка полиција – Отсек за компјутерски криминал и дигитална форензика ги презеле потребните дејствија, по што јавното обвинителство отвори предмет за кривично дело „намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години" и предметот е во постапка пред надлежното обвинителство.

Во постапувањето по овие случаи, како и случајот со извидничкиот камп кој бил организиран од страна на „Прв Скопски Извиднички одред", под назив „Есенски бакнежи и прегратки 2021: секс скаутс и рок енд рол", во кој имало несоодветни активности за сексуална едукација, во кои биле вклучени деца, Народниот правобранител, меѓу другото ги потсетуваше органите на обврската за преземање на потребните мерки заради заштита на детето од сите форми на физичко и ментално насилство, повреда или злоупотреба, занемарување или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи и сексуална злоупотреба. Воедно, укажуваше органите при постапувањето да се придржуваат кон принципот на итност, посветување на должно внимание на потребите на детето жртва, делување во правец на избегнување на дополнителна виктимизација, координирано делување со другите надлежни органи, со цел заштита на најдобриот интерес на детето во постапката.

За наведениот случај од страна на Министерството за внатрешни работи доставени се информации и докази за преземените мерки и дејствија со цел прибавување податоци поврзани со постоење на елементи за кривично дело, како и дека целокупниот материјал е доставен до надлежното јавно обвинителство. Со оглед дека ОЈО Скопје не достави одговор по барањето за фазата во која се наоѓа предметната постапка, Народниот правобранител ја продолжува постапката по предметот.

Народниот правобранител укажува дека насилството и злоупотребата на децата се особено трауматични и оставаат длабоки последици врз детето, поради што потребно е децата да се едуцираат како да постапат доколку се најдат во вакви ситуации и како да се заштитат од можните злоупотреби, вклучително и од вознемирување, односно злоупотреби по пат на интернет. Превенцијата е најефикасниот облик на борба против злоупотреба на децата, но исто така од голема важност е грижата и посветеноста на семејството (родителите/старателите), училиштето, како и сите други органи/институции за заштита на децата, вклучително и медиумите на кои приоритет во работата треба да им биде примената и почитувањето на правата на децата, како и најдобриот интерес на детето. Покрај ова, почитувањето и спроведувањето на Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето, а кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија ќе придонесе за заштита на децата од сексуална злоупотреба.

## Право на здравствена заштита и парични примања за дете

Народниот правобранител по добиени сознанија од објави на социјалните мрежи дека деца од општина Шуто Оризари Скопје, во време на пандемија, не можат да остварат право на здравствена заштита, бидејќи немаат матичен лекар, а лекарите во Поликлиника Шуто Оризари не се согласувале да ги примат, со образложение дека имаат голем број на пациенти, отвори предмет по сопствена иницијатива. Дополнително, за истиот проблем од страна на „Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари", беа поднесени 4 претставки во име на родители чии деца немаат матичен лекар во Општината во која живеат, поради недостаток на лекари.

Тргнувајќи од правото на секое дете на највисоко ниво на здравствена заштита утврдено со Конвенцијата за правата на детето, а имајќи ја предвид сериозноста на проблемот, со цел превенирање на какви било штетни последици по здравјето на децата кои по заминување на матичниот лекар (педијатар) во пензија останале без матичен лекар, Народниот правобранител упати Мислење до Министерство за здравство. Притоа потенцираше дека е запознат со дејствијата кои Министерството ги презема, и во тој контекст дека неколку пати биле објавувани јавни огласи за издавање на ординации по општа медицина за матични/избрани лекари во Поликлиника Шуто Оризари, меѓутоа на истите не се пријавувал никој.

Народниот правобранител укажа на можните несакани последици првенствено врз здравјето на децата од општина Шуто Оризари, имајќи предвид дека во време на пандемија остануваат без избран/матичен лекар во Општината во која живеат, како и на немањето избор на родителите кои се приморани да им обезбедат матичен лекар на децата во други Општини, при што укажа и на несаканите последици до кои може да дојде со оглед дека во време на пандемија би биле приморани да патуваат во други општини како би ја добиле примарната здравствена услуга. Од друга страна, ваквото решение не е прифатливо за секого и од финансиски аспект, имајќи ја предвид притоа и социјалната состојба на најголемиот број од семејствата во оваа општина, чиишто деца ги користат, односно треба да ги користат здравствените услуги во наведената Поликлиника.

Според Народниот правобранител, брзиот и лесен пристап до избраниот/матичен лекар е од особена важност, поради што побара итно да се изнајде соодветно решение на овој проблем, како и да се разгледа можноста времено, постојните матични лекари во

општината, да не ги одбијат барањата за матичен лекар за децата, односно би прифатиле да бидат нивни избрани матични лекари.

Со оглед дека ова прашање засега поголема група деца, Народниот правобранител го извести и директорот на ЈЗУ Здравствен дом Скопје, а дополнително оствари средба и со претставник на Министерството за здравство, на која средба ги изнесе наводите во поднесените претставки, проблемите со кои се соочуваат децата од Општина Шуто Оризари поради недостигот на матични лекари, како и своите мислења и препораки за надминување на проблемот.

По интервенциите, од средината на ноември во амбулантата во Шуто Оризари започнала со работа нова ординација по општа медицина, во која граѓаните, вклучително и децата од оваа општина имаат можност да изберат матичен лекар, и непречено да го остварат правото на здравствена заштита.

## Право на социјална заштита и животен стандард

Во однос на правата на парични примања за дете Народниот правобранител постапуваше по 6 претставки, најчесто поради непостапување на надлежните центри за социјална работа по барањата за право на образовен и детски додаток. По преземените дејствија, Народниот правобранител утврди дека, иако на подносителите им биле признати наведените права, и донесени се соодветни решенија, постои одолжување на реализирање на исплатата.

Народниот правобранител, во овие предмети покрај обраќање до органот надлежен за одлучување по барањето се обраќаше и до ресорното Министерство, а за некои од случаите бараше надзор од Одделението за инспекциски надзор од дејноста на заштита на децата. Имено, претходно, а и во извештајната година, во поединечни случаи во врска со право на родителски додаток за дете, на родителот (мајката) и се признава право и се врши исплата на средства, но по поднесување барање за продолжување на правото, по извесен период надлежниот центар со решение го ускратува веќе стекнатото право со образложение дека родителот не исполнува некој од предвидените законски услови, и се задолжува да ги врати примените средства за детето. За Народниот правобранител, неправично е граѓанинот да биде задолжен со обврска, поради пропуст или непрофесионално работење, а органот или лицето кое било задолжено да ја утврди фактичката состојба за тоа да не сноси никаква одговорност за направениот превид.

Ваквите примери, уште еднаш ја потврдуваат потребата од постојано информирање и запознавање на граѓаните со правата од детска и социјална заштита, особено ранливите групи, кои често, поради неинформираност или непознавање на прописите можат да бидат доведени во такви ситуации, не по своја вина. Воедно, потребно е инспекциските органи, како и раководните лица на овие установи да им укажат на вработените, но и да го санкционираат евентуалното неправилно работење кое е на штета на корисниците.

## Политичка злоупотреба на дете

Народниот правобранител, пред одржувањето на локалните избори преку медиумите ги потсети учесниците на локалните избори за забраната на злоупотреба на децата за политички цели, упатувајќи апел до сите субјекти инволвирани во изборите да не ги користат децата во своите кампањи, односно експонирање на деца во рекламни спотови и други рекламни материјали (печатени материјали, билборди, паноа).

Според Народниот правобранител, неспорно е правото на детето да биде информирано за општествените случувања, како и правото да има став за различни прашања од општествениот живот. Но, начинот на кој некои политички субјекти тоа го практикуваат во текот на предизборната кампања претставува класична злоупотреба на децата и не

оди во правец на нивниот најдобар интерес. Осудувајќи го секое вклучување на децата за сопствени политички цели, Народниот правобранител апелираше да престане оваа пракса и побара од надлежните институции на системот да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и да спречат нивна натамошна манипулација во изборниот процес.

Меѓутоа и покрај јавно упатениот апел, Народниот правобранител се стекна со сознанија дека деца/малолетници учествуваат, односно се злоупотребуваат во платено политичко рекламирање во предизборните кампањи од страна на некои политички субјекти, поради што отвори предмет по сопствена иницијатива, а за истиот проблем дополнително беше доставена и претставка од страна на Првата детска амбасада „Меѓаши".

Следствено, Народниот правобранител за наведеното ја информираше Државната изборна комисија, а достави Мислење и Укажување до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како орган за воспоставување целосен мониторинг над радиодифузерите учесници во изборната кампања, да се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица. При тоа, препорача да се преземат мерки за да се обезбедат правата на децата и да се спречи нивна натамошна манипулација во изборниот процес.

Од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше упатено предупредувачко соопштение до јавноста и до сите медиуми, во кое беше нагласено дека одговорноста за содржината на рекламните спотови примарно ја носат нарачателите, односно во конкретниот случај-учесниците во изборната кампања, но, и дека одговорност имаат и радиодифузерите за нивното емитување.

Дополнително, во извршен разговор со службено лице од Агенцијата, Народниот правобранител беше известен дека на сите радиодифузери кои се јавиле телефонски или писмено во Агенцијата им било укажано да не ги емитуваат платените политички програми во кои се вклучени малолетни лица, како и дека било упатено јавно соопштение, но не била покрената ниту една прекршочна постапка од нивна страна.

## Згрижување на деца во мал групен дом

Следејќи ја состојбата на децата сместени во малите групни домови (МГД), Народниот правобранител постапуваше по 7 претставки, од кои 5 оформени по сопствена иницијатива, при што констатираше дека праксата за бегства на децата сместени во Јавните установи перзистира и понатаму. Констатација е дека децата-корисници често се одалечуваат од малите групни домови, односно бегаат и подолг период не се враќаат во Малиот групен дом, што негативно влијае и ја оневозможува нивната ресоцијализација, а дополнително го отвора прашањето и за дружењето со лица кои можат негативно да влијаат врз нив односно да бидат злуоупотребени од нивна страна.

Мониторирајќи го постапувањето на органите по овие случаи, со цел нивно пронаоѓање и враќање во домот, Народниот правобранител во два случаи констатираше дека малолетничките стапиле во вонбрачен живот со полнолетни лица.

Народниот правобранител, имајќи ги предвид добиените сознанија, а со цел заштита на правата и најдобриот интерес на детето, најпрво се обраќаше до ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, како и до Министерство за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи, укажувајќи да се преземат натамошни мерки и дејствија за поведување на постапка за утврдување на фактичката состојба и евентуално санкционирање, имајќи предвид дека, согласно позитивните законски прописи вонбрачен живот со малолетно лице, како и подведување и овозможување полови дејствија со малолетно лице, претставуваат кривични дела за кои се предвидени соодветни санкции.

И во двата случаи органите постапиле по укажувањето на Народниот правобранител, односно поднесени се кривични пријави за вонбрачен живот со малолетно лице, но неспорна е потребата од посериозен интерес од страна на службено назначените старатели,

континуирана работа од страна на мултидисциплиниран тим, обучен за работа со деца во вакви случаи, и следствено разгледување на можноста за поинакви, специјализирани вонинституционални форми на згрижување на овие деца заради нивна ефикасна и ефективна социјализација и ресоцијализација. Во спротивно, со ненавремената реакција и непрофесионален пристап се нанесува огромна штета на децата, затоа што им се одзема правото на едукација, социјализација, стекнување економска независност, но и правилен раст и развој, што е спротивно на најдобриот интерес на детето.

Повторно, како и претходните години, Народниот правобранител презеде дејствија по сопствена иницијатива во врска со сместување на дете кое не навршило 14 години-сторител на тешко кривично дело во Мал групен дом, при што побара Министерството за правда да направи сеопфатна анализа за ваквите случаи каде што деца со неневршени 14 години се јавуваат како сторители на тешки кривични дела, и следствено препорача да ја разгледа можноста за соодветно законско решение, и обезбедување услови за постапување со овие деца, согласно Конвенцијата за правата на детето.

Ставот на Народниот правобранител е дека детето не треба да има третман како полнолетните сторители на кривични дела, односно неопходен е хуман пристап, во соодветни услови и соодветна стручна поддршка, што во пракса ќе ги даде посакуваните ефекти, со цел детето-сторител на тешко кривично дело да ја сфати тежината на стореното и превоспитно да влијае да не се повтори/стори ново дело, што во моментот отсуствува, а што се потврдува и од одговорот на Јавната установа каде што е сместено дете со ваков случај, од каде посочуваат дека установата ги нема потребните ресурси (стручност, услови и кадар) да постапува професионално во ваквите случаи.

## Право на заштита на деца бегалци

Народниот правобранител во извештајната година постапуваше по 7 предмети оформени по сопствена иницијатива, во врска со неосновано задржување и повреда на правото на заштита на непридружувани малолетни деца-странци. Во тој контекст, се вршеа посети на прифатно-транзитните центри, како и разговори со затекнатите малолетни лица без придружба, по што беа констатирани извесни неправилности и пропусти во постапувањето на надлежните институции, пред сè, поради непочитување на правилата содржани во Стандардните оперативни процедури за непридружувани малолетни лица-странци.

Имено, при ненајавена посета на еден од прифатните центри Народниот правобранител утврди дека малолетното лице беше задржано повеќе од 10-тина дена пред истото да биде префрлено во центарот за баратели на азил, по поднесено барање за азил.

Законот за странци дозволува привремено сместување во прифатен центар поради објективни причини ако малолетното дете-странец не може веднаш да биде згрижено, сепак тоа мора да се направи што е можно за пократок временски период. Според Народниот правобранител, задржување на непридружувано дете 10-тина и повеќе дена, дополнително го трауматизира бидејќи центрите не ги исполнуваат условите за сместување на деца.

Исто така, законот налага, покрај посебна просторија за малолетници, да се овозможат слободни и рекреативни активности за детето соодветни на неговата возраст, како и правна, социјална, медицинска и психолошка помош, а прифатните центри тоа не го овозможуваат.

Во однос на првичната идентификација на малолетното дете и негово упатување, нотирано е дека се назначува старател согласно законски процедури од страна на службите за социјални работи, но не и соодветен преведувач, ниту се ополномоштува правен застапник на малолетното лице што дополнително ја влошува и онака сложената состојба на траума во која се наоѓа детето, посебно кога истото е задржано заради сведочење, како жртва/сведок во кривична постапка, а истото не е целосно запознаено со постапката и

неговите права поради неразбирање на јазикот.

Народниот правобранител наведените неправилности ги констатираше при постапување на надлежните јавни обвинители со оваа категорија на лица за време на сослушувањето/распитот, а беа воочени и поединечни ситуации кога не се известува старателот на малолетното лице со цел негово присуство за време на распитот.

Следствено, Народниот правобранител укажуваше дека на малолетно лице без придружба задолжително мора да му се обезбеди преведувач од/на неговиот мајчин јазик и да му се одреди правен застапник кои заедно со назначениот старател треба да учествуваат во текот на целата постапка заради негово запознавање и заштита на неговите права и интереси. Покрај ова, потребно е детето, од страна на старателот и правниот полномошник, пред постапката за сведочење да биде подготвено како сведок, на начин и јазик што го разбира според неговата возраст и зрелост да го сфати значењето на постапката. Воедно, Народниот правобранител упатуваше на почитување на Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружуваното малолетно дете-странец, согласно кои учеството на непридружувано малолетно дете-странец во кривична постапка како жртва/сведок на кривично дело, да се користи само во исклучителни ситуации, кога нема други материјални докази против сторителот на кривичното дело.

Друг проблем кој беше констатиран, не помалку значаен во услови на пандемија, е тоа што резултатите од задолжителниот ПЦР тест кој се прави веднаш по сместување во Центарот, се чекаат со денови, во некои случаи и со месеци, при што честопати се наведуваше како причина за нивното задржување во Центарот, се до добивање на негативен ПЦР тест (карантинско сместување).

Во однос на пружање на друг вид на лекарска грижа, не се констатирани повреди во однос на прегледите од медицинско лице и пружање на соодветна здравствена нега, но беше констатирано отсуство на психолог/психијатар заради утврдување на психичката состојба на детето-странец и грижа за нивното ментално здравје.

Народниот правобранител смета дека преку почести разговори со овие лица би се придонело кон намалување на степенот на стрес и траума присутни поради панична загриженост за личната безбедност или за стравот од постоење на поединци кои би можеле да ја загрозат безбедноста на лицето/ата, посебно во ситуации кога детето е дел од кривичната постапка.

Со оглед на фактот дека станува збор за особено ранлива категорија на деца, кои се изложени на дополнителен ризик од трговија со луѓе и експлоатација, и честопати се во опасност да станат плен на криминалните мрежи, децата без придружба, на патот кон сигурноста, биле сведоци на различни негативни ситуации кои создале трауми и нарушување на нивната ментална состојба. Оттука, Народниот правобранител апелираше до Министерството за труд и социјална политика, како надлежен орган, да се изнајде решение за нивно згрижување и сместување, а кое би било во нивен најдобар интерес, во сигурни домови, каде ќе се чувствуваат безбедно и нема да бидат изложени на ризик од различни форми на експлоатација, вклучувајќи трудова и сексуална експлоатација.

## Заштита на права на лица со попреченост

Во рамки на Одделот за заштита на правата на децата и лицата со попреченост при Народниот правобранител, дејствува тим за мониторирање на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (КПЛП), кој врши промовирање, заштита и мониторинг на спроведувањето на правата признати со оваа Конвенција, во согласност со правниот и административниот систем во државата. Постапувањето по поднесени претставки или по предмети отворени по сопствена иницијатива, се дел од надлежностите на овој тим и во тој контекст, во текот на извештајната година тимот интервенираше по 17 претставки, при што карактеристично е тоа што

проблематиката за која се бараше интервенција во поединечни претставки всушност се однесуваше за поголема група граѓани, па и за цела заедница на лица со определен вид на попреченост.

Во текот на извештајната година беше формирана независната рамка за мониторинг, односно Националниот механизам за мониторинг (НММ), согласно член 33 од КПЛП, па така во рамки на мониторинг механизмот влегоа повеќе граѓански организации НА и ЗА лица со попреченост, родителски организации, како и поединци лица со попреченост кои ќе придонесат на тимот за мониторинг во следењето на состојбите со остварувањето и унапредувањето на правата на лицата со попреченост согласно начелата, принципите и члeновите од Конвенцијата.

Народниот правобранител на пригоден настан по повод 3. декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост потпиша Меморандум за соработка со вкупно 22 граѓански организации. Дополнително на настанот беа споделени главните наоди од согледувањата/произнесувањата на граѓанските организации кои се дел од НММ, а во врска со 10 годишнината од ратификацијата на КПЛП.

Ставовите и видувањата на граѓанските организации во однос на предизвиците, научени лекции и идните чекори за ефикасна имлементација на КПЛП по една декада од ратификацијата на Конвенцијата, се дека е недоволно  обезбедена инклузивна еднаквост на лицата со попреченост, односно дека децата и лицата со попреченост се соочуваат со проблеми и потешкотии во остварувањето на своите права и дека е потребно создавање системски услови за имплементација на истите, како и воспоставување на пракса за вклучување и користење на Конвенцијата во работата на државните органи.

Општ заклучок на граѓанските организации кој беше споделен со јавноста на настанот е дека 10 години по ратификација на Конвенцијата, во некои области има видливи подобрувања, во некои помалку, а во голем дел треба уште многу нешта да се направат во насока кон унапредување на уживањето на правата на овие граѓани.

Беа истакнати и позитивните исчекори кои се имаат случено во изминатите 10 години, како оформувањето на Националното координативно тело за имплементација и Националниот мониторинг механизам при Народниот правобранител, воведувањето на новиот модел на функционална проценка, како светски стандард за класификација, како и донесување на нови закони и подзаконски акти кои се во согласност со КПЛП.

Најгорлив проблем истакнат од самите организации-претставнички на лицата со попреченост е непристапноста, непознавање на основните постулати од КПЛП од страна на државните органи, од вработените во јавните институции и администрацијата, како и од самите лица со попреченост, нивните родители/старатели, вклучително недоволна информираност каде можат да ги адресираат проблемите и потешкотиите со кои се соочуваат, односно недоволно познавање на механизмите за заштита кои им стојат на располагање.

Особен проблем кој беше посочен е недоволната инклузивност во образованието и тоа на сите степени, почнувајќи од предучилишните установи, преку основните и средните училишта, сѐ до високо образовните институции. Иако актуелниот Закон за основно образование е многу поинклузивен од претходниот, сепак во основните училишта постои неподготвеност за спроведување на новините од законот, односно недоволно обезбеден стручен наставен кадар, неприлагодена средина за учење, непристапност на училишната инфраструктура, како и несоодветен број на образовни/лични асистенти согласно барањата и потребите на учениците.

Исто така, беа истакнати проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост во однос на правата од социјална заштита, иако беше истакнато дека постои напредок во социјалните услуги, но потребно е подобрување на квалитетот на постојните сервисни служби, нивно надградување, подобра распределеност на регионално и локално ниво.

Во однос на правата од здравствена заштита, повеќето граѓански организации

посочија дека здравствените услуги се непристапни и недостапни за најголем број лица со попреченост, здравствената заштита е бесплатна само за лица до 26 годишна возраст, медицинскиот персонал не е сензитивизиран за работа со лица со попреченост, не постои евиденција, соодветна рана дијагностика и бесплатен ран третман за деца со попреченост на територијата на цела држава, а и оние кои постојат не се бесплатни имаат висока цена на чинење, па така услугите за хабилитација и рехабилитација повеќето од родителите се приморани да ги плаќаат приватно. Проблемите во здравствената заштита станаа уште повидливи за време на пандемијата од Ковид-19 кога овие лица не беа препознаени како група која е во поголем ризик од болеста и компликации од истата и не беа ставени во приоритетни, при спроведување на процесот на имунизација.

Во извештајната година Народниот правобрабранител постапуваше по претставка од Здружението на глуви и наглуви лица „Тишина" - Карпош од Скопје, со наводи дека членовите - глуви и наглуви лица од ова Здружение не можат да користат бесплатен меѓуградски превоз, Народниот правобранител оствари средба и разговор со претставници од Здружението, при што се стекна со сознание дека со овој проблем се соочиле од октомври 2018 година, откако ова Здружение повеќе не е дел од Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија, односно дека до октомври 2018 година на членовите при Здружението им било овозможено користење на бесплатен меѓуградски транспорт.

Народниот правобранител го извести министерот за транспорт и врски, и укажа дека со овој проблем се соочуваат и други лица со попреченост кои не се членови на Национални сојузи, што претставува дискриминација по статусна основа (член 5), во сферата на пристапот до добра и услуги (член 3), а што е предвидено со Законот за спречување и заштита од дискриминација, и во таа насока препорача како надлежно Министерство да ги преземе потребните дејствија и да пристапи кон законски измени на регулативата која содржи дискриминирачка содржина по статусен основ кон овие лица, со што ќе се надмине селективниот третман на лицата со оштетен слух, глувите лица, лицата со телесна инвалидност и лицата со интелектуална попреченост, односно ќе им биде овозможено, под еднакви услови да го користат јавниот превоз (меѓуградски) без никакви ограничувања и барања за членство во Националниот сојуз или во некој друг новоформиран сојуз или унија.

Министерството по разгледување на барањето и препораката извести дека сите дадени мислења и насоки во поглед на остварување и унапредување на правата на овие категории на граѓани, ќе бидат разгледани при измена и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, а во насока на изедначување на сите лица со попреченост во користењето на бенефиции за бесплатен меѓуградски превоз.

Народниот правобранител, заедно со граѓанските организации кои го сочинуваат независниот мониторинг механизам, достави Мислење до Државниот завод за статистика, во кое даде конкретни забелешки на содржината на прашањата од пописните листи кои се однесуваа на лицата со попреченост, со цел менување на истите. При тоа, го актуелизираше проблемот на немање целосни податоци за лицата со попреченост, уште помалку немање расчленети податоци (по состојба на попреченост, возраст, пол, род, етничка припадност, вера, религија, итн.) што консеквентно има негативен ефект при креирање на соодветни политики и алоцирање на соодветни буџети за имплементација на политиките.

Народниот правобранител посочи на користење на сетот прашања од Вашингтонската група која се употребува во многу земји потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, а преку кои прашања покрај идентификувањето на бројот на лицата со попреченост се добиваат податоци за степенот на учество на лицата со попреченост во општеството, вклучително и бариерите кои го оневозможуваат нивното учество на еднаква основа со другите.

Изготвената Информација со предлог за преземање мерки, Народниот правобранител ја достави и до Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата

за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија при Владата на РСМ, со цел сериозно да го разгледа и согласно надлежностите да преземе мерки со цел оваа статистичка операција да се спроведе и во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и стандардите на Обединетите нации.

Од страна на ова тело при Владата беше организиран состанок на кој присуствуваа претставници на Народниот правобранител и на дел од граѓанските организации кои се во рамката за мониторинг заедно со директорот на Државниот завод за статистика. На состанокот уште еднаш беа потенцирани ставовите на претставничките организации на лицата со попреченост дека така поставените пописни прашања нема да дадат релевантни податоци за бројот на лицата со попреченост, но од страна на директорот од надлежниот Завод беше посочено дека не е возможно менување на методологијата за спроведување на пописот, што беше проследено со незадоволство од страна на граѓанските организации членки на независниот мониторинг механизам.

Дополнително беше добиен одговор од Државниот завод за статистика дека со Пописот се планира да бидат прибрани сет на податоци кои се однесуваат на овие лица, преку што ќе може да се креираат бази на податоци, а кои во иднина би послужиле за конкретни примерочни статистички истражувања. При реализирање на вакви истражувања ќе бидат сериозно земени предвид мислењата и ставовите на граѓанските организации за вклучување на лицата со попреченост како дел од тимовите кои ќе ги подготват прашањата, како и да бидат дел од истражувачките тимови кои ќе ја опфатат оваа популација.

Народниот правобранител, по сопствена иницијатива во април 2021 година отвори предмет со цел следење на остварувањето на правото на здравствена заштита на лицата со попреченост во услови на пандемија, со фокус кон мерките и плановите на здравствените авторитети за вакцинација на граѓаните. Во тој контекст, достави Препорака до Владата на РСМ и до Министерството за здравство со цел вклучување на лицата со попреченост и давателите на услуги за поддршка на овие лица во приоритетните групи за вакцинација, укажувајќи дека овие лица се меѓу најранливите граѓани кои се во сериозен ризик од заболување со вирусот кој може да предизвика сериозни последици врз нивното здравје.

Поради тоа што од Министерството за здравство не беше добиен возвратен одговор, дополнително беше дадено и Укажување во кое беа потенцирани потребата од обезбедување на пристапни места за вакцинација, вклучително и обезбедување на информации во врска со важноста од вакцинирањето во пристапен формат, како и пристапност на дигиталната апликација за искажување интерес за вакцинација (vakcinacija.mk). Во Укажувањето беше потенцирана важноста од давањето на претходна согласност од страна на лицата со попреченост, со право на избор и самоодлучување во однос на тоа дали ќе се вакцинира, вклучително и за лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост, односно со писмена согласност од старател за лица со одземена деловна способност. Министертвото за здравство и по даденото Укажување не достави одговор.

Дури од средината на јули 2021 година, граѓаните на РСМ добија можност да се вакцинираат против Ковид-19 без закажан термин. Со оглед на тоа што лицата со попреченост, како и другите граѓани, добија можност за вакцинација, Народниот правобранител го заврши постапувањето по предметот.

Дополнително, а во контекст на претходното, беше доставена претставка од Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, во врска со обезбедување квалитетна здравствена заштита на лицата со интелектуална попреченост во услови на пандемија со Ковид-19, па покрај вклучувањето на лицата со интелектуална попреченост во приоритетните групи за вакцина, нивни барања беа и обезбедување на придружник при хоспитализација на лице со интелектуална попреченост без ограничување на возраста, како и непречено остварување на здравствена заштита (прегледи, третмани, интервенции, лекарства и хоспитализација) во време на пандемија.

Во рамки на постапувањето по предметот, од страна на Министерство за здравство беше добиен допис во кој наведоа дека барањата, како и дадените препораки од Народниот

правобранител кои беа согласно барањата на здружението ПОРАКА, соодветно ќе бидат разгледани и анализирани во однос на оправданоста, со оглед на тоа дека истите бараат проширување на правата од областа на здравствено осигурување, при што наведоа дека Министерството за здравство има изготвено план за унапредување на здравствената заштита на лицата со попреченост како дел од Акцискиот план за исполнување на правата и одредбите на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Националното координативно тело при Владата на Република Северна Македонија. Покрај ова, дополнија дека доставените препораки и укажувања се движат во рамки на предвидените и за истите постои заинтересираност за решавање со заедничко учество на претставници на здруженија за лица со попреченост.

Потоа, Народниот правобранител испрати Информација со предлог за преземање мерки до Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост при Владата на РСМ, при што предложи сериозно да бидат земени предвид барањата на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА и итно да се изнајдат соодветни решенија за истите, а кои ќе се базираат на соодветна легислатива.

Националното координативно тело при Владата на РСМ достави допис во кој информира дека им укажало на Министерството за здравство на обврската да ги вклучи препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, вклучително и препораката за елиминирање на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација за лицата со попреченост во Законот за здравствено осигурување и овозможување на право на придружба на дете и лице со попреченост за време на неговиот престој во болничка здравствена установа. Дополнија дека овие иницијативи ќе бидат дел од Акцискиот план за 2022 година на Националното координативно тело, како и дел од Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

Во врска со паричните надоместоци за лицата со попреченост Народниот правобранител постапуваше по допрен глас дека Меѓуопштинските центри за социјална работа не ја усогласиле висината на паричните надоместоци за лицата со попреченост, односно правата на парична помош од социјална заштита кои следуваат на лица со попреченост согласно Законот за социјалната заштита. Имено, паричниот надоместок заради попреченост и паричниот надоместок за помош и нега од друго лице кои согласно член 45 и член 50 од Законот за социјалната заштита, треба да бидат усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во овој контекст, заради правилно и целосно согледување на фактичката состојба, Народниот правобранител побара информации од сите Меѓуопштински центри за социјална работа за бројот на лица со попреченост приматели на парична помош од социјална заштита, со расчленети податоци за надоместок заради попреченост, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време и траен надоместок. Во доставените одговори Центрите не дадоа унифицирани податоци, но јасно произлегува дека повеќето Центри за социјална работа ја усогласиле висината на паричните надоместоци со порастот на трошоците на живот за претходната година, што не е случај со сите Центри за социјална работа на ниво на државата. Народниот правобранител овој проблем ќе го следи и во тековната година.

На редовните состаноци со претставниците на граѓанските организации како дел од рамката за мониторинг беше истакнат проблемот со долготрајноста на постапките за добивање надоместок за помош и нега од друго лице согласно Законот за социјална заштита, проблемот за обезбедување термин за преглед пред надлежна комисија, како и непотребното задолжување на лицата со контролен преглед на секои 6, 12 или 24 месеци, за како што наведуваат, состојби на попреченост и дијагнози кои се трајни и непроменливи или кои можат да прогресираат во насока на влошување.

Дополнително, од страна на граѓанските организации доставени се дописи со произнесување за состојби на попреченост за кои, како што наведуваат, беспредметно е да се води постапка за обнова на Решенијата за остварување на правото на помош и нега од друго лице, од причина што самата состојба е трајна, или пак е од прогресивен карактер, и без можност за подобрување на истата. Следствено, сметаат дека нема потреба пациентот/лицето со попреченост да се упати на повторен преглед пред надлежна комисија, со оглед дека состојбата е непроменлива и непотребно да се изложи на финансиски трошоци, со оглед дека комисијата за категоризација ја плаќа лицето со попреченост или неговиот родител/старател, па во таа насока побарана е интервенција од Народниот правобранител пред надлежните органи за изнаоѓање решение во врска со горенаведеното.

Народниот правобранител достави Мислење до Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика со барање сериозно да го разгледаат проблемот кој го наведуваат лицата со попреченост со цел да се изнајде решение кое ќе биде во насока на остварувања на правото, и во таа насока итно преземање мерки за олеснување на процесот на добивање соодветна и навремена заштита на лицата со попреченост, во пристапот и остварувањето на правото на помош и нега од друго лице.

Исто така, побара да се разгледа Предлог листата на трајни состојби составена од граѓанските организации – членки на мониторинг механизмот, со цел преземање мерки за непречено остварување на правата од областа на социјалната заштита, а особено правото на надоместок за помош и нега од друго лице, без непотребно да бидат задолжувани со контролни прегледи.

## Констатации

- *Реформите за осовременување на основното образование преку спроведување на дигитализација во наставата (за прво и четврто одделение) не ги почувствуваа сите деца на подеднаква основа. Па така, додека во некои основни училишта децата следеа настава преку смарт табли, користеа таблети и компјутери, во други училишта децата не само што ги немаа овие услови за настава туку не им беа обезбедени ниту печатени учебници.*
- *Услугата образовна и лична асистенција која е неопходна за квалитетно инклузивно образование на децата со попреченост се реализира отежнато, а сериозен проблем претставува недоволниот број на асистенти, како и неинформираноста на Центрите за социјална работа, па и родителите за начинот на обезбедување на ова право за децата со попреченост.*

## Препораки

- *Министерството за образование и наука да преземе мерки за овозможување на унифициран начин на реализирање на наставата на цела територија на државата, што налага анализа на состојбите во образованието, и во тој контекст обезбедување на потребните услови за образование на секое дете, на подеднаква основа.*
- *Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика во координација со Службата за функционална проценка на деца и млади при Здравствен дом Скопје, и со Основните училишта со ресурсен центар да изнајдат начини и да преземат соодветни мерки за обезбедување на образовни, како и бесплатни лични асистенти за сите ученици, за кои овој тип на поддршка во учењето е неопходен.*
- *Да се преземат мерки за реформа во семејно-правните односи, при*

## Констатации

- *Правото на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кого не живее наместо да се реализира согласно решенијата на Центрите за социјална работа продолжува да зависи од добрата волја на родителот со кого детето живее.*
- *Неосновано се одолжува постапката за упис во посебната матична книга на родени, со што голем број деца сѐ уште не можат да добијат важечки документ за идентификација. Децата пак, кои се стекнале со извод од Посебната матична книга на родени не можат да остварат права од социјална и здравствена заштита.*
- *Зачестија случаите на несоодветен однос, вознемирување, но и насилство врз децата во училиште, но и по пат на интернет.*
- *Чести бегства, вонрачен живот на деца со полнолетни лица додека се сместени во Мал групен дом, но и бегства од дете штитеник на домот кое е под минималната возраст за кривична одговорност, а е сторител на тешки кривични дела, укажува дека се потребни дополнителни ресурси (стручност, услови и кадар) за работа со овие деца.*
- *Во прифатно-транзитните центри се задржуваат деца-странци без придружба, во несоодветни услови, и спротивно на Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани малолени лица.*
- *Лицата со попреченост, како и давателите на услуги за поддршка на овие лица не беа опфатени во приоритетните групи во Националниот план за Ковид-19 вакцинација. Следствено, во време на пандемија пунктовите за тестирање и вакцинација останаа недостапни за овие лица.*

## Препораки

*што вршењето на родителските одговорности по разводот на бракот, односно престанок на заедничкото живеење да се уреди во согласност со Конвенцијата за правата на детето, согласно која двајцата родители треба да имаат заедничка одговорност во подигањето и развојот на детето.*

- *Министерството за правда итно да обезбеди услови (кадровски и материјални) за интензивирање на постапката за упис на неевидентирани лица/деца во Посебната матична книга на родени во законски предвидениот рок. Воедно, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство да се изнајде решение, лицата кои се стекнале со документ за лична идентификација да може да имаат пристап до гарантираните социјални и здравствени права.*
- *Надлежните органи на локално и централно ниво континуирано да преземат мерки за превенција од какво било насилство врз децата, како и поголема информираност на децата за препознавање, заштита, но и нивно охрабрување за пријавување на секое вознемирување, насилство, или друго несоодветно однесување.*
- *Потребен е мултидисциплинарен пристап од обучен тим за работа со деца со нарушено поведение и деца во ризик, сместени во мал групен дом, како и други специјализирани вонинституционални облици на згрижување на овие деца заради нивна ефикасна и ефективна социјализација и ресоцијализација.*
- *Да се обезбеди соодветен правен статус на децата-странци без придружба согласно проценка на ризикот, со почитување на Стандарните оперативни процедури,*

**Констатации**

- *Отсуствуваат целосни податоци за лицата со попреченост, а нема ни расчленети податоци (по состојба на попреченост, возраст, пол, род, етничка припадност, вера, религија, итн.) што консеквентно има негативен ефект при креирање на соодветни политики и алоцирање на соодветни буџети за имплементација на политиките во врска со лицата со попреченост.*

**Препораки**

*и донесување на законско решение за задржување. Изработка на релевантна статистика за бројот на лица со попреченост и бариерите со кои тие се соочуваат, зајакнување на капацитетите, степенот на информираност и знаења, преку промотивни активности наменети за самите лица со попреченост и нивните семејства, како и задолжителна обука за вработените во јавниот, како и во приватниот сектор, а особено на креаторите на политики за правата и принципите од КПЛП.*

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Во областа Потрошувачки права, во 2021 година примени се 228 претставки, односно 10 повеќе од минатата година. Поплаките на граѓаните како потрошувачи најмногу се однесуваа за услугите за електрична енергија (88), за испорака за вода и други комунални услуги (77), за услуги за топлинска енергија (16), а во помал број за други услуги кои граѓаните ги добиваа од давателите на услуги.

Прилично истиот број на претставки, покажува дека и оваа извештајна година, како и минатата, тешката социјална и економска состојба во која се наоѓаат голем број на граѓани, ја играше главната улога во појавувањето на потребата граѓаните како корисници на енергетски услуги да се обратат кај Народниот правобранител.

Како и 2020 година, и 2021 година најголемиот број на претставките доставени до Народниот правобранител се однесуваа на исклучувањето на корисниците од електродистрибутивната мрежа, кое во најголем дел од случаите се случуваше поради стари неплатени долгови. Бидејќи граѓаните најчесто не беа информирани за состојбата на старите неплатени долгови, како на пр. за износот на долгот, видот на долгот – дали е тоа долг за потрошена електрична енергија, дали е долг за надоместок за комунална такса за јавно осветлување, за камата за задоцнето плаќање или трошоци на судска постапка, потоа дали за долгот е покрената постапка за присилна наплата, кај кој орган, суд, нотар, извршител се наоѓа постапката, и тн., голем број на претставки се однесуваа токму на барањата да се испитува состојбата и потеклото на долговите.

Обраќањата на Народниот правобранител, до ЕВН Македонија АД, Скопје, во врска со ваквите проблеми на граѓаните, секогаш резултираа со добивање на соодветна информација за секое поединечно барање. Во случаите кога Народниот правобранител од ЕВН Македонија АД, Скопје, бараше брза интервенција заради повторно приклучување на корисниците во електродистрибутивната мрежа, со нудење на поволности заради исполнување на минималните услови за повторно приклучување, постапката се завршуваше успешно.

Во извештајната година значително е зголемен бројот на претставките кои се однесуваа на високите фактури за потрошена електрична енергија, како резултат на неотчитувањето на броилата секој месец. Народниот правобранител во ваквите случаи иако не утврдуваше повреда на правата, (според Законот за енергетика, дистрибутерот на електроенерегетскиот систем е должен еднаш годишно да изврши отчитување на броилата), но сепак интервенираше до ЕВН Македонија АД, Скопје, со цел фактурите за потрошена електрична енергија да бидат изготвени врз основа на прочитана, а не проценета/аконтативна состојба (паушално).

Интервенциите на Народниот правобранител за ваквите проблеми на граѓаните, најчесто беа прифатени и откако ќе се утврдеше реалната потрошена електрична енергија, се изготвуваа променети фактури со порамнување на состојбите.

Тешката социјална и економска состојба на граѓаните, и оваа извештајна година, како и претходната, ја диктира потребата на граѓаните, од Народниот правобранител да бараат да интервенира во ЕВН Македонија АД, Скопје, со цел да им се овозможат поволности при плаќање на долговите, така што речиси секоја претставка којашто се однесуваше на исклучувањето и регулирањето на состојбата на долгот, се сочинуваше и од барањето за овозможување плаќање на заостанат долг на повеќе рати со помали месечни ануитети. И таквите барања на Народниот правобранител резултираа позитивно. Освен на граѓаните кај кои беше утврдено неовластено користење на електрична енергија, на сите други им беше излезено во пресрет, при што им беше дадена можност за склучување спогодби за плаќање на заостанати долгови на рати.

Оваа извештајна година, за разлика од претходната, поголем беше бројот на претставките кои се однесуваа на барањата за дислокација на електроенергетски објекти. За сите такви претставки, во кои граѓаните се пожалија на трошоците при реализирање на таквата постапка, кои според законските прописи, паѓаат на товар на корисникот, Народниот правобранител сепак покрена постапка и се обрати до ЕВН Македонија АД, Скопје, каде укажа на можноста за разгледување на сите околности на терен, со цел да се изнајде заедничко прифатливо решение и електроенергетските објекти (бандери, ормари) да се отстранат и да се дислоцираат на посоодветно место. Најчесто, укажувањата на Народниот правобранител во оваа насока не беа прифатени.

Од друга страна, во однос на испораката на вода, како и претходната година најголемиот број на претставки поднесени до Народниот правобранител се однесуваа за ЈП „Водовод и канализација"- Скопје, а се изнесуваа наводи за неажурно работење на надлежните служби на ЈП и непостапување согласно предвидените законски обврски. Во овој контекст, граѓаните најмногу бараа интервенција за регулирање на состојба на заостанатиот долг евидентиран на нивно име во службената евиденција на ЈП, како и корекција на истиот поради различни причини (неживеење во објектот, а издадени високи паушални сметки, потоа, задолжување со долг на претходен корисник или заради нередовно доставени сметки од страна на ЈП се задолжуваат со трошоци на постапка за присилана наплата, како и поради тоа што некои граѓани не биле опоменати пред да биде покрената постапка за присилна наплата). Исто така, евидентирани се и случаи каде за веќе платен долг се покренува постапка за присилна наплата од страна на ЈП, како и случаи каде корисник на услугите се утужува од страна на претпријатието иако постапил согласно склучениот договор и слично.

Народниот правобранител во повеќето од случаите по кои интервенираше утврди дека за долгот за кој се бара корекција, веќе е покрената постапка за присилна наплата, при што на граѓаните им беше оневозможено да ги искористат сите материјално правни средства кои им стојат на располагање пред надлежните органи пред кои се води постапка за присилна наплата. Во оваа насока, евидентираше случај во кој за долг на претходен корисник бил утужен сегашен корисник на услугите на ЈП. Следствено, беше покрената и постапката пред овластен извршител, но и покрај укажувањето на Народниот правобранител за предвидените законски можности за повлекување на Барањето за извршување, не беше

постапено во таа насока, со образложение корисникот на услугите да ги искористи сите правни средства кои му стојат на располагање согласно предвидените законски прописи.

Во однос на претставките во кои граѓаните се жалеа на високиот износ на поединечните фактури, со цел утврдување на фактичката состојба, Народниот правобранител писмено се обраќаше до ЈП Водовод и канализација – Скопје, но во скоро сите предмети беше утврдено дека истите биле изготвени согласно прочитана состојба на водомер, а за потврда на таквата состојба беа доставени и содветни докази.Покрај наведеното, Народниот правобранител утврди дека високиот износ на фактурите се должи на долго, претходно задолжување на корисниците по просек, поради различни причини (закочен водомер, непристапност на водомер и сл.) но, и покрај укажувањата на Народниот праобранител дека читање на состојба на водомерите, како и нивното одржување е единствена обврска на ЈП, од страна на ЈП сметаа дека има основ за корекција на истите, со посочување, незадоволните корисници на услугите да се обратаат со барање за корекција на сметка пред Комисијата за спорни сметки.

Спротивно на ова, кога поради паушално задолжување беше утврдено од надлежните служби на ЈП дека корисникот на услугата е во претплата, не постапуваше по барањата за враќање на повеќе уплатените парични средства, со обраложение дека има друг долг кој треба да се плати за конктретно мерно место или пак, дека е извршено испитување на водомерот, при што било утврдено дека водомерот е неисправен и слично.

Беа доставувани претставки и за неконтинуирано снабдување со вода за пиење, отпишување на долг поради тешка материјална состојба, за раскинување на договор, за покрената постапка за присилна наплата и покрај постапување согласно преземените обврски по склучен договор, непостапување по барање за исклучување, застареност на долг, непостапување по пријава  за дефект и слично.

Имено, Народниот правобранител смета дека и покрај неажурноста и пропустите на надлежните служби на ЈП и непостапување согласно законските обврски, сумарно не беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител и граѓаните не можеа да го остварат своето право.

Претставките за услугата снабдување со топлинска енергија оваа извештајна година најмногу се однесуваа на Снабдувачот со топлинска енергија „Балкан енерџи‟ ДООЕЛ Скопје (БЕГ), а помал број се однесуваа на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

Најчесто граѓаните бараа интервенција за ослободување од фиксниот дел од надоместокот за топлинска енергија. Постапувајќи по претставките за ова прашање, Народниот правобранител ги упатуваше граѓаните со Барање за ослободување од фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија да се обратат пред Снабдувачот со топлинска енергија БЕГ, како единствено надлежен орган за одлучување по овие барања доколку ги исполнуваат условите за ослободување, предвидени во Правилата за снабдување со топлинска енергија.

Покрај наведеното, граѓаните се жалеа на веќе донесени негативни одлуки за ослободување од фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија, поради тоа што корисниците не ги исполнувале условите за ослободување од плаќањето на ангажираната топлинска моќност од страна на БЕГ, или по приговор од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, и во ваквите случаи им се укажуваше на надлежностите на Народниот правобранител, како и за можноста да го искористат упатството или совет за правно средство.

Имаше и претставки за високиот износ на авансните фактурите за испорачана топлинска енергија споредено со други корисници на оваа услуга со иста квадратура, за неажурното работење на надлежните служби на БЕГ, поради претрпена материјална штета, непостапување по пријава на дефект на грејната инсталација, за непостапување на БЕГ по барање за поединечно исклучување од системот за централно греење, за отпишување

на долг заради тешката финансиска состојба и слично.

Евидентирани се и претставки од граѓани потрошувачи кои се однесуваат на мобилните оператори, за кои во повеќето случаи Народниот правобранител интервенираше пред Агенцијата за елекронски комуникациии како регулаторно тело кое врши надзор и контрола на работењето на мобилните оператори и повеќето од предметите беа позитивно решени.

Граѓаните пак, кои бараа заштита на потрошувачкото право пред правни субјекти во приватна сопственост, Народниот правобранител ги упатуваше со пријава за повреда на потрошувачко право да се обратат пред Државниот пазарен иснпекторат како надзорен орган.

## Констатации

- *Недостасува информираност на граѓаните за состојбата на долговите за електрична енергија.*
- *Постоечките/важечките прописи што ја регулираат областа електроенергетика, не овозможуваат граѓаните да се третираат соодветно за прескапата услуга која ја плаќаат. На пр. отчитувањето на броилата еднаш годишно, предизвикува низа заблуди кај граѓаните, или пак, трошоците за дислокација на електродистрибутивни објекти коишто секогаш паѓаат на товар на граѓаните.*
- *Покачувањето на цената на електрична енергија претставува тежок удар по нискиот буџет и животен стандард на граѓанинот.*
- *Нередовното читање на водомерите предизвикува несигурност и недоверба кај потрошувачите од изготвените фактури за потрошена вода.*
- *Исклучените потрошувачи од системот за централно греење не се доволно информирани за постапката и условите за ослободување од фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија предвидени во Правилата за снабдување со топлинска енергија, која состојба ја потврдуваат големиот број на претставки поднесени до Народниот правобранител.*

## Препораки

- *ЕВН Македонија АД, Скопје да изнајде начини како детално да ги информира, запознава и опоменува граѓаните за состојбата на нивните долгови.*
- *ЈП Водовод и канализација да врши поредовно читање на состојба на водомерите.*
- *Снабдувачот со топлинска енергија „Балкан енерџи" ДООЕЛ да воспостави механизам за детално и континуирано информирање на исклучените потрошувачи од системот за централно греење, за постапката и условите за ослободување од фиксен дел од надоместокот за топлинска енергија предвидени во Правилата за снабдување со топлинска енергија.*

## РАБОТНИ ОДНОСИ

Од направената анализа на вкупно примени претставки во текот на 2021 година од областа на работните односи, констатирано е дека тој број е намален во споредба со претходната година, односно во 2021 година се примени вкупно 218 претставки, за разлика од 2020 година кога тој број изнесуваше 258 претставки.

Во периодот опфатен со овој извештај најголемиот број претставки од областа на работните односи се однесуваат на постапките за правата од работен однос во јавната администрација-37, потоа постапките за вработување-36, исплата на плати и други надоместоци-33, поведени дисциплински постапки спрема вработени-21, постапки кај приватен субјект -9, а во дел од претставките подносителите бараа од Народниот правобранител правен совет.

Неосновано поведување на дисциплинска постапка, право на годишен одмор, распоредување на пониско работно место, непочитување на законските одредби при унапредување, се најчестите повреди на права на кои укажуваат вработените во јавната администрација.

Во претставките кои се однесуваа на повреда на постапката за вработување, подносителите најчесто укажуваа на повреда на постапката при избор на кандидати, односно се наведува дека се избираат кандидати кои не ги исполнуваат во целост условите дадени во огласот, како и дека при изборот на кандидат на одредено работно место не се почитувани сите фази на постапката.

Во зависност од состојбата констатирана по спроведената постапка по претставката, Народниот правобранител до надлежните органи кон кои надлежно постапува доставуваше укажувања, сугестии, мислења, Барање објаснување, информации и докази за наводите во претставката, Барање за вршење инспекциски надзор и тн.

Од вкупниот број на примени претставки од областа на работните односи во текот на оваа извештајна година, 23 подносители го оствариле своето право пред надлежните органи по интервенција на Народниот правобранител, односно прифатени се укажувањата, сугестиите и барањата на Народниот правобранител, а во 14 случаи постапките пред Народниот правобранител се завршени по преземање на сите законски дејствија од негова надлежност, односно иако Народниот правобранител констатира повреда на правата на подносителите и укажа на отстранување на одредени неправилности, од страна на надлежните државни органи не беше постапено согласно дадените укажувања.

Во однос на претставките од областа на работните односи, решени по интервенција на Народниот правобранител може да истакнеме дека најголемиот број од нив се однесуваат на исплата на плати и други надоместоци.

Народниот правобранител постапувајќи во рамките на овластувањата да ги штити уставните и законските права на граѓаните, во своето предметно работење утврди дека во Законот за социјална заштита, дипломираните семејнолози и стручњаци по родова проблематика се предвидени како кадри во установите за социјална заштита во член 194, меѓутоа, во членот 197 од Законот за социјална заштита којшто ги предвидува категориите на работни места на вработените во јавните установи за социјална заштита, отсуствуваат профилите семејнолог и стручњак по родова проблематика.

На овој начин, Народниот правобранител смета дека директно се прекршуваат правата на дипломираните студенти (семејнолози) на Институтот за семејни студии и дипломираните студенти (стручњаци по родова проблематика) на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет - Универзитет „Св.Кирил и Методиј", да се вработуваат како стручни соработници во установата за социјална заштита во Република Северна Македонија, поради што до Владата на Република Северна Македонија достави Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита. Во насока на изнесеното, Народниот правобранител сметаше дека профилите семејнолог и стручњак

по родова проблематика, се ставени во нерамноправна положба во однос на останатите профили од членот 197 од Законот за социјална заштита и побара нивно дополнување во наведениот член, со што би се создале нормативни претпоставки истите да може да се јават на конкурси за вршење на стручни работи во установите за социјална работа, впрочем, како и останатите стручни работници предвидени во истиот член.

Во одговор на доставената Иницијатива, Народниот правобранител беше известен дека Владата на Република Северна Македонија ќе ја има предвид Иницијативата за измени на Законот за социјална заштита при изменување на истиот.

Претставките по кои Народниот правобранител не покрена постапка (34) се однесуваат на претставките за кои Народниот правобранител нема надлежност да постапува.

Како и претходните години, така и во текот на оваа извештајна година до Народниот правобранител беа поднесени претставки од вработени во Министерството за внатрешни работи и од Синдикатот на полицијата во Македонија, при што повторно беше актуелен проблемот со неосновано издавање наредби за распоредување спротивно на законските одредби што ја регулираат оваа материја, а повреда на правата во овие случаи беа констатирани од страна на Народниот правобранител и од надлежните инспекциски органи.

Со оглед дека се работи за проблем со кој дел од вработените во Министерството за внатрешни работи се соочуваат подолг временски период, Народниот правобранител оствари средба со надлежни службени лица во Министерството за внатрешни работи, од каде побара да биде известен дали и понатаму се изготвуваат наредби за распоредување на работниците и дали наредбите за кои имаше претставки од работниците се решени.

Народниот правобранител беше информиран дека наредбите по кои имаше претставки биле повлечени и работниците биле распоредени на работните места за кои имаат решение, а новите наредби не се изготвуваат, освен во итни случаи и истите траат 30 дена.

Народниот правобрнител врз основа на поднесените претставки кои се однесуваа на запирање на износ од плата за членарина кога работникот членува освен во НСП и во други синдикати, конкретно во Синдикатот на полицијата во Македонија, констатира повреда на правата на членовите на наведениот синдикат, односно со тоа што на членовите на Синдикатот на полицијата во Македонија не се врши задршка на платите за членарина, кон истите се применува нееднаков третман, односно се ставаат во нерамноправна положба со членовите на Синдикатите со кои веќе биле склучени договори за соработка, со кој била регулирана задршката од плати на име членарина, за што достави укажување до Министерството за внатрешни работи, за надминување на ваквата состојба.

По ова прашање Народниот правобранител беше информиран дека членарината на работниците кои пристапиле во НСП, како и на сите други работници кои членуваат во другите синдикати веќе им се одзема од плата, за што ни беше доставен и доказ од електронскиот систем.

Во однос на распоредувањето надвор од работното место на живеење, за што имаше повеќе реакции од работници во Министерството за внатрешни работи, бевме информирани дека ваквите решенија во изминатите шест месеци биле укинати, а доколку сепак некое решение опстојува, на работникот му се исплаќал надоместок за превоз.

Наведеното упатува на констатацијата дека соработката со Министерството за внатрешни работи е подобрена во однос на изминатите години, со тенденција за натамошно подобрување, а со цел заштита на правата на работниците.

Во текот на оваа извештајна година соработката со државните органи, институции, јавни установи и претпријатија, како и со локалната самоуправа кон кои Народниот правобранител надлежно постапува, може да констатираме дека беше успешна, со неколку исклучоци.

## Констатации

- *Иако од страна на инспекциските органи по извршените инспекциски надзори се носат решенија во кои се констатирани неправилности и се дадени насоки за нивно отстранување, од страна на работодавачите не се постапува по истите.*
- *Сè уште не е постапено по Иницијативата на Народниот правобранител за измена и дополнување на Законот за социјална заштита*

## Препораки

- *Доследно и навремено постапување по насоките дадени од страна на инспекциските органи по извршениот инспекциски надзор, со цел отстранување на неправилностите во постапките од работен однос.*
- *Владата на Република Северна Македонија да пристапи кон измени на Законот за социјална заштита, односно во членот 197 од овој Закон да бидат дополнети профилите семејнолог и стручњак по родова проблематика.*

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ

Во текот на 2021 година до канцеларијата на Народниот правобранител во областа социјална заштита и сигурност се евидентирани вкупно 183 претставки, што во споредба со претходната година кога беа евидентирани 142 претставки, оваа година видно е дека бројот на претставки е зголемен за околу 29 %. Според мислењето на Народниот правобранител овој раст е резултат на зголемување на бројот на социјалните случаи поради пандемијата со Ковид 19, а исто така, неможноста на граѓаните да ги остварат некои од паричните права од социјална заштита поради последните измени на Законот за социјална заштита (мај 2019 година), кој се покажа покомплициран од претходниот Закон.

Најголем дел од претставките се однесуваа на паричните права од социјална заштита, и тоа правото на гарантирана минимална помош (37), потоа правото на надоместок за помош и нега од друго лице (35), правото на еднократна парична помош (3), правото на надоместок за скратено работно време (2), правото на надоместок заради попреченост (3), траен надоместок (3). Додека дел од претставките (16) се однесуваа за правото за социјална сигурност за стари лица (социјална пензија), семејно насилство (5), социјални услуги (5) и во 23 случаи граѓаните побараа само правен совет.

Народниот правобранител со посебно внимание ги разгледуваше претставките поврзани со социјалната заштита и сигурност, поради фактот дека се работи за категорија на најранлива група на граѓани кои се под социјален ризик. Постапувајќи по претставките на граѓаните, а во интерес на заштита на нивните уставни и законски права, Народниот правобранител преземаше мерки спрема Центрите за социјална работа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а во случаи на констатираната повреда на правата укажуваше, препорачуваше и даваше мислење за преземање на соодветни мерки од страна на органите пред кои надлежно постапува.

Од предметното работење Народниот правобранител констатираше дека на голем

број граѓани неоправдано им беше укинато правото на гарантирана минимална помош, со образложение дека оствариле неоправдано примени средства од други извори, како: игри на среќа, брз трансфер на пари, награди на првенец на генерација и др., кои средства беа симболични и не можеле да влијаат во подобрување на нивниот социјален статус. Народниот правобранител оцени дека тие лица и понатаму живеат во тешки финансиски услови и претставуваат ранлива категорија во општеството. Во оваа насока, Народниот правобранител како најфлагрантен го евидентираше случајот на една средношколка од Скопје, првенец на генерација (најдобар ученик), на чие семејство му беше укината правото на гарантирана минимална помош, поради добивање на средства како награда за првенец на генерација. Во однос на апсурдноста на случајот, Народниот правобранител пред надлежните институции во неколку наврати укажуваше дека во конкретниот случај, ученичката и нејзиното семејство наместо да се наградуваат и да се мотивираат, државата таквите примерни семејства и примерни ученици ги казнува и ги демотивира. Интервенциите и инсистирањата на Народниот правобранител се покажаа успешни со тоа што на ова семејство му беше продолжено правото на гарантирана минимална помош.

Во 2021 година сериозен проблем за голем број на граѓани претставуваше укинувањето на правото на надоместок на помош и нега од друго лице од страна на Центрите за социјална работа. На граѓаните, без нивна вина им беше оневозможено да обезбедат наод, оцена и мислење од Стручните лекарски комисии формирани од Јавните здравствени установи.

Како што веќе е потенцирано и во претходниот годишен извештај, новиот Закон за социјална заштита и сигурност донесен 2019 година наместо да ги олесни постапките за остварување на правото за надоместок на помош и нега од друго лице напротив, Законот ги искомплицира и отежна овие постапки. Новото законско решение, секој, без ограничување да поднесе барање, придонесе за зголемување на бројот на новите барања кои заедно со барањата за обновување на правото на оние кои имале претходно доделено право, со контролен преглед и на оние нерешени барања од времето пред примена на измените од Законот за социјална заштита и пред формирањето на новите комисии. Ваквата состојба придонесе за се помалата можност да се изнајде соодветен термин за разгледување на секое одделно барање пред стручните комисии. Во такви услови, комисиите не можеа навремено и ефикасно да одговараат на барањата на граѓаните кои според изјавите на Министерството за здравство бројот на доставените барања го надминале капацитетот на работа на комисиите. Како последица на ваквата состојба многу граѓани неоправдано го изгубија правото на надоместок на помош и нега од друго лице.

Народниот правобранител интервенираше со доставување на посебни информации до Владата на РСМ, укажувајќи дека е неопходно потребно надлежните органи на Министерството за здравство да преземат соодветни активности и мерки за надминување на овој сериозен проблем за граѓаните. Истовремено, Народниот правобранител укажуваше дека поради нефункционалноста на стручните лекарски комисии се зголемува социјалниот ризик, како и сиромаштијата кај ранливите групи граѓани, при што не само што не се испочитувани законските рокови, туку и не е одлучено по барањата на граѓаните во еден разумен период, иако станува збор за лица кои се во тешка здравствена и социјална состојба.

При остварување на правото за надоместок на помош и нега од друго лице, граѓаните се жалеа и на работата на матичните лекари, кои според нив не покажуваат интерес и упорност за следење и утврдување на слободни термини, со што дополнително се одолжуваше постапката. Во овој контекст, Народниот правобранител контактираше и со матичните лекари, барајќи од нив поголемо внимание и посветеност за изнаоѓање на термини пред лекарските комисии.

Посебен проблем при остварување на правото на надоместок на помош и нега од друго лице за барателите претставуваше и тоа што за време на пандемијата стручните лекарски комисии издаваа наод и мислење од далечина, односно без да се утврди

фактичката и реалната состојба на пациентот. Имено, уште од почетокот на пандемијата Министерството за здравство упатило до стручните лекарски комисии насоки за работа во посебни услови, кои се уште важат и се во рамките на препораките за ограничување на можноста за ширење на болеста со ограничување на физичкиот контакт помеѓу лекарите (членовите на комисијата) и пациентите (баратели на надоместокот), па така стручните комисии изготвуваат наод, оцена и мислење без претходно да биде прегледан пациентот, односно без физичко присуство на пациентот што упатуваше кон тоа дека не се утврдува фактичката и реалната здравствена состојба на пациентот.

Народниот правобранител сметаше дека ваквото бирократско однесување и одлучување на стручната комисија, односно од дистанца да ја оцени здравствената состојба на пациентот претставува сериозна повреда на неговите уставни и законски права. Народниот правобранител оцени дека ваквото одлучување дури не го оправдува ниту фактот дека и овие органи при нивното дејствување се прилагодени на условите создадени од пандемијата. Затоа, Народниот правобранител за неколку конкретни предмети, пред надлежните органи предложи повторување на постапката, во која реално и објективно ќе се оцени здравствената состојба на пациентот со негово физичко присуство. Предлозите на Народниот правобранител од страна на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство не беа прифатени.

Во дел од претставките граѓаните се жалеа на одлуките на првостепените органи укажувајќи дека се нецелосни и не е правилно утврдена фактичката состојба. Поаѓајќи од фактот дека Народниот правобранител нема надлежност да ги укине, менува или поништи ваквите одлуки, ги советуваше граѓаните да поднесат жалба до надлежниот второстепен орган, а во случаи кога граѓаните го прифаќаа таквиот совет ја продолжуваше постапката пред второстепениот орган, со соодветни укажувања и доставување на докази заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба. Како резултат на ваквиот начин на работа на Народниот правобранител, многу граѓани ги остваруваа нивните социјални права.

Народниот правобранител во годината за која известува, се соочи и со претставки кои се однесуваат на семејно насилство. Поплаките се однесуваа на вршење на психичко и семејно насилство врз семејството, од членови од семејството, тешки проблематични односи помеѓу сопружниците, меѓу односите родители-деца и други конфликти. Според претставките како жртви на семејно насилство во поголем случаи се жените, кои, исто така се најбројни во барањето заштита пред Народниот правобранител.

Поаѓајќи од сериозноста на наводите во претставките за семејно насилство, Народниот правобранител од надлежните органи, односно центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи, бараше да постапат и без одлагање да преземаат мерки по секоја пријава за семејно насилство, по секое барање за заштита на жртвите, а исто така да преземат и соодветни мерки и кон сторителот на насилство.

Народниот правобранител укажуваше на надлежните институции, особено на полицијата, да ја следи состојбата и однесувањето на сторителите на насилството, односно следење и почитување на веќе изречените мерки за заштита на жртвите, донесени од страна на надлежните судови.

Народниот правобранител при предметното работење евидентираше случаи кога жртвите на семејно насилство ги повлекувале пријавите за овој вид кривично дело. Според информациите на Народниот правобранител, жртвите, често пати се одлучуваат да молчат, односно да не го пријавуваат семејното насилство, затоа што не го препознаваат како однесување кое претставува сериозно кривично дело кое треба да се санкционира, а често пати го третираат и како внатрешен семеен проблем и како нормална семејна појава. Причина за непријавување на случаите за семејно насилство е и стравот од одмазда и натамошно зголемување на насилството, како и во недовербата на жртвите кон работата на надлежните институции за заштита од насилство.

Како и претходните години, и оваа извештајна година Народниот правобранител регистрираше случаи на несоодветна соработка помеѓу првостепениот орган со второстепениот орган, односно ненавремено доставување на предмети со целокупната документација од страна на Центрите за социјална работа до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, кој беше попречен да постапи во законскиот предвиден рок по добиените жалби од страна на граѓаните. Во ваквите случаи, поединечно за секој предмет, Народниот правобранител заради ажурирање на постапката со очигледниот застој во донесувањето на второстепените одлуки по жалбите на граѓаните, континуирано доставуваше укажувања до Центрите за социјална работа, по што продолжуваше постапката при надлежната второстепена комисија.

## Констатации

- *Укинувањето на правото на гарантирана минимална помош на лице под социјален ризик поради добивање на средства од други извори, (награда за првенец на генерација, игри на среќа, брз трансфер на пари и др.) е неправедно, поради фактот што овие извори не го менуваат социјалниот статус на корисникот.*
- *Стручните лекарски комисии по барањата на граѓаните за остварување на правото на помош и нега од друго лице, одлучуваат арбитрарно, од далечина, без присуство на пациентот.*
- *Нема доволно стручни лекарски комисии и слободни термини сразмерно на големиот број на барања за остварување на правото на надоместок на помош и нега од друго лице.*
- *Останува констатацијата дека соработката помеѓу провстепениот и второстепениот орган е ненавремена и неефикасна, што влијае негативно во остварување на социјалните права на граѓаните.*

## Препораки

- *Надлежните институции да не им го укинуваат правото на гарантирана минимална помош на лицата кои остваруваат минимални средства од други извори (награда за првенец на генерација, брз трансфер на пари, игри на среќа и др.), со оглед дека овие средства не го подобруваат социјалниот статус на корисникот и нивната финансиска положба.*
- *Стручните лекарски комисии при издавање наод, оцена и мислење за остварување на правото за надоместок на помош и нега од друго лице, реално да ја утврдат фактичката состојба, со присуство на пациентот.*
- *Министерството за здравство да го зголеми бројот на стручните лекарски комисии и слободни термини, сразмерно на бројот на барателите, за остварување на правото на надоместок на помош и нега од друго лице.*
- *Да се воспостави редовна, навремена и ефикасна соработка помеѓу првостепените и второстепените органи кои одлучуваат за правата на граѓаните од социјална заштита.*

# УРБАНИЗАМ, ГРАДБА И ДОМУВАЊЕ

Во текот на 2021 година во областа *Урбанизам и градба* беа поднесени 136 претставки, а во областа *Домување* - 27 претставки, или вкупно 163 претставки. Најголемиот број претставки од граѓани за заштита на права од областа урбанизам и градба, беа поднесени во централната канцеларија во Скопје – 67, иако неспорно интерес за остварување на права во оваа област имаа и граѓаните од другите градови, што е видно и од бројот на претставките поднесени и во Подрачните канцеларии на Народниот правобранител.

Согласно содржината на претставките, најголем број (27) се однесуваа на одолжување на првостепена постапка, односно на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, а 25 за ненавремено постапување на градежната инспекција по пријави на граѓани за сомнежи за отпочнување на бесправни градежни активности. Покрај ова, во 12 случаи е побарана заштита поради одолжување на второстепена постапка по жалба против управни акти, а 11 за постапки за изменување и дополнување на детален урбанистички план.

Проблемите со кои се соочуваа граѓаните и оваа година се скоро исти и непроменети, како и претходните години. Единствено нешто што е карактеристично, се реакциите што ги предизвика Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Имено, тоа е закон по многу работи специфичен и секако единствен, но и по фактот што за разлика од кој било друг закон досега, беше донесен со рок на траење. Имено, Законот беше стапен на сила на 03.03.2011 година со определена важност од 10 години, за кој период се претпоставувало дека ќе биде доволен временски период да биде комплетно спроведена целокупната постапка за т.н. легализација на повеќе десетини илјади бесправно изградени објекти. Но, праксата покажа дека овој временски период беше недоволен успешно да се оконча постапката, односно според некои непотврдени сознанија досега се завршени нешто малку повеќе од половината од постапките, така што останати се во фаза на постапување по огромен број на предмети за кои граѓаните долги години чекаат разрешување на овие прашања кои за нив се секако од есенцијално значење. На 03.03.2021 година законот престана да произведува правна сила и настана правен вакум и правна недоумица како понатаму. Единиците на локалната самоуправа се соочија со правна неможност да ги продолжат отпочнатите постапки, со што настана дополнително одолжување на и онака веќе маратонското траење на постапките и чекањето на граѓаните. Дури во текот на месец август стапија на сила законските измени со кои рокот на важење на законот беше продолжен за дополнителни 5 години, по што процесот на легализација на бесправните градби продолжи, а дали и овој рок ќе биде доволен останува праксата да покаже.

Проблемот во доменот на отстранување на бесправните градби останува ист како и години наназад иако вкупниот број на ваков вид претставки е само 9, а тој е неотстранување на бесправните градби од страна на локалните власти, кога бесправниот градител тоа самиот не го направи.

Причините за ова се повторно исти – необјавување на јавен повик за избор на изведувач, необезбедување финансиски средства во општинските буџети за оваа намена и само формално ставање на бесправните градби во Програмите кои се носат за отстранување на бесправните градби, а кои не се реализираат.

Може да се констатира дека Општините, особено инспекциските органи, постапуваат по Барањата на Народниот правобранител, доставуваат целосни и суштински одговори со приложување на бараните докази но, во повеќето случаи тоа го прават со пробивање на дадениот рок или после доставени Ургенции.

Во однос пак, на поплаките на граѓаните поврзани со областа *Домување*, поплаките на граѓаните се однесуваа на правото на доделување на државен стан под закуп и за откуп на државен стан, или пак, се бараше само правен совет.

Состојбата со малиот број на поднесени претставки во оваа област беше повод

Народниот правобранител во рамките на своите активности да спроведе еден вид истражување за состојбата со изградбата и доделувањето под закуп на државни станови на лица во социјален ризик и други ранливи групи.

Министерството за транспорт и врски и пред сè Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката се надлежни за реализација на Проектот за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски приходи, а согласно програмата за изградба, продажба и одржување на станбениот простор сопственост на Република Северна Македонија за 2021 година. Предвидената изградба на вкупно 32 станбени објекти/згради во повеќе градови во Република Северна Македонија во голем дел е веќе реализирана, односно досега според овој проект се изградени/завршени 21 објект со вкупно 974 станбени единици, од кои до крајот на 2021 година се распределени вкупно 731 станови, преостануваат уште 243 изградени станови да бидат распределени, а во тек на изградба се уште се 640 станови.

Може да се констатира дека состојбата со изградбата и доделувањето под закуп на станови на лица во социјален ризик и други ранливи групи кои имаат нерешено станбено прашање во Република Северна Македонија е на ниво кое ги исполнува само најосновните потреби на одреден број на граѓани кои се во социјален ризик. Несомнено е дека е голема потребата од изградба на многу повеќе социјални станови со кои успешно би се разрешил проблемот на големиот број лица во социјален ризик кои го немаат решено станбеното прашање. Поради тоа, Народниот правобранител препорачува Владата на Република Северна Македонија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката во наредниот период континуирано да обезбедуваат финансиски средства неопходни за изградба на нови и одржување на постојните станови кои под закуп ги користат лицата во социјален ризик.

## Констатации

- *Сè уште е многу голем бројот на постапки кои се во тек за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.*
- *Постои голема потреба од изградба и доделување под закуп на државни станови на лица во социјален ризик.*

## Препораки

- *Единиците на локалната самоуправа да преземат дополнителни активности за окончување на постапките за легализација на бесправните градби.*
- *Надлежните државни институции континуирано да обезбедуваат финансиски средства потребни за изградба на државни станови за доделување под закуп на лица во социјален ризик со нерешено станбено прашање.*

# КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Бројот на примените претставките коишто се однесуваа на заштита на права на осудени и притворени лица, во текот на извештајната 2021 година е 161, што е показател дека динамиката на испраќање поплаки до Народниот правобранител заради повредени права на лица кои се наоѓаат во казнено-поправните и воспитно-поправните установи е слична како и изминатата година (170) претставки.

Видно од содржината на поплаките, голем проблем во казнено-поправните и воспитно-поправни установи е обезбедувањето на здравствена заштита, особено упатувањата на специјалистички и стоматолошки прегледи надвор од установите. Дополнителни тешкотии во овој сегмент создаде и пандемијата, од причина што за секој ваков преглед осудените лица претходно мораа да направат корона тестови и вирус маркери.

Постапувајќи во насока на детектирање на причините за „секогаш актуелниот" проблем со здравствената заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Народниот правобранител, Одделот за заштита на права на лицата лишени од слобода, во текот на август 2021 година изврши увид во сите Казнено-поправни установи и Воспитно-поправни установи на територијата на Републиката.

Од извршениот увид при посетата на овие установи, Народниот правобранител утврди дека и покрај јасно уреденото законско решение, со кое медицинскиот персонал во установите треба да биде професионално независен, на начин што тој ќе биде дел од јавно здравствената мрежа, Законот за извршување на санкциите сѐ уште не се спроведува доследно во пракса. При извршените посети, Народниот правобранител увиде дека во установите нема медицински персонал кој е дел од вработениот затворски персонал, но во некои установи, при недостиг на соодветен персонал назначен од јавно здравствената мрежа, установите се приморани самостојно да ангажираат медицински персонал, на кој начин повторно се нарушува принципот на професионална независност. Притоа, и во услови на назначен персонал од страна на јавно здравствената мрежа, најчесто персоналот не е доволен за обезбедување на соодветна здравствена заштита на лицата во установите. Најголем дел од установите(речиси во половина од нив) воопшто немаат медицинска сестра/брат, а постојат и установи во кои нема ниту општ лекар, ниту останат медицински персонал назначен од јавно здравствената мрежа (во КПД Прилеп самостојно е ангажиран психијатар кој извршува и функција на општ лекар; во Затвор Гевгелија, воопшто нема медицински персонал, поради што сите потребни здравствени услуги се третираат надвор од установата, за што трошоците паѓаат на товар на Затворот; отвореното одделение на КПД Идризово во Велес, воопшто не располага со медицински персонал и во поглед на здравствените потреби установата комплетно зависи од КПД Идризово; отвореното одделение на Затвор Куманово во Крива Паланка, исто така воопшто не располагаат со медицински персонал, а во случај на потреба од медицински прегледи, многу често осудените лица се спроведуваат до медицинските установи со возила коишто се во приватна сопственост на претставниците на затворската служба).

Сличен е случајот и со недостигот на лекар-специјалист психијатар во установите, поради што лицата по потреба се спроведуваат до локалните психијатриски одделенија, со што се зголемуваат финансиските трошоци за установите, а едновремено укажаната психијатриска помош се сведува на препишана медикаментозна терапија.

Амбулантите во установите вообичаено се состојат од ординација на матичен лекар и соба за прегледи, коишто се опремени со основната опрема, соодветен ормар за лекови, медицински кревет, апарат за мерење притисок, апарат за мерење шеќер, а само неколку установи располагаат со функционални ЕКГ апарати, дефибрилатори, боци за кислород и маски и сл., но најчесто опремата со којашто затворските амбуланти располагаат е дотраена или нефункционална. Затвор Скопје, КПД Идризово, КПД Штип, Затвор Куманово и ВПД Тетово располагаат и со добро опремени стоматолошки ординации, но истите не се секаде

во функција поради недостиг на стоматолошки кадар во установата.

Во делот на повреда на права од здравствена заштита, Народниот правобранител постапуваше и по неколку предмети покренати од осудени лица поради неможност да закажат термин за специјалистички преглед, или хируршка интервенција во Јавната Здравствена Установа (ЈЗУ) Клиника за Дигестивна хирургија – Скопје. По интервенција на Народниот правобранител на овие лица им беа закажани термини за специјалистички прегледи, а за две лица е извршена и соодветна хируршка интервенција пред ЈЗУ Клиника за Дигестивна хирургија – Скопје.

Во сите единаесет казнено-поправни установи, имајќи ги предвид, минимум поставениот стандард од Европскиот комитет за спречување на тортура, како и стандародот поставен со домашната правна регулатива, реалниот сместувачки капацитет за осудени лица е 1947, а во текот на посетите (спроведени во август) на установите, беа затекнати вкупно 2058 осудени лица.

Реалниот сместувачки капацитет во установите, наспроти затекнатата состојба со бројност на осудени лица, неспорно укажува дека казнено-поправните установи повторно се соочуваат со состојба на прекубројност (на пример во Казнено-поправната установа „Идризово" капацитетот е 900 лица, а во моментот на посетата таму се затекнати 1102, потоа во казнено-поправниот дом Штип капацитетот е за 160 лица, а беа сместени 227), којашто е особено изразена во установите од затворен вид, како и во затворените одделенија на установите.

Имајќи предвид дека во овој вид на установи и одделенија се сместуваат осудени лица за кои е изречена казна затвор со подолго траење, како и осудени лица со повисок степен на ризик, следствено расте и ризикот од закани и насилство меѓу осудените лица, што истовремено предизвикува последици врз општата безбедноста во установите. Притоа, прекубројноста во затворените одделенија на казнено-поправните установи, оневозможува соодветно распоредување на осудените лица, врз основа на извршената проценка на ризик и потребите на секој случај поединечно.

Ваквата констатација се потврдува со фактот што во извештајната година, исто така, имаше поплаки од осудени и притворени лица коишто се жалат на конфликтни ситуации меѓу осудените/притворените лица, што пак, влијеше на нивната безбедност. Народниот правобранител постапувајќи по овие претставки побара од установите да се испитаат сите вакви ситуации и онаму каде навистина постоеше опасност за безбедноста да се изнајде решение со преместување во други простории. За сите споменати постапки, од страна на управата на установите беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител и лицата беа преместени во друга соодветна просторија во рамките на истата установа.

Народниот правобранител постапуваше по претставка поднесена од притворено лице, од причина што надлежниот судија не дозволил да се изврши спровод на погреб на починат родител. Постапувајќи по споменатата претставка, Народниот правобранител до Основниот Кривичен суд Скопје упати препорака во иднина при одлучувањето за ист, или сличен случај, да се земаат предвид сите околности, како и интересите на странките, особено во поглед на почитувањето на елементарните човекови слободи и права. Исто така, при одлучување да се земе предвид веќе воспоставената домашна пракса на постапување во случај на смрт на член од потесното семејство на притворено лице, според која одговорниот судија го одобрува спроводот.

Покрај казнено-поправните установи, Народниот правобранител ги следеше состојбите и во Воспитно-поправните установи. Во текот на извештајниот период беше посетен Воспитно-поправен дом Тетово каде што се сместуваат машките деца упатени на издржување воспитно-поправна мерка. Со цел согледување на ситуацијата со женските деца упатени на издржување воспитно-поправна мерка, а кои се сместуваат во Воспитно-поправен дом за женски лица во КПД Идризово, Народниот правобраител при посетата на оваа установа утврди дека овие девојчиња се во постојан непосреден контакт со

возрасни осуденички кои издржуваат казна затвор. Со цел надминување на оваа состојба, која може штетно да влијае на децата и да го попречи остварувањето на процесот на нивно превоспитување, како и фактот дека законските прописи не дозволуваат мешање на малолетничките со возрасните осуденички, Народниот правобранител веднаш укажа на одговорните лица во установата за наоѓање решение за преместување на женските деца во друга соодветна установа којашто ќе ги исполнува законските критериуми за успешно остварување на процесот на превоспитување или пак, во дел од установата каде што ќе бидат изолирани од контакти со осуденички. И во овој случај беше постапено по препораките на Народниот правобранител, како резултат на тоа што женските деца се преместени во засебен изолиран дел од Воспитно- поправниот дом за женски лица во КПД Идризово.

Но сепак, Народниот правобранител смета дека казнено-поправниот дом Идризово не е соодветна установа за сместување на деца, од причина што нема услови за остварување на основната цел на упатувањето на издржување воспитно поправна мерка, а тоа е нивното превоспитување, коешто се постигнува со соодветни методи за воспитна работа со детето, услови за задолжително образование и воспитување, услови за стекнување и развивање на позитивни навики, услови за активно користење на слободното време и сл, поради што укажува на потребата од наоѓање решение за преместување на женските деца упатени на издржување воспитна поправна мерка во друга соодветна установа, којашто ќе ги исполнува законските критериуми за успешно остварување на процесот на превоспитување, што претставува основна цел на упатувањето во воспитно-поправен дом.

И покрај тоа што во извештајниот период не беше поднесена ниту една претставка заради недостиг на образовен процес, имајќи ја предвид значајноста на образованието за осудените и притворените лица, а особено за децата, Народниот правобранител при посетите во установите изврши проверка на нивото на остварување на образовен процес, при што увиде дека во казнено-порпавните установи и воспитно-поправниот дом во Републиката, формален образовен процес речиси не постои. Дел од установите, преку Управата за извршување на санкциите, образовно-едукативниот процес го обезбедуваат во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Министерството за образование и наука и локалните училишта, а во дел од установите се организираат обуки и курсеви за стекнување со занаети во различни струки и области (на пр. дрвопреработувачка дејност, заварувачи, готвачи, пекари, градинари, бербери и сл.), за што посетителите на обуките се стекнуваат со соодветни дипломи. Сепак, Народниот правобранител смета дека ваквиот начин на обезбедување на образование за лицата не е доволен, особено, поради тоа што истиот е од времен карактер и без континуитет, поради што упатува препорака до надлежните установи за надминување на состојбата.

Ниту оваа година не изостанаа претставките заради незадоволство од постапка пред судски орган, користење на погодности, прекин на казна и преместување во друга казнено-поправна установа. При ваквите претставки Народниот правобранител информираше и потсетуваше дека барањата се надвор од законската надлежност за постапување на институцијата, а едновремено упатуваше правен совет за начинот на водење на постапката за остварување на тие барања.

## Констатации

- *Не се почитува, до крај, законското решение во поглед на назначување медицински персонал од јавно здравствената мрежа во казнено-поправните установи, поради што установите се соочуваат со сериозен недостиг на соодветен медицински персонал којшто треба да биде назначен од мрежата на јавното здравје, што резултира со несоодветна медицинска грижа за осудените и притворените лица во установите.*
- *Затворските амбуланти се соочуваат со недостиг на соодветна медицинска опрема.*
- *Установите често се соочуваат со недостиг на лекови коишто се наоѓаат на позитивната листа на лекови.*
- *Сместувањето на женски деца упатени на издржување воспитна поправна мерка во КПД Идризово е несоодветно.*
- *Спроведувањето на соодветен образовен процес во казнено-поправните установи, не е на задоволително ниво, како од перспектива на обезбедување соодветни просторни, материјални и кадровски услови, така и од перспектива на континуитет и трајност на веќе воспоставените процеси на формално и неформално образование.*

## Препораки

- *Министерството за здравство, Управата за извршување на санкциите и одговорните лица во установите, со меѓусебна координација да овозможат доследно спроведување на одредбите од Законот за извршување на санкциите, во секоја установа да биде назначен минимум потребниот медицински персонал, неопходен за задоволување на потребите од здравствена заштита.*
- *Министерството за здравство во соработка со Управата за извршување на санкциите да преземе одговорност за обезбедување на затворските амбуланти со соодветна функционална медицинска опрема.*
- *Министерството за здравство во координација со Управата за извршување на санкциите да воспостави механизам за предвидување на потребното количество на лекови за установите и непречено да ги обезбедува со лекови сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи без исключок, како би се прекинала праксата на установите за самостојно обезбедување на лековите.*
- *Да се изнајде решение за преместување на женските деца упатени на издржување воспитно поправна мерка во друга соодветна установа којашто ќе ги исполнува условите за успешно остварување на процесот на превоспитување.*
- *Поголема ангажираност од страна на Управата за извршување на санкции и Министерството за образование и наука, во соработка со одговорните лица во установите, во насока на преземање активности и мерки за обезбедување на просторни, материјални и кадровски услови, како и за одржување континуитет во образовниот процес.*

# ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ

Во областа имотно-правни односи, во текот на 2021 година се поднесени вкупно 150 претставки, кои во најголем дел се однесуваа на заштита на права на граѓаните-странки во постапките за денационализација. Во споредба со 2020 година кога беа поднесени 134 претставки, ова претставува благ пораст на вкупниот број поднесени претставки.

Во врска со денационализацијата, од страна на граѓаните побарана е интервенција во 45 случаи, а постапувањето по претставките потврди дека и оваа извештајна година, продолжи праксата комисиите за денационализација да не преземаат дејства за извршување на пресудите на Управниот суд или Вишиот управен суд, односно да донесат нов акт согласно изнесеното правно сфаќање и дадените укажувања по пресудите. Во таа насока Народниот правобранител согласно своите овластувања во неколку наврати даде укажување до комисиите за денационализација да постапат по пресудите на управните судови.

Народниот правобранител, по одредени предмети констатира извесен напредок во обезбедување на доказите по службена должност од страна на одредени комисии за денационализација. Меѓутоа, дејствијата за ажурирање на постапката за доставување списи по одредени предмети од денационализација се преземени исклучиво по интервенција на Народниот правобранител. Инаку, во извештајната година, од одредени комисии за денационализација во Министерство за финансии нотиран е застој на работата на комисиите, поради општата позната состојбата со Ковид – 19, што особено дојде до израз во работењето на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Карпош.

Од друга страна, постапувањето по претставки поврзани со приватизација на градежно земјиште (вкупно 39 претставки), покажа дека процесот на приватизација на градежно земјиште и натаму се одвиваше многу отежнато и за ретко кој граѓанин во 2021 година, беше донесена позитивна одлука. Впрочем, во сите предмети и оваа извештајна година се забележува неефикасно постапување на Управата за имотно-правни односи и нејзините организациски единици во обезбедување на докази и податоци по службена должност. Токму затоа, од страна на Народниот правобранител, по одредени предмети се интервенираше со цел од други органи да обезбедат докази и податоци по предметите од областа на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. Основна причина за таквата состојба е тоа што одредени одделенија на Управата за имотно-правни работи не се кадровски екипирани, а дополнително влијаше и состојбата со Ковид – 19.

Во однос на претставките за остварување на правата на граѓаните во Агенција за катастар на недвижности, за што беа поднесени 29 претставки, и оваа извештајна година повеќето претставки се однесуваа за запишување на промена во катастарот на недвижности. Во тој контекст,од одредени претставки на граѓаните се забележува непостапување на Агенцијата за катастар на недвижности по судските одлуки на Управниот суд и Вишиот управен суд, како и ненавремено доставување на списите по предметите до Управниот суд и обратно. Во таа насока, и оваа извештајна година продолжи праксата во случаи кога Катастарот постапил по донесените пресуди на Управниот суд и Вишиот управен суд нецелосно, односно повторно издал потврди со иста содржина како претходно поништените.

## Констатации

- *Во 2021 година, најмногу претставки од областа имотно-правни односи беа од денационализација, процес кој веќе трае преку дваесет години. Процесот на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост се одвиваше многу отежнато и за ретко кој граѓанин беше донесена позитивна одлука. И понатаму, продолжува состојбата со кадровско неекипирање на одредени одделенија на Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии.*
- *И во текот на 2021 година, комисиите за денационализација продолжија со праксата да не преземаат дејства за извршување на пресудите на Управниот суд или Вишиот управен суд, односно да донесат нов акт согласно изнесеното правно сфаќање дадени укажувања по пресудите.*
- *Агенција за катастар на недвижности и понатаму не презема дејства за целосно спроведување на донесените пресуди на Управниот суд и Вишиот управен суд.*

## Препораки

- *Управата за имотно-правни работи, како и нејзините организациски единици да ја ажурираат постапката за обезбедување докази и податоци од други органи во постапка за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.*
- *Комисиите за денационализација да преземат дејства за извршување на пресудите на Управниот суд или Вишиот управен суд, односно да донесат нов акт согласно изнесеното правно сфаќање дадени укажувања по пресудите.*
- *Агенцијата за катастар на недвижности да преземе дејствија за брзо, ефикасно и целосно постапување по донесените судски одлуки на Управниот суд и Вишиот управен суд, како и навремено доставување на списите по предметите до Управниот суд и обратно.*

## ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

Во текот на 2021 година во областа полициски овластувања се евидентирани вкупно 117 претставки, што е за 10% помалку во однос на претходната година, кога беа регистрирани 130 претставки.

Оваа извештајна година како и претходната, граѓаните се жалеа за непреземање мерки по кривични пријави и други поплаки (42), недоволно преземање на мерки од страна на полицијата за откривање и фаќање на сторителите на кривичните дела (12), меѓу кои и за откривање на убиства и тешки кражби, за неукажување на помош од полицијата и заштита на граѓаните (12), како и неосновано одземање и враќање на предмети во полициска постапка (11). Дел од поднесените претставки (15) се однесуваа на неосновано или противзаконито лишување од слобода, неосновано приведување и неосновано повикување и задржување во полициска станица, повреди на правата во прекршочните постапки (9), и претставки во кои граѓаните побараа само правен совет (8).

Народниот правобранител како специфичен го евидентираше случајот на неоткривање на сторителот на убиството на 29 годишно лице, кое се случило во кафеана во село Батинци-Скопско, во месец јули 2020 година. Иако убиството се случило пред поголема толпа на луѓе, имало голем број на очевидци на настанот, и биле разгледувани и снимките од видео камерите, полицијата не му дала никакви информации на таткото, односно на семејството на убиениот, и сѐ уште не го открила сторителот.

Кабинетот на министерот за внатрешни работи до кого Народниот правобранител првично се обрати, како и Одделот за внатрешна контрола, професионални стандарди и криминалистички истраги не одговорија суштински и соодветно на барањата и укажувањата на Народниот правобранител, согласно сериозноста и тежината на стореното кривично дело. Имено, во конкретниот случај Народниот правобранител укажа пред надлежните институции дека неприкосновено е правото на родителот да биде информиран и запознаен со околностите, причините и сторителот на убиството на неговиот син. Во однос на овој случај Јавното обвинителство сѐ уште не ги утврдило сите околности поврзани со убиството и за време на изготвување на овој извештај сѐ уште нема донесено јавно обвинителска одлука.

Дел од граѓаните во претставките се жалеа на неоткриени сторители на тешки кражби сторени во нивните домови, јавни места и јавен превоз во Скопје, и тоа на „сред бел ден". Поплаките се однесуваат на неоткривање на сторителите на кражбите од страна на полицијата, особено во реонот на Полициските станици Бит Пазар, Чаир, Гази Баба, Ѓорче Петров и др.

Граѓаните во нивните претставки укажуваа дека полицијата ги знае сторителите, но намерно не ги открива, бидејќи соработува со нив, што претставуваат сериозни обвинувања, кои Народниот правобранител нема механизми да ги утврди, но затоа укажува и бара искрен и сериозен пристап на полицијата кон откривање на сторителите на овие кривични дела.

Во оваа насока, Народниот правобранител повеќе пати во постапувањето се обраќаше до органите на прогонот, со укажување дека треба да се направат напори и да се преземат повеќе мерки и дополнителни дејствија како би се откриле сторителите кои извршуваат тешки кривични дела. Во своите укажувања Народниот правобранител потсетуваше дека основната функција на полицијата, е заштитата и почитувањето на основните слободи и права на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот, заштитата на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие кривични дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството, согласно член 3 од Законот за полиција.

И оваа извештајна година евидентни беа поплаките за несоодветно и недоволно постапување од страна на полициските службеници по пријавување на случаи за вознемирување и закани упатени од одредено лице или член од семејството, конфликти помеѓу физички лица, конфликти и расправија во семејството, нарушување на јавниот ред и мир и др. Постапувајќи по овие поплаки, Народниот правобранител констатираше дека пријавите на граѓаните само фигурираат во евидентната книга на дневни настани по полициските станици и по нив најчесто полицијата постапува само со писмено или усно предупредување кон пријавените лица. Затоа, Народниот правобранител години наназад даваше препораки дека полициските органи треба поефикасно, потемелно и посуштински да ги истражуваат пријавите и соодветно да постапуваат по нив, со преземање на дополнителни мерки и дејствија, како би се заштителе правата на подносителите.

Сепак, во извештајната година, Народниот правобранител бележи подобрување на работата на полициските службеници кон пријавите на граѓаните. Во дел од пријавите кои содржеа доволно докази, истите од страна на полицијата се проследени до основните јавни обвинителства за понатамошно постапување и одлучување, додека во оние пријави кои согласно законот нема основ за покренување постапка по службена должност, граѓаните благовремено се известени дека можат да поднесат приватна кривична тужба

пред надлежен суд.

Во областа полициски овластувања, Народниот правобранител како карактеристични ги евидентираше и претставките поднесени од учесници на протестите кои укажуваа дека одредени полицајци кои се грижеле за безбедноста на протестите се однесувале незаконски и непрофесионално.

Првиот случај се однесува на одржаниот протест на 26.02.2021 година во Скопје, (поврзан со познатиот случај „Монструм"), за кој случај постапуваше по сопствена иницијатива, а дополнително и по претставка на организаторот на протестите. Додека другиот случај се однесува на протестот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, каде учесник на протест се жалеше дека на незаконски начин бил лишен од слобода од страна на полициски службеници. И во двата случаи, Народниот правобранител констатираше непрофесионално и незаконско однесување на полициски службеници, за што побара од Одделот за внатрешна контрола да ги открие и да поведе дисциплинска постапка против тие полициски службеници. За првиот случај, Народниот правобранител беше информиран дека нема да се поведе дисциплинска постапка со образложение дека „полициските службени лица не се распознаваат на расположливите видео записи". Од одговорот, Народниот правобранител оцени дека Министерството за внатрешни работи нема волја да ги открие полицајците кои се однесувале непрофесионално. Додека за вториот случај, Народниот правобранител беше информиран дека против одреден полициски службеник ќе се води дисциплинска постапка за потешко кршење на работниот ред и дисциплина, а истовремено за овој случај од страна на Одделот е поднесено известување до Основното јавно обвинителство, за евентуална кривична одговорност.

Како карактеристични за 2021 година, Народниот правобранител ги наведува и поплаките на граѓаните кои се однесуваат на работата на сообраќајната полиција. При разгледување и анализа на овие претставки, Народниот правобранител констатираше дека често пати сообраќајната полиција во контакт со граѓаните, односно, при запирање и контрола кон возачите се однесува непрофесионално и некоректно, поради што од Одделот за внатрешната контрола и професионални стандарди се бараше сериозно да ги истражи таквите наводи на граѓаните и да поведе постапка за одговорност, поради фактот дека не само што се работи за непочитување на правата и дигнитетот на граѓаните од страна на сообраќајната полиција, туку во прашање е и репутацијата на работата на полицијата воопшто.

Во овој контекст, Народниот правобранител укажа дека според актите на Министерството за внатрешни работи, полициските службеници во контактите со граѓаните се должни да постапуваат хумано, и да ги почитуваат достоинството, угледот и честа на лицата, како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот, па и да се легитимираат по барање на граѓаните, со цел тие да знаат со кој полициски службеник се во контакт.

Во многу случаи, Одделот за внатрешна контрола во постапките за утврдување одговорност за полициските службеници е солидарен и ја држи страната на полицијата, недоволно ги цени наводите на поплаките на граѓаните, не ги вклучува и нив во постапките, и недоволно ги почитува констатациите и укажувањата на Народниот правобранител.

Во однос на повреда на права во прекршочна постапка и понатаму доминираат поплаките во кои граѓаните се жалат на целокупната прекршочна постапка која се води пред прекршочниот орган, во која изразуваат незадоволство од основот на казните, кои според нив се изречени во неправилна и нецелосно утврдена фактичка состојба.

Решенијата се донесуваат без да бидат сослушани лицата за кои се води постапката и без да имаат можност да се изјаснат за тоа.

При постапувањето, Народниот правобранител интервенираше само во делот на уредна достава на поканата за сослушување, и притоа прекршочниот орган им овозможуваше на граѓаните да се изјаснат и ги сослушуваше на рочиште, но сепак нивните наводи не беа потврдени и констатирано е правилно постапување на органот во спроведената постапка

согласно Законот за прекршоците.

Соработката на Народниот правобранител со полицијата е од посебна важност, со оглед дека се работи за орган на државата кој во контакт со граѓаните има законски овластувања да употребува и средства за присилба од кои сериозно можат да бидат загрозени и повредени основните човекови права. Затоа, соработката на Народниот правобранител со полицијата претставува законска обврска и треба да биде секојдневна, суштинска и неминовна, сè со цел соодветна заштита и унапредување на човековите права и слободи на граѓаните во полициските постапки. Во оваа насока, од особена важност е соработката на Народниот правобранител како механизам за надворешна контрола на работата на полициските службеници со Одделот за внатрешна контрола кој врши внатрешна контрола, чии истраги и соработка навистина можат да придонесат во казнувањето, едуцирањето и подобрувањето на работата на полицијата кон граѓаните, што е определба на секое демократско општество.

## Констатации

- *Полициските службеници во контакт со граѓаните, во одредени случаи се однесуваат непрофесионално и непристојно, спротивно на актите на Министерството за внатрешни работи во кои точно е дефинирано дека полицијата во контакт со граѓаните е должна да постапува хумано, и да се почитува достоинството, угледот и честа на лицата, како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот.*
- *Полицијата не е доволно ефикасна, и е недоволно ангажирана во откривањето на сторителите на кривични дела поврзани со разни кражби, особено во регионот на Скопје.*
- *Одделот за внатрешна контрола во постапките за утврдување одговорност за полициските службеници недоволно ги почитува констатациите и укажувањата на Народниот правобранител, со недоверба ги оценува поплаките на граѓаните, и покажува солидарност и наклонетост само кон изјавите на полициските службеници, што доста често резултира со неказнување на полициските службеници инволвирани во конкретен случај/постапка.*

## Препораки

- *Полициските службеници во контакт со граѓаните, да се однесуваат професионално и коректно, согласно актите на Министерството за внатрешни работи во кои точно е дефинирано дека полицијата во контакт со граѓаните е должна да постапува хумано, и да го почитува достоинството, угледот и честа на лицата, како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот.*
- *Полицијата да покаже посериозен пристап при откривање на сторителите на кривичните дела.*
- *Одделот за внатрешна контрола во постапките за утврдување одговорност кон полициските службеници да ги почитува констатациите и укажувањата на Народниот правобранител, и подеднакво да ги оценува изјавите на граѓаните и изјавите на полициските службеници, а не да покажува солидарен и заштитнички однос кон полицајците.*

## ФИНАНСИИ

Повеќегодишниот тренд на намалување на бројот на поднесени претставки од областа на финансиите, незначително продолжи и во извештајната година. Имено, во 2021 година, вкупно беа поднесени 111 претставки, во споредба со 2020 година кога бројот на претставките во оваа област изнесуваше 117. Основната причина за таквата појава, меѓу другото, произлегува и од околноста дека во овој временски период во помал обем се спроведуваа постапки за присилна наплата на неплатен даночен долг, други јавни приходи и парични казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија, од страна на Управата за јавни приходи, Градот Скопје и општините, како последица на прогласената пандемија со ширењето на Коронавирусот Ковид-19.

Најголемиот дел од поднесените претставки, се однесуваат за утврдувањето и наплата на радиодифузната такса (40), за доделување на платежна картичка за купување македонски производи и услуги, ваучер за туризам или финансиска помош (32), за утврдување и наплата на даноци (20) и за банките и другите финансиски институции (9).

Притоа иако радиодифузната такса е укината заклучно со месец септември 2017 година, Народниот правобранител во контекст на предметното постапување за одредени граѓани, се уште констатира повреда на нивните права, бидејќи покрај тоа што неосновано биле запишани во регистерот на обврзници за нејзино плаќање, од Управата за јавни приходи за евидентираниот долг по тој основ, им се спроведува постапка за присилна наплата, согласно поединечните решенија кои се однесуваат на периодот на нејзино плаќање.

Ваквата состојба се должи и на тоа што со години наназад, од надлежните органи и институции, не се преземаат дејства согласно општите препораки на Народниот правобранител дадени во годишните извештаи, да се утврди одговорност за состојбата со огромниот број неосновани поединечни запишувања во Регистерот на обврзници за радиодифузна такса и за недонесувањето одлука од раководството на МРТ за отпис на неосновано евидентираниот долг за радиодифузна такса.

Следствено, од анализата на предметното работење евидентно е отсуството на каква било соработка и навремена размена на информации и податоци по службена должност, произлезени од ажурирањето/промената на Регистерот на обврзници за плаќање на радиодифузна такса, помеѓу ЈП Македонска радиотелевизија и Управата за јавни приходи. Впрочем, по барањата на граѓаните упатени директно до овие институции, без интервенција на Народниот правобранител, од нивна страна воопшто и не се постапува по службена должност за да се утврди дали истите се основани или не. Во тој сегмент, неспорен факт е дека во ваквите постапки од Управата за јавни приходи, не се води ниту грижа за доследна примена на одредбите за заштита на угледот и достоинството на даночните обврзници и за ограничувањето/изземањето од извршување, па на одредени граѓани, поради блокирањето на трансакциските сметки, им се загрозува егзистенцијата и подолг временски период, остануваат без каков било приход, а дополнително се изложуваат и на плаќање банкарски провизии за блокирање, односно одблокирање. Решението за трајно надминување на ваквите ситуации со имплементирањето на утврдената мерка „за заштита на легитимните права и правни интереси на граѓаните, преку донесување измени и дополнување на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за даноците на имот", од Министерството за финансии, Владата и Собранието на Република Северна Македонија, едноставно е заборавено.

Инаку, за разлика од преходните, во извештајнава година Управата за јавни приходи Скопје, по предметните барања на Народниот правобранител воопшто не постапува или постапува по истекот на подолг временски период, односно по доставувања на дополнителени писмени барања и ургенции.

Таквиот начин на работење се однесува и на Градот Скопје, од чијашто страна, исто

така, по предметните барања и другите интервенции на Народниот правобранител, се доставуваат формални одговори исклучиво по неколку ургенции или преку барање за вонреден инспекциски надзор од Државниот управен инспекторат.

Ваквиот неодговорен однос на Управата за јавни приходи и градот Скопје, директно е на штета на остварувањето на легитимните права и правни интереси на граѓаните, особено во случаите кога станува збор за постапките на присилна наплата преку блокирање на трансакциските сметки.

Оваа извештајна година, врз основа на околностите на секој поединечен случај, како и приложените и обезбедените факти и докази во текот на постапката, Народниот правобранител за лица - учесници во формалното средно или високо образование (ученици/ редовни студенти), со наполнети 16 години и не постари од 29 години на одредениот датум, здравствени работници, граѓани кои спаѓаат во категоријата „лица со низок доход" или пензионери, со месечен износ на пензија, не повисок од 15 илјади денари, повторно констатира состојба на повреда на нивните права.

Конкретно, тие исклучиво поради бирократските пропусти на службите, се доведени во нерамноправна положба, односно се дискриминирани затоа што иако ги исполнуваат сите услови за добивање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги, ваучер за домашен туризам или финансиска поддршка, согласно одредбите од Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници, преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба или Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, сепак истите не ги добиле.

Заради преземање дејства за отстранување на констатираните повреди и тоа на начин што ќе им го обезбеди правото за добивање платежна картичка, ваучер за туризам или финансиска поддршка, Народниот правобранител даде соодветно укажување до Владата на Република Северна Македонија.

По повод укажувањето, наместо во оставениот рок од 30 дена, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како и од канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, доставен е одговор од формален карактер, дури по два месеци. Така, наведено е дека „со укажувањето биле запознаени заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресурси и инвестиции, Министерството за здравство, Управата за јавни приходи и другите засегнати органи/ институции, со цел соодветно да постапат и дополнително да го информираат Народниот правобранител". Но, дополнително од ниту еден од овие поединци, органи и институции, до Народниот правобранител, не е доставено какво било известување за преземените мерки за спроведување на даденото укажување и остварување на правата на лицата - подносители на претставка.

Поради оневозможувањето на остварувањето на уставните и законските права на подносителите на претставки и попречувањето на неговото работење, доставен е и посебен извештај до Владата на Република Северна Македонија, во контекст на што од Генералниот секретаријат е добиен одговор дека „овој извештај бил проследен до Секторот за нормативно-правни работи, со цел да биде ставен на дневен ред на наредната седница на Владата заради разгледување". Сепак, Народниот правобранител нема добиено информација дали од Владата е постапено на таков начин, а неспорно е дека во меѓувреме се одржани повеќе владини седници.

## Констатации

- *Поради присилна наплата на радиодифузна такса, неплатен даночен долг, други јавни приходи и парични казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија, исклучиво преку блокада на трансакциски сметки во банки и одземање на сите парични средства од Управата за јавни приходи, Градот Скопје и општините, на одредени граѓани им е загрозена како личната, така и егзистенцијата на нивните семејства.*
- *Попречување на работата на Народниот правобранител и оневозможување на остварувањето на правата на граѓаните-подносители на претставки од Управата за јавни приходи Скопје и Градот Скопје бидејќи по предметните барања и другите интервенции, воопшто не постапуваат или доставуваат формални одговори исклучиво по дополнителни писмени барања и ургенции.*
- *Ученици/редовни студенти, со наполнети 16 години и не постари од 29 години на одредениот датум, здравствени работници, други лица кои спаѓаат во категоријата „лица со низок доход" или пензионери, со месечен износ на пензија, не повисок од 15 илјади денари, доведени во нерамноправна положба/дискриминирани затоа што иако ги исполнуваат сите услови за добивање на платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги, ваучер за домашен туризам или финансиска поддршка, согласно одредбите од содветната Уредба, односно Закон, сепак истите не ги добиле.*

## Препораки

- *Во постапките за присилна наплата Управата за јавни приходи, Градот Скопје и општините да ги почитуваат уставно прокламираните начела за заштита на основните слободи и права на граѓаните и без каков било исклучок на граѓаните да не им го одземаат целиот износ од плата, пензија, надоместоци од социјална заштита и слично, а за системско надминување на таквата состојба, конечно да се донесат соодветни измени и дополнување на одредбите од Законот за даночна постапка и Законот за даноците на имот.*
- *Управата за јавни приходи и Градот Скопје безусловно да ја почитуваат императивната законска обврска да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање да му ги обезбедат сите објаснувања информаци и докази за наводите во претставките и да преземаат мерки за спроведување на дадените препораки и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди на уставните и законските права на граѓаните.*
- *Платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги, ваучер за домашен туризам или финансиска поддршка, согласно одредбите од содветната Уредба, односно Закон, да им биде обезбедена и на лицата кои иако ги исполнуваат сите услови, согласно одредбите од содветната Уредба, односно Закон.*

# ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ

Во текот на 2021 година, до Народниот правобранител, во областа граѓански состојби евидентирани се вкупно 96 претставки, што во споредба со претходната година кога бројот на доставени претставки изнесуваше 63, претставува зголемување за 52,3 %. Зголемувањето на бројот на претставките во оваа област, е поради тоа што имаше застој во издавањето на лични документи, а дел се должи и на актуелизирање на проблемите и афирмација на надлежностите на Народниот правобранител преку средствата за јавно информирање.

Најголем дел од претставките се однесуваа на барања за прием во државјанство (26), потоа барања за упис во матичните книги, лично име и матичен број (25), барања за добивање на лични карти (15), за промена на лично име (6), за издавање на патни исправи (9), а по неколку претставки се доставени за остварување на права на мигранти и странци, добивање на возачки дозволи и регистарски таблички. Во 11 случаи граѓаните побараа само правен совет.

Неспорна е констатацијата дека во областа граѓански сосотојби постигнат е напредок во однос на остварувањето на правата на граѓаните, со оглед дека во 25 случаи, надлежните органи позитивно постапиле по барањата и интервенциите на Народниот правобранител.

По повод претставките кои се однесуваа на барања за прием во државјанство на РСМ, Народниот правобранител покрај упатените барања, укажувања и ургенции со цел остварување на правото на прием во државјанство, оствари средби со помошник-министерот за внатрешни работи од Одделот за граѓански работи и со Директорот на Агенцијата за национална безбедност, на кои се разговараше за поединечни случаи, но и за примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, донесен кон крајот на јули 2021 год.

Со измените на Законот за државјанство се предвидени нови олеснителни услови за прием во државјанство за лицата - државјани на други републики на поранешна СФРЈ и државјани на поранешна СФРЈ, кои до 8 септември 1991 година, односно до прогласување на независноста на РМ живееле на територијата на РМ. Со законот, исто така олеснети се условите за стекнување државјанство со природување на иселениците од Република Северна Македонија и нивните потомци до прво колено.

Народниот правобранител позитивно ги оценува измените и дополнувањата на Законот за државјанство, со оглед дека во претходните години во континуитет бараше решение за прием во државјанство, особено за категоријата граѓани (историска категорија) кои повеќе од 30 години живеат во државата и имаат цврсти и ефективни врски во неа, а поради различни причини останале без регулиран државјански статус.

Со оглед дека правото за државјанство претставува основно човеково право, кое е поврзано со остварување на низа други права, Народниот правобранител континуирано ја следи имлементацијата на Законот за државјанство.

Од предметното работење на Народниот правобранител и добиените податоци од Министерството за внатрешни работи, произлегува дека имплементацијата на измените на Законот не е согласно очекуваната динамика со која треба да се реши државјанскиот статус на лицата на кои се однесуваат измените. Врз основа на членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, до Одделот за граѓански работи во периодот август-декември 2021 година доставени се 347 барања за прием во државјанство, а позитивно се решени само 31 барање, додека по член 8 од истиот Закон, барање за прием доставиле 1264 лица, воглавно од иселеници во Република Турција, и за оваа категорија имплеметацијата е минимална, односно симболична.

Значајно е да напоменеме дека според член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, лицата кои бараат прием не подлегнуват на мислење поврзано со безбедносниот ризик, кој го утврдува Агенцијата за национална безбедност.

Во однос на размислувањата на Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за Национална Безбедност дека и лицата кои според олеснетите услови треба да се стекнат со правото за државјанство, треба да поминат низ безбедносните проверки, Народниот правобранител јасно го искажа ставот дека  Законот не предвидува исполнување на овој услов. Според Народниот правобранител, целта на измените на Законот е лицата кои неоправдано останале без регулирање на државјанскиот статус, да го остварат правото на прием во државјанство, во брза и ефикасна постапка.

Инаку, Народниот правобранител и во минатогодишниот извештај го изнесе ставот дека постапките за прием во државјанство на РСМ, неоправдано се одолжуваат, најчесто поради тоа што Агенцијата за национална безбедност навремено не доставува мислење за безбедносниот ризик за лицата баратели на државјански статус, па постапките за прием во државјанството се одолжуваат и по неколку години. Агенцијата за национална безбедност го информираше Народниот правобранител дека причината поради која се доцни со давање мислењата за безбедносниот ризик за старите предмети е поради наследените, непостапени предмети, за кои изразија подготвеност дека ќе бидат решени до крајот на 2021 година, а од јануари 2022 година, ќе се постапува согласно новите измени на Законот за државјанство, односно мислењата ќе бидат дадени во рок од шест месеци од поднесувања на барањето.

Народниот правобранител и оваа извештајна година констатира дека Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за националана безбедност, во одредени случаи, при одлучувањето за правото на прием во државјанство, не го почитуваат принципот на семејниот живот, кој е прокламиран во Европската конвенција за државјанство и Европската конвенција за човекови права и слободи.

Агенцијата не им посветува доволно внимание на барањата на Народниот правобранител и во многу случаи одговара, формално и несуштински, игнорирајќи го фактот дека институцијата Народен правобранител врши надзор над нејзината работа. Имено, согласно член 59 од Законот за Агенција за национална безбедност надзор над работата на Агенцијата врши и Народниот правобранител. Исто така, согласно член 60 од истиот Закон, надлежното работно тело на Собранието има право да го повика Директорот на Агенцијата и да расправа за Извештајот на Народниот правобранител за заштита на уставните и законските права на граѓаните по постапките спроведени од Агенцијата.

Во текот на извештајната 2021 година, дел од претставките се однесуваа на проблемот на граѓаните при вадење на лични документи. Овој проблем, особено беше истакнат во текот на летниот период кога голем број на граѓани не можеа навремено и ефикасно да извадат лични документи, како што се патните исправи и личните карти, поради надградба и миграција на системот за работењето на службите на Министерството за внатрешни работи. Прекинот во издавањето на личните документи предизвика бројни штетни последици на граѓаните кои без своја вина останаа без валидни лични карти, неопходни за подигање на парични средства кај носителите на платен промет, односно банките, така што подолг временски период останаа без средства за задоволување на основните животни потреби.

Со оглед на сериозноста на проблемот со кој се соочија дел од граѓаните, Народниот правобранител постапувајќи во рамките на уставните и законски надлежности, отвори предмет по сопствена иницијатива, а исто така постапуваше и по поединечни претставки од граѓаните. Заради целосно испитување на настанатиот проблем, Народниот правобранител се обрати до Министерството за внатрешни работи, со барање информација зошто надградбата на системот се врши токму во летниот период, кога очекувано е да има зголемен прилив на барања за издавање на документи, имајќи предвид дека поради пандемијата и рестриктивните мерки, голем број граѓани во претходните месеци не ги обновија личните документи, а дел пак, беа спречени да ги продолжат поради затворените граници. Дополнително, Народниот правобранител поднесе Информација со предлог за преземање на мерки до Владата на РСМ и до Гувернерот на Народна Банка да им се излезе

во пресрет на граѓаните кои веќе имаат уредно поднесено барање за добивање нова лична карта и имаат добиено потврда од МВР. Во таа смисла, Народниот правобранител побара истечената лична карта заедно со издадената потврда од МВР за поднесено барање за добивање лична карта, да се сметаат за валиден документ со цел непречено остварување на правото на користење на банкарските услуги, се додека трае процесот на надградба и миграција во системот за издавање на лични документи при МВР.

Интервенцијата беше прифатена, а Народниот правобранител е информиран дека од страна на Управата за финансиско разузнавање е доставен допис до Македонската банкарска асоцијација и до сите банки и штедилници, во кој е наведено дека за користење на услугите на банката се дозволува граѓанинот кој не поседува ниту валидна патна исправа, ниту валидна лична карта, својот идентитет да го потврди со издадената потврда од МВР.

Соработката на Народниот правобранител со Гувернерот на Народната банка претставува позитивен пример за тоа како органите треба навремено и ефикасно да постапуваат по неговите барања и препораки, се во интерес на доследно остварување и заштита на уставните и законските права на граѓаните.

Инаку, во извештајната година Народниот правобранител постапуваше и по претставки на наши државјани кои се соочија со проблеми при обновување на патните исправи пред нашите конзуларни претставништва, во странски држави каде привремено живеат. Во таа насока, група иселеници до надлежното Министерство за внатрешни работи доставиле барање за измени на постапката за издавање патни исправи, со цел нејзино поедноставување, и побараа државјаните на Република Северна Македонија кои привремено или постојано живеат во странство, да можат непречено и во покус рок да добијат нови патни исправи. Имено, нашите државјани во странство, особено оние кои студираат во други држави, се жалеа дека во услови на пандемија поради КОВИД 19, им е оневозможено да се вратат во матичната држава, за да ги обноват патните исправи, со што се создаваат негативни импликации врз нивниот статус во државата каде престојуваат. Оттука, како начин на решавањето на овие проблеми беше посочен електронскиот начин на аплицирање за издавање патна исправа, за сите државјани на РСМ кои живеат и работат во странство, како и итно постапување во делот на издавањето на патните исправи.

Во однос на овој проблем, Народниот правобранител оствари средба со претставници на Директоратот за меѓународно право и конзуларни односи при Министерството за надворешни работи, кои го информираа дека интензивно работат во инсталирањето на мобилните станици за издавање патни исправи во повеќе дипломатско конзуларни претставништва низ Европа, Америка, Австралија, но не и во Азија, особено не во Кина, бидејќи одлучувачки критериум за поставување на овие станици, претставува бројот на државјаните на РСМ во тие држави.

Народниот правобранител укажа дека е потребно да се инсталираат мобилни станици и во други држави, со цел нашите граѓани да имаат полесен пристап при добивање на бараните документи. Според Народниот правобранител инсталирањето на мобилните станици во нашите конзуларни претставништва, претставува позитивен чекор во насока на поефикасно остварување на правото за добивање на патни исправи во земјите каде што живеат државјани на РСМ.

Во однос на претставките во кои се укажуваше на непрофесионално и несоодветно постапување на Управата за водење на матичните книги кон барањата на граѓаните за добивање изводи од матичните книги, граѓаните се жалеа дека не се почитуваат роковите за изготвување и издавање на изводите, со што биле спречени во остварување на други права, чие остварување зависи од бараните документи. Од анализата на предметите произлегува дека пред овој државен управен орган и натаму несоодветно и со тешкотии функционира електронскиот систем на издавање изводи од матичните книги. Во голем број случаи, граѓаните со месеци не можеа да извадат изводи од матична книга на умрени, и како последица на таквата состојба, не можеа да остварат одредени права (права поврзани

со пензиско осигурување, оставински постапки и др.)

Оттука, останува констатацијата на Народниот правобранител дека соработката со Управата за водење на матичните книги е отежната и неефикасна, со оглед дека Управата не одговара навремено по барањата и укажувањата на Народниот правобранител, или во целост ги игнорира.

## Констатации

- *Имплементацијата на измените на Законот за државјанство од јули 2021 година, ја нема очекуваната динамика, иако со Законот се предвидени олеснителни услови за стекнување на државјанскиот статус.*
- *Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност при одлучувањето за правото за државјанство не го почитуваат принципот на семејниот живот кој е прокламиран во Европската конвенција за државјанство и Европската Конвенција за човекови права и слободи.*
- *Министерството за внатрешни работи не ги зајакнува капацитетите за време на летниот период кога очекувано се зголемува бројот на барањата за издавање на лични документи.*
- *Останува констатацијата дека Управата за водење на матични книги нема доволно човечки и професионални ресурси за спроведување на законските решенија и не покажува почит и сервисна ориентација кон остварување на основните човекови права на граѓаните.*

## Препораки

- *Министерството за внатрешни работи да ја забрза постапката на одлучување по барањата за прием во државјанство, согласно измените на Законот за државјанство од јули 2021 година.*
- *Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност при одлучувањето за правото за државјанство да се раководат и да ги почитуваат принципите на семејниот живот кои се прокламирани во Европската конвенција за државјанство и Европската конвенција за човекови права и слободи.*
- *Агенцијата за национална безбедност при давање мислење за безбедносниот ризик во постапките за државјанство да го почитува рокот од 6 месеци, како што е утврдено со последните измени на Законот за државјанство.*
- *Министерството за внатрешни работи за време на летниот период да ги зајакне капацитетите за издавање на лични документи, сразмерно со приливот на барањата на граѓаните.*
- *Управата за водење на матични книги да ги зајакне кадровските и професионални капацитети за подобро и поефикасно постапување по барањата на граѓаните.*
- *Управата за водење на матични книги да преземе мерки за доследно функционирање на електронското издавање на изводи.*
- *Да се интензивира процесот на запишување на неевидентираните*

| Констатации | Препораки |
| --- | --- |
| | *лица во Посебната матична книга на родени согласно Законот за неевидентирани лица.* |

## ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Остварувањето на правата во областа на пензиското и инвалидското осигурување во изминатата година генерално се карактеризираше со навремено постапување од страна на институциите, иако во дел од претставките беа нотирани застои, поради ненавремено доставување на документацијата помеѓу надлежните институции.

Во извештајаната година, беа поднесени 88 претставки во оваа област што претставува намалување во однос на претходната година кога се постапуваше по 109 предмети. Меѓутоа, проблемите за кои се бараше интервенција остануваат исти, при што најголемиот број поплаки се однесуваа на утврдувањето на висината на пензијата, остварувањето на правото на семејна и правото на старосна пензија, како и пресметување на правото на сразмерен дел на пензијата.

Народниот правобранител, преку интервенциите и укажувањата за почитување на законските рокови за одлучување по барањата од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и неговите Подрачни одделенија (филијали), како и по жалбите од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, настојуваше да обезбеди целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, за секој од случаите, и следствено остварување на правата на граѓаните. Неспорно, по интервенција на Народниот правобранител голем број од подносителите успеаја да го остварат правото од оваа област.

Инаку, најчеста поплака на граѓаните беше за висината на пензијата (21), остварување на право на старосна пензија (16), семејна пензија (14),инвалидска пензија(12), како и за пензискиот стаж (11). Во останатите случаи, граѓаните или бараа правен совет, или пак се бараше интервенција за добивање на одговор/известување во врска со текот на постапка пред првостепен или второстепен орган.

Предметното постапување потврдува дека и натаму голем проблем е ненавременото комплетирање на документацијата во предмети за кои се водела постапката, што пак е причина за подолго траење на постапките пред надлежните органи и пробивање на законски утврдените рокови за постапување. Во овие предмети, Народниот правобранител се обраќаше како до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, така и до Државната комисија укажувајќи да се комплетираат списите за да може надлежниот орган повторно да одлучува.

Во однос на остварување на правото на старосна пензија, граѓаните најчесто се жалеа на неправилно пресметан пензиски стаж, невнесување или погрешно внесување на податоци во матичната евиденција, како и ненавремено платени придонеси или ненавремено доставување податоци до Фондот од страна на работодавачите.

По преземањето на дејствијата за овие предмети беше утврдено дека нецелосните

податоци на стажот на осигурување се должи на фактот што правните субјекти во кои работеле граѓаните ненавремено или воопшто не ги доставувале податоците и документите до Фондот за евидентирање во матичната евиденција. Меѓутоа, имајќи предвид дека доставувањето на податоци е обврска на институциите/органите каде што работеле граѓаните или пак на самите корисници, Народниот правобранител во овие предмети ги советуваше подносителите кои дејствија да ги преземат.

Исто така, од предметното работење произлегува дека со проблем поврзан со правилното утврдување на пензискиот стаж особено се соочуваат лицата кои работниот стаж го имаат остварено кај сега пасивен обврзник. За наведеното, Народниот правобранител со укажување се обрати и до Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Северна Македонија и побара да се преземат мерки и дејствија за изнаоѓање решение/начин за исправка на платите кај пасивните обврзници со цел правилно да се утврди пензискиот стаж и последователно на ова и правилно да се утврди и висината на пензиските примања, за што впрочем и се однесуваа поплаките. Констатираната состојба од страна на Народниот правобранител и даденото укажување е прифатено, односно Фондот извести дека работи на создавање на интерно апликативно решение, со што ќе се овозможи Филијалите и Деловниците на Фондот да вршат службена исправка на погрешно дојавените податоци од обврзниците кои се пасивизирани, а сите примени поплаки од граѓаните се во постапка на повторно решавање.

Во текот на 2021 година беа поднесени и претставки за остварување на правото на пензија врз основа на примена на билатерални договори, при што граѓаните бараа преземање на дејствија од страна на Фондот за засметување на сразмерен дел од пензијата за времето кога работеле во странство и дел од својот стаж на осигурување го оствариле пред странски орган.

Народниот правобранител, во овие предмети, покрај интервенција пред домашните органи со замолница се обраќаше до омбудсманите од соодветните држави заради забрзување на постапките пред институциите на странската држава. Покрај наведеното, како и претходните години имаше и претставки во кои граѓаните бараа правна помош/совет за примена на прописите од областа на пензискиот систем.

## Констатации

- *Граѓаните реагираат дека нецелосно им е утврден пензискиот стаж, испитувањето на проблемот укажува дека органите/институциите во кои истите го оствариле работниот стаж не ги доставуваат навремено потребните податоци за евидентирање на стажот.*
- *Отсуството на ефикасна и целосна соработка помеѓу органите доведува до непочитување, односно пробивање на законските рокови за одлучување, што пак е причина за револт и оправдано незадоволство кај граѓаните.*

## Препораки

- *Матичната евиденција за стажот на граѓаните континуирано да се ажурира, надлежните субјекти навремено да ги доставуваат до Фондот потребните документи и податоци за работниот стаж, а Фондот со користење на електронската апликација и соопштенија да даде појаснување на корисниците и потсетување на субјектите за неопходноста од навремено доставување на податоците за работниот стаж.*

**Констатации**

**Препораки**

- *Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Државната комисија за одлучување во втор степен да преземат мерки за унапредување на соработката и комуникацијата, поекспедитивно комплетирање на документацијата во предметите со цел поажурно остварување на правата на граѓаните во областа на пензиското и инвалидското осигурување.*

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Правата на здравствена заштита и здравственото осигурување, граѓаните и во текот на 2021 година поради присуството на пандемијата ги остваруваа со потешкотии. Бројот на поднесените претставки во оваа година (80), во однос на претходната (53), бележи зголемување, а проблемите со кои се соочуваат граѓаните и покрај пандемијата од вирусот КОВИД 19, се речиси идентични, како и претходните години.

Народниот правобранител, имајќи го предвид уставно гарантираното право на здравствена заштита, во сите предмети преземаше итни неодложни дејствија, и со свои мислења им укажуваше на надлежните институции на потребата од поефикасно и ефективно дејствување сè со цел граѓаните да не трпат штета во остварувањето на правата од областа на здравствена заштита и здравствено осигурување.

Повторно, најчестите барања беа во врска со обезбедување основни здравствени услуги, партиципација и услуги за одредена категорија на лица (22), поплаки за несовесно и нестручно лекување (9), за имунизација (8), болничко лекување (6), исплата на парични средства по основ на боледување (3), и сл. Покрај наведеното, во поединечни случаи Народниот правобранител постапуваше и за рефундирање на средства, набавка на лекови, добивање на соодветен документ од ФЗО, или пак на барање на граѓаните ги насочуваше како да постапат и пред кој орган да ја отпочнат постапката преку давање на правен совет (8).

Генерална карактеристика која произлегува од предметното работење во оваа област за 2021 година е дека од страна на ФЗОМ и Подрачните служби, Јавните здравствени установи, Институт за јавно здравје, како и од Државниот санитарен и здравствен инспекторат навремено се постапува по интервенциите на Народниот правобранител, секогаш се постапува по барањата за инспекциски надзор и се доставуваат одговори со приложување на потребната документација. За разлика од овие органи Министерството за здравство секогаш ги пробива законски утврдените рокови за одговор, а во некои случаи воопшто и не одговара на барањата на Народниот правобранител, иако дополнително се доставуваа Ургенции и повторни ургенции. Следствено, Народниот правобранител со Посебен извештај за попречување на работата се обраќаше до Влада на РСМ, па дури потоа Министерството доставуваше одговори по предметните барања. Оваа состојба е нотирана и претходните години.

Исто така, неспорна е констатацијата дека во извештајната година постојниот медицински персонал континуирано настојуваше да укаже навремена заштита на пациентите, особено во процесот на имунизација, но мора да се напомене и дека на генерален план здравствениот систем покажа слабости особено во недоволниот просторен капацитет и недостаток на кадровски потенцијал, и секако во однос на ненавременото набавување на вакцини, поради што голем број на граѓани се вакцинираа во соседна држава.

Од друга страна, за одбележување е дека повторно имаше претставки за остварувањето на правата за здравствена заштита и здравствено осигурување поврзани со обезбедувањето на основните гинеколошки здравствени услуги и партиципацијата, иако бројот на поплаки е помал за разлика од претходните години. Ваквата состојба првенствено се должи на фактот дека од средината на 2021 година профункционира гинеколошката ординација во Шуто Оризари, но за жал на крајот на годината поради заминување на докторот во пензија, повторно жените/девојките од ова општинско подрачје останаа без редовна гинеколошка заштита, што неспорно е прашање за кое е потребно изнаоѓање на соодветно, трајно решение.

Проблемот со плаќање на партиципација за здравствени услуги иако во помал обем, е карактеристичен во случаите кога пациентки биле задолжени од приватни здравствени установи за гинеколошки прегледи кои услуги согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца се бесплатни. Ваквата состојба, упатува на неопходноста од почести ненајавени контроли од страна на Фондот за здравствено осигурување, имајќи предвид дека наводите за незаконска наплата се однесуваат за исти приватни здравствени установи и затоа доколку тие имаат договор за користење на средства од Фондот, а се потврдат наводите за незаконска наплата задолжително, треба да бидат санкционирани.

Значително е намален бројот на претставки во врска со долгото траење на управните постапки пред Министерството за здравство и подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување иако проблемите со доставата на предметите помеѓу надлежните институции сè уште се присутни заради што Народниот правобранител укажуваше на потребата од навремено и ефективно постапување, потсетувајќи ги органите дека здравствената заштита не трпи одлагање.

## Констатации

- *Недостаток на просторен капацитет во здравствените установи, недоволен кадровски потенцијал, како и ненавремена набавка на вакцини и натаму претставуваат проблеми во пристапот до правата од здравствена заштита на граѓаните во услови на пандемија од Ковид 19.*
- *Подобрена е соработката на здравствените институции со Народниот правобранител, но не и на Министерството за здравство, кое во многу ретки случаи постапува по интервенциите на Народниот правобранител.*

## Препораки

- *Потребно е унапредување на активностите за функционирање на здравствениот систем во услови на пандемија, при што навремено ќе се подобрат просторните капацитети и ќе се зајакне кадровскиот потенцијал, како и без одлагање ќе се набавуваат вакцини и други медикаменти неопходни за лекување и имунизација на граѓаните.*
- *Министерството за здравство навремено и без одлагање да презема дејствија по барањата на Народниот правобранител заради непречено оставрување на правата на граѓаните-*

**Констатации**

- *Продолжија поплаките на жените/родилките од Шуто Оризари за неоснована наплата за прегледи и услуги од страна на приватни здравствени установи кои согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца се бесплатни, а гинеколошката ординација која профункционира во април, престана со работа во декември истата година.*

**Препораки**

*пациентите.*

- *Фондот за здравствено осигурување да ја засили контролата во приватните гинеколошки здравствени установи во врска со наплатата на партиципацијата за здравствени услуги кои се бесплатни и се покриени со средствата на Фондот.*

## НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

Народниот правобранител, како институција надлежна за заштита на слободите и правата на граѓаните, и оваа извештајна година продолжи да ја следи состојбата и да постапува на полето на заштитата од дискриминација над граѓаните во јавниот сектор, како и во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност.

Во текот на 2021 година, која беше пропратена со одредени заштитни мерки и протоколи за работа, поради кризата од Ковид -19 вирусот, до Народниот правобранител беа доставени 43 претставки, скоро една третина помалку од претходната година кога беа поднесени 62 претставки. По сите претставки се постапуваше во канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје.

Од вкупниот број претставки, 7 беа поведени по сопствена иницијатива согласно член 13 став 3 од Законот за народниот правобранител, пред сè поради одредени незаконски дејствија преземени од единици на локалната самоуправа, како и по добиени сознанија преку јавните медиуми за постоење на наводи за дискриминација и сегрегација во одредени основни училишта во државата.

Со оглед на поделбата на области на дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, пристигнатите претставки и оние кои се отворени по сопствена иницијатива поделени се во областа работа и работни односи -22 претставки, пристап до добра и услуги-6, правосудство и управа-4, домување-4, образование, наука и спорт-3, социјална сигурност-1, јавно информирање и медиуми-1 претставка, и 2 се заведени во другите законски области.

Како најчест законски основ на дискриминација во претставките, подносителите ја наведуваа дискриминацијата по национална и етничка основа (вкупно 11 претставки), во 6 претставки основот на дискриминација е образованието, во 3 претставки е наведена дискриминацијата по основ на здравствена состојба, во 2 претставки наведена е дискриминација по основ на јазик, а во останатите претставки наведен е некој друг основ на дискриминација од основите наведени во членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во однос на претставките во кои се бараше заштита од дискриминација во пристапот до добра и услуги, се укажуваше на нееднаквост по основ на здравствена состојба, етничка

припадност, јазик, лично својство и општествен статус.

Па така, Народниот правобранител интервенираше за заштита на правата на студентите, по добиени сознанија дека Советот на општина Тетово донесе Одлука за носење ценовник, со кој месечниот билет за студентите беше во многу повисок износ од билетот за вработените во општината. Констатирајќи дека со вака донесената одлука се врши дискриминација по општествен статус во областа на пристапот до добра и услуги, за студентите, кои впрочем се без месечни примања и воглавно се издржувани лица, Народниот правобранител достави укажување до Општината за воспоставување на еднаков третман на граѓаните и во насока на овозможување на пристоен живот на оние кои имаат пониски примања, или пак немаат воопшто месечни примања и се издржувани лица. Исто така, укажа на потребата да се изврши корекција со воведување на изоставените категории на социјални случаи и граѓани со минимален личен доход, кои категории на граѓани треба да добијат повластени/симболични месечни билети за користење на услугата на јавен превоз.

Советот на општина Тетово го прифати укажувањето на Народниот правобранител за повластен јавен превоз на категоријата на студенти, како и на категоријата на лица кои се во социјален ризик и лица кои се со ниски месечни примања.

Народниот правобранител, исто така интервенираше за преземање мерки за отстранување на неправилностите кои водат кон сегрегација на ученици Роми, во основно училиште во Штип. По преземените дејствија и обезбедување на Одлука за реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип, констатира дека истата не се почитува. Имено, во ООУ Гоце Делчев во Штип каде се наоѓа најголемата ромска заедница во општината, родителите на македонските деца ги запишуваат во другите делови од градот, односно во други училишта. Наведеното, основано го отвори прашањето за почитување на споменатата Одлука за реонизација од страна на менаџментот на училиштата, но и за квалитетот на самата Одлука која во целост ги опфаќа улиците со ромско население да се слеваат и да се концентрираат во едно училиште, а не и во друго најблиско регионално училиште, иако постои таква можност.

Народниот правобранител утврди дека голем број деца од македонска еничка припадност, воопшто не се запишуваат во училиштето каде што реонски припаѓаат, туку во другите училишта низ градот. Исто така, голем број од македонските ученици кои се запишуваат во училиште опфатено со Одлуката за реонизација по отпочнување на годината, се испишуваат од училиштето и се запишуваат во околните училишта од друг реон.

По констатацијата дека со ваквиот начин на упис и одлевање на децата и со нивно префрлање во други училишта, се врши повреда на членот 63 став 3 и став 9 од Законот за основно образование, Народниот правобранител укажа дека ова води кон сегрегација, што претставува специфичен облик на дискриминација, која се манифестира со физичко одделување на лице или група лица врз дискриминаторска основа без легитимна или објективно оправдана цел. Следствено, поради констатираните повреди за сторување на сегрегација и основ за постоење на дискриминација по основ на етничка припадност, раса и боја на кожа кон ромската заедница на територијата на општината, препорача преземање мерки за решавање на овој проблем. Со цел интерирано и инклузивно образование за децата од ромската етничка заедница кои се дел и кои припаѓаат на градот Штип заедно со другите деца.

Градоначалникот на општина Штип го прифати укажувањето и го извести Народниот правобранител дека бил одржан состанок со надлежните органи на општината и со директорите на сите основни училишта од општината, по што е донесен заклучок во најкраток временски рок општината да формира тим за изработка на Акциски план за надминување на проблемот.

Народниот правобранител, по сопствена иницијатива интервенираше за заштита од

дискриминација на 60 деца од с. Брњарци на кои не им е озвозможено да учат на свој мајчин јазик (албански јазик) во подрачното училиште „Крсте Мисирков" - Гази Баба, каде што реонски припаѓаат по местото на живеење, па беа принудени да следат настава во ОУ„Скендербег" во Арачиново. Медиумите информираа за бојкот на наставата, и за изјава од градоначалникот на општина Гази Баба, дека во с. Брњарци не може да се овозможи настава за овие ученици во училиштето поради здравствените протоколи. Имено, по завршување на наставата за децата кои учат во паралелките на македонски јазик, училиштето се затвора, па учениците Албанци (околу 60 по број), од истото село, се принудени да одат на настава во училиште во Арачиново.

Народниот правобранител, имајќи ги предвид овие сознанија се обрати до Градоначалникот на општина Гази Баба, барајќи детални информации за случајот, но дури после еден месец од страна на Општина Гази Баба доставен е краток одговор во кој единствено се наведува дека Советот на општината има донесено Одлука за утврдување на реони на основните училишта во Општина Гази Баба, односно учениците во училиштето ООУ „Крсте Мисирков" во с. Брњарци, се запишуваат согласно цитираната Одлука, а по насоки на нормите предвидени со Законот за основното образование.

Народниот правобранител, со оглед на сериозноста на проблемот, детално запознавајќи го со сознанијата и одговорот од Општината, и приложувајќи ја Одлуката за реонизација, побара Министерството за образование и наука преку инспекциските органи да утврди дали учениците Албанци припаѓаат во реон кој потпаѓа под горенаведеното училиште, или пак потпаѓаат под друго училиште. Воедно, поради фактот дека градоначалниците на две општини меѓусебно си ја префрлуваа надлежноста за образованието на овие деца, без да преземат соодветни дејствија за решавање на проблемот, а со цел непречено остварување на правото на образование на мајчин јазик, Народниот правобранител потенцираше дека децата се надвор од образование, што не смее да се дозволи, и побара од Министерство за образование и наука да ги насочи локалните самоуправи во овој случај, во изнаоѓање на решение, кое, пред сè ќе го има предвид најдобриот интерес на детето, а што впрочем е обврска која ја налага и Конвенцијата за правата на детето и Законот за основното образование.

Од страна на Министерството за образование и наука доставен е одговор дури по две упатени Ургенции, во кој се информира дека претставката е доставена на натамошно постапување до Државниот просветен инспекторат. Исто така, известија дека се запознати со овој проблем, по претходно барање од ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербег"-Арачиново, за отстапување на неискористените училници од подрачното училиште во село Брњарци, Општина Гази Баба. Меѓутоа, Министерството одговорило дека нема таква надлежност, затоа што со процесот на децентрализација основните училишта се во надлежност на општините. Воедно, достави известување до двете општини со цел изнаоѓање на решение кое ќе биде во најдобар интерес на децата. Постапувањето по овој предмет кај Народниот правобранител продолжува.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка за дискриминација по основ на попреченост во сферата на образованието, која во континуитет се спроведува од страна на Министерството за труд и социјална политика преку политиките на доделување на посебниот додаток за децата со одреден вид на попреченост. Имено, изврши темелна анализа на законската и подзаконската регулатива со која оваа група на деца преку Центарот за социјална работа се упатуваат со акт во вон-семејна, социјална или друга установа, при што констатира дека подзаконскиот акт (Правилник за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата со приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток и додаток за образование, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.109/19), кој произлегува од членот 53 од Законот за заштита на децата, содржи дискриминирачка одредба во членот 11 став 1, со која нееднакво се третираат децата со попреченост во зависност од местото на живеење во однос на остварувањето на правото

на посебен додаток, како и во однос на другите деца кои се сместуваат во Ученички дом како редовни ученици.

Следствено, до министерката за труд и социјална политика достави Препорака во најкраток временски рок да пристапи кон разгледување на овој проблем, и следствено преземање мерки за решавање на истиот, преку измена и бришење на спорната одредба од членот 11 од цитираниот Правилник, со цел еднаков пристап во остварување на правото на посебен додаток за овие деца. Министерството извести дека пристапило кон темелна анализа, по што изготви Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, а по стапување во сила на истиот ќе биде извршено изменување и дополнување на подзаконскиот акт, со бришење на членот 11 од истиот.

Народниот правобранител по претставките поврзани со работа и работни односи, во кои се укажуваше на вознемирување на работното место – мобинг (7 претставки), во случаи на утврдена повреда им укажуваше/препорачуваше на институциите на забраната на сите облици на дискриминација со референтната домашна и меѓународна регулатива, како и за обврската на спроведување на афирмативната мерка на соодветна и правична застапеност. Постапувајќи по дадените укажувања/препораки, во повеќето случаи интервенциите на Народниот правобранител беа прифатени, но во одреден дел од предметите во кои граѓаните се жалеа на дискриминација по одреден законски основ, нашите укажувања и препораки не вродија со плод, поради што странките се упатени по судски пат да ги остварат своите законски права.

Иако годината ја карактеризира ограничени контакти меѓу Народниот правобранител и подносителите на претставките поради пандемијата, сепак постапувањето по сите предмети беше во насока на целосна заштита на здравјето и правата на граѓаните, согласно утврдените надлежности.

Во делот на предметното постапување, Народниот правобранител наиде на институции/установи кои одговараа во законски предвидениот рок, меѓутоа и на институции/установи кои покажаа непрофесионален и несериозен однос во текот на постапките, поради што за да се постигне одредена разрешница по предметните постапувања, се користеа законските механизми кои упатуваат на интервенција кај повисоките инстанци на власт, со доставување на ургенции или посебни извештаи.

Инаку, во текот на 2021 година, на редовна основа спроведе сеопфатно истражување за состојбата за имплементацијата на начелото на соодветната и правична застапеност на заедниците во јавниот сектор, со кое во исто време беа прибирани податоци и за половата и образовната структура кај вработените во 1345 субјекти. Имено, беше побарано во табеларен приказ да достават податоци за состојбата по етничка припадност на вработените по однос на пол и степенот на образование на вработените по пол и нивното распоредување на раководни, односно нераководни работни места во однос на степенот на образование. Податоците, заедно со констации и препораки Народниот правобранител ги сублимираше во Посебен извештај.

Инаку, поради воспоставените здравствени протоколи во земјава, повеќето вонпредметни активности во кои беше вклучен Народниот правобранител преку Одделот за заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност се одвиваа далечински, преку он-лајн комуникација. Имено, комуникацијата и соработката со останатите чинители кои работат на полето на заштита од дискриминација продолжи со несмалено темпо, како и учеството во работните групи за изработка на одредени законски решенија, давање на мислења по истите и изработка на стратешки документи во работните групи каде е видлив придонесот на Народниот правобранител.

## Констатации

- *Како и изминатите години, така и оваа извештајна година најголем број на претставките се однесуваат на извршено вознемирување на работното место – мобинг, кое произлегува пред сѐ поради неквалитетното законско решение кое го нуди референтниот закон.*
- *Следењето на начелото на соодветна и правична застапеност во јавниот сектор сѐ уште не е на задоволително ниво, особено кај помалите заедници. Во оваа насока како најмалку застапена е ромската етничка заедница.*

## Препораки

- *Потребно е Министерството за труд и социјална политика веднаш да пристапи кон носење на нов и сеопфатен Закон за заштита од вознемирување на работното место, кој целосно и реално ќе овозможи заштита на работникот од која било форма на вознемирување.*
- *Сите субјекти од јавниот сектор кои се задолжени да го спроведуваат уставното начело на соодветна и правична застапеност, доследно да се придржуваат до Годишните планови за вработување, заради ефикасно остварување и квалитетно спроведување на ова уставно начело.*

## ИЗБИРАЧКИ ПРАВА

Во извештајната година, поднесени се вкупно 18 претставки за заштита на избирачкото право, што споредбено со 2020 година, кога беа поднесени 9, претставува двојно зголемување на вкупниот број на поднесени претставки.

Притоа, 4 претставки се однесуваат за остварување право на глас и упис во избирачкиот список, 4 за неправилности во работата на избирачките органи, 1 за учество и злоупотреба на деца во изборните кампањи на политичките партии, 1 за агитирање на претставници на политички партии и делење пропагандни и други материјали и 8 анонимни за наводни притисоци на вработени и поткуп на гласачи.

Инаку, како и за секој изборен процес, така и за Локалните избори 2021, Народниот правобранител ја отвори и бесплатната телефонска линија на која граѓаните можеа да пријавуваат повреди на избирачкото право.

Во таа насока, од моментот на нејзиното активирање, до денот на одржување на изборите, регистрирани се 3 телефонски јавувања, на првиот круг на изборите 32, и на вториот круг од локалните избори, 20 телефонски јавувања. Најголемиот дел од овие јавувања - 31 се однесуваа за остварување на избирачкото право, 5 за непривилности во работата на изборните органи, 4 за нефункционирање на уредите за биометриска идентификација на гласачите и 3 дека во избирачкиот список, сѐ уште се запишани починати лица.

Што се однесува на подрачните канцеларии на Народниот правобранител, во Штип регистрирано е едно јавување, за нефункционирање на уредите за биометриска идентификација на гласачите, во Тетово, исто така, едно јавување, за остварување на избирачкото право на лице од категоријата болни или немоќни лица и во Кичево,

регистрирани се неколку повици (анонимни), кои се однесуваат на остварување на избирачкото право, нефункционирање на уредите за биометриска идентификација на гласачите, како и дека на одредени гласачки места се вршат притисоци.

Во Подрачните канцеларии на Народниот правобранител, во Струмица, Куманово и Битола, не се регистрирани јавувања за пријава на повреда на избирачкото право.

По повод пријавите и претставките дека граѓаните ги нема во Избирачкиот список и не можат да го остварат избирачкото право (за лицата кои ги соопштија своите лични податоци - име, презиме, адреса и матичен број), Народниот правобранител врз основа на соодветни проверки, увид во апликацијата на ДИК Е-избирачки список и добиени објаснувања, информации и докази од Државната изборна комисија и другите надлежни органи и институции, за поголемиот дел утврди дека рокот на важноста на нивните лични карти им бил истечен пред периодот на распишување на изборите, односно на пасошите пред 31 јули 2020 година. Следствено на тоа, тие лица не се запишани во избирачкиот список и не постои можност согласно одредбите од Изборниот законик, да го остварат избирачкото право за Локалните избори 2021.

За случаите пак, каде е констатирано дека лицата имаат важечки патни исправи, а не се запишани во Избирачкиот список, даден е правен совет заради заштита на личното избирачкото право, веднаш согласно одредбите од член 149 од Изборниот законик, да поднесат соодветен приговор до Државната изборна комисија.

Во овој сегмент, состојбата одредени лица иако ги исполнуваат сите законски определени услови, сепак да не бидат запишани во Избирачкиот список или од него навремено избришани (починати лица), имплицира дека и натаму опстојуваат системски пропусти, кои, пред сѐ произлегуваат од отсуство на соодветна координација на Државната изборна комисија со Министерството за внатрешни работи и другите органи и институции.

По однос на постапувањето по приговорите за заштита на избирачкото право, Народниот правобранител констатира дека од Државната изборна комисија, не се почитуваат доследно правилата на постапката, особено во делот што се однесува на рокот (најдоцна два часа по приемот), во кој треба да биде донесена одлуката по приговорот/ите. Поради тоа, Државната изборна комисија, предизвикува повреда на правото на ефективен правен лек бидејќи неговата цел, не е само да се утврди повреда, туку и да се овозможи избирачкото право.

Генерално за првиот круг на Локалните избори, а поради начинот на гласање со помош на уредите за биометриска идентификација на гласачите, неспорен факт е дека процесот на гласање се успори и се создаваа метежи на гласачките места. Исто така, забележани се поединечни случаи на неправилности во работењето на избирачките одбори, како што се неставање печат на гласачките ливчиња, непреземање дејствија за почитување на задолжителните препораки за здравствена заштита во текот на изборниот процес, како и непреземање соодветни дејствија за информирање на избирачите за описите на избирачките места и нивното седиште и слично.

Воедно, поради Упатството на ДИК членовите на избирачките одбори (особено претседателот и неговиот заменик), преку целиот ден на гласањето лично да бидат присутни на гласачкото место, ним им се оневозможи да го остварат своето лично избирачко право - да гласаат во местото на живеење.

**Констатации**

- *Од страна на Државната изборна комисија, не се почитуваат доследно правилата на постапката, особено во делот што се однесува на рокот (најдоцна два часа по приемот), во кој треба да биде донесена одлуката по приговорот/ите за заштита на избирачкото право.*
- *Системски пропусти, кои, пред сè произлегуваат од отсуство на соодветна координација на Државната изборна комисија со Министерството за внатрешни работи и другите органи и институции во Избирачкиот список и натаму опстојуваат.*
- *Поради начинот на гласање со помош на уредите за биометриска идентификација на гласачите, за првиот круг на Локалните избори 2021, процесот на гласање се успори и се создаваа метежи на гласачките места.*

**Препораки**

- *Државната изборна комисија да ги преземе сите дејства од технички, организациски и секој друг аспект и да создаде соодветни претпоставки доследно да бидат почитувани законски пропишаните правила и рокови за разгледување и одлучување на приговорите, поднесени за заштита на личното избирачко право.*
- *Државната изборна комисија, во соработка со Министерството за внатрешни работи и другите државни органи и институции во континуитет да презема соодветни дејствија за систематско подобрување на точноста на Избирачкиот список, како и за ефикасно остварување на избирачкото право*

## ПРАВА ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА

Во 2021 година беа поднесени вкупно 11 претставки во врска со права од високо образование, и 2 од областа култура, вкупно 13 што е за 6 помалку од претходната година. Граѓани/студенти изразуваа незадоволство поради бавното постапување на органите при Министерство за образование и наука, работата на државните студентски домови во однос на постапката за добивање на студентско легло, како и правото на субвенциониран студентски оброк. Во дел од претставките бараа правни совети поврзани со правата од високото образование и култура.

Постапувајќи по претставките за непостапување по барањата на студентите и недоставување на одговор од страна на Министерство за образование и наука, Народниот правобранител по преземените дејствија за испитување на претставката бараше од овој орган или пак, од органите во состав на Министерството по утврдување на фактичката состојба да донесат соодветна одлука по доставеното барање, и за истото да се извести граѓанинот/студентот. Како пример за наведеното, е постапувањето по барање на студент кој иако ги исполнувал условите и аплицирал на конкурсот за стипендии објавен од Министерството за образование и наука, не бил рангиран ниту во примени, ниту во одбиени кандидати. Подносителот не бил запознаен поради кои причини не е доделена стипендијата, ниту добил управен акт во кој управниот орган ќе ја образложи

својата одлука. По интервенција на Народниот правобранител, надлежниот сектор при Министерство за образование и наука, донесе решение со кое на студентот му се додели студентска стипендија.

Согласно Законот за заштита на укажувачите, оваа извештајна година анонимно беа пријавени неправилности и елементи на коруптивно однесување од страна на предметен наставник на високообразовна установа. На барање на Народниот правобранител Државниот просветен инспекторат (ДПИ) изврши вонреден инспекциски надзор, по што Народниот правобранител побара од Министерство за внатрешни работи (МВР) да преземе соодветни активности во рамките на своите надлежности. Меѓутоа, следуваше одговор дека истиот нема основ за постапување, поради тоа што не е поднесена пријава со соодветна содржина. Народниот правобранител, поради недостаток на информации и докази, ги упати студентите на искористување на другите законски можности, за пријавување на ваквите појави од страна на жртвите на корупција до надлежните институции.

Во однос на поплаките поврзани со обезбедување на студентско легло Народниот правобранител констатираше недостаток на студентски легла во државните студентски домови во Скопје , што доведува до искористување на постоечките законски и подзаконски норми за ригорозна селекција при исполнување на сместувачките капацитети, во постапки кои не им се познати ниту на студентите, ниту на родителите.

Во овој контекст, постапувајќи по еден ваков случај за студент, кој се наоѓа на задолжителна пракса во странство, беше утврдено дека откако била обезбедена и доставена бараната документација за аплицирање за студентско легло во еден од државните домови за сместување на студенти, студентот добил право на сместување во соодветниот студентски дом. Родителот во законскиот рок навремено ги подмирил редовните-режиските трошоци, и не бил доставен единствено потпишан Договор за сместување помеѓу студентот и Домот, од причина што студентот во законскиот рок за доставување на документацијата не се наоѓал во земјава. Студентот го изгубил леглото заради недоставен потпишан договор помеѓу студентот и домот иако родителот бил во постојана комуникација со службените лица во домот, и во ниеден момент не му било предочено дека фактичката неможност за потпис на Договорот, за која и домот бил запознаен, нема да биде земена како исклучок од правилото за доделување на студентско легло. Останува прашањето дали државниот студентски дом преземал сè што е во негова надлежност за транспарентност на процесот на доделување на студентски легла, со оглед на тоа дека овој студент остана без соодветно сместување на самиот старт од академската година.

## Констатации

- *Министерство за образование и наука, сè уште во одредени случаи, особено поврзани со конкретни сектори во неговиот состав, не доставува соодветни и суштински одговори на барањата на Народниот правобранител.*
- *Транспарентноста на процесот на одлучување за правата на студентите во управните постапки пред органите*

## Препораки

- *Потребно е подобрување на соработката на Министерство за образование и наука и Народниот правобранител која ќе биде правило, а не исклучок во заштитата на правата на граѓаните.*
- *Поголема транспарентност при донесување на одлуки кои се дискреционо право на засегнатите органи во образовниот процес и*

**Констатации**

*на Министерство за образование и наука, но и други органи е на независно ниво.*

- *Студентите не се целосно запознаени на кој начин можат да ги остварат своите права, односно како да побараат заштита на своите права.*

**Препораки**

*правата кои произлегуваат од него.*

- *Министерство за образование и наука, како и другите надлежни органи да обезбедат поголема информираност и пристап до информации на студентите во однос на искористување на нивните законски права.*
- *Информирање на студентите за можноста за пријавување и заштита согласно Законот за заштита на укажувачите.*

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Народниот правобранител како државен орган надлежен за заштита на правата на граѓаните, во рамките на своите законски надлежности, меѓу другото во континуитет ги следи состојбите со заштитата на животната средина, како клучен сегмент во остварувањето на уставно загарантираното право на граѓаните да живеат во здрава животна средина. Во текот на 2021 година поднесени се вкупно 12 претставки, 2 повеќе од претходната година. Со ова, повторно се потврдува досегашната состојба/тренд на многу мал број поднесени претставки од оваа област, што никако не соодветствува со реалните состојби со кои секојдневно се соочуваме, пред сè поради енормната загаденост на амбиенталниот воздух, несоодветното депонирање на отпадот и други поразителни фактори кои имаат директно влијание врз загадувањето на почвата и возухот, односно на целата животна средина.

Во околности со мал број на примени претставки од оваа област, Народниот правобранител презеде дополнителни ангажмани во рамките на своите програмски активности со цел да ја отслика моменталната реална состојба со управувањето на отпадот, но и да добие одговор на прашањето до каде се општините со спроведување на плановите за воспоставување на таканареченото регионално управување со отпадот, кое неспорно е дека бара низа подготовки од обезбедување на финансиски средства, доработување на законска регулатива, па се до технички/градежни работи.

Од податоците прибавени од Министерството за животна средина и просторно планирање и од сите Регионални центри за развој на планските региони беше увидено дека состојбата со регионалното управување со отпад е скоро непроменета-сè уште не е изградена ниту една регионална депонија, иако Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за животна средина и просторно планирање повеќе години презема бројни активности за воспоставување на овој систем.

Дополнителните анализи кои ги спроведува ова Министерството, а кои покажуват потреба од спојување на одредени региони, фактички го враќаат целиот процес на почеток,

со што на некој начин се поставува дилемата дали и во наредните неколку години ќе се работи само на утврдување и донесување на нови документи, а ќе изостанат работите на терен, со што фактички ќе изостане процесот на изградба на регионалните депонии.

Министерството за животна средина и просторно планирање треба да посвети поголемо внимание на промотивните кампањи за подигнување на свеста кај граѓаните чија цел би било нивно детално запознавање за тоа како навистина функционира и што точно значи изградбата на регионалната депонија. Градоначалнците и Советите на општините треба да земат поактивна улога во овој процес, во секој поглед, пред сѐ во однос на убедувањето на локалното население за позитивните придобивки кои сите би ги имале од изградбата на регионалните депонии, не занемарувајќи го фактот дека соодветно третираниот отпад претставува иден ресурс.

**Констатации**

- *Загрижувачка е состојбата со енормното загадување на воздухот, со несоодветното справување со отпадот и со многу ниската еколошка свест кај граѓаните.*

**Препораки**

- *Надлежните институции на државно и на локално ниво да вложат дополнителни напори и да обезбедат соодветни финансиски средства за успешно справување со констатираните проблеми и за подигнување на еколошката култура кај граѓаните.*

## ДРУГИ ПРАВА

Во извештајниот период, споредбено со претходната година се бележи намалување на бројот на поднесени претставки сврстени во Други права (201 во 2021 година, 211 во 2020 година). Најголемиот број на претставки како и претходните години се однесуваа на повреда на правото на добивање одговор на писмените барања доставени до органите на државната управа и други органи и организации кои имаат јавни овластувања. Конкретно, поплаките се однесуваа на начинот на работење на Јавните претпријатија, недобивање одговор по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, правото на остварување на финансиска поддршка во земјоделството и сл.  Останатиот дел на поплаките беа надвор од надлежноста на Народниот правобранител, па граѓаните на соодветен начин беа поучени каде и на каков начин можат да ги заштитат нивните законски и уставни права.

Од предметното постапување Народниот правобранител утврди дека поради долгите преписки (кореспонденции), доставување несоодветни, нецелосни и ненавремени одговори, граѓаните често се доведуваа во ситуација да бидат попречени да ги остваруваат своите права. Како потврда на горенаведеното е поплака од граѓанин за неможноста за остварување на финансиска поддршка од 20% субвенција, кога граѓанинот година ипол беше попречен да го оствари своето законско право, затоа што службените лица од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Фондот

за пензиско и инвалидското осигурување на Северна Македонија не дале точни насоки и информации кои документи се потребни за да го оствари своето право (иако потребниот документ заедно со барањето) бил доставен од самиот почеток.

За ваквата фактичка состојба, и слични случаи како наведениот, Народниот правобранител континуирано упатуваше укажувања и препораки до надлежните органи да им наложат на службените лица точно да ги информираат граѓаните за потребните документи кои се предуслов за остварување на одредено право и за начинот на остварување на тоа право.

Иако по укажувањата на Народниот правобранител беше постапено, неспорно е дека граѓаните ги остваруваа нивните законски права по изминат подолг временски период.

**Констатации**

- *Поради долгите преписки (кореспонденци), меѓу органите/институциите, и доставување на нецелосни и ненавремени одговори, граѓаните често се доведуваат во ситуација да бидат попречени во остварувањето на нивните законски права.*
- *Продолжува праксата државните органи и другите јавни служби да не доставуваат одговор по барањата на граѓаните, иако за тоа имаат уставна и законска обврска.*

**Препораки**

- *Да се задолжаат сите институции, на државно и локално ниво сериозно да пристапат кон барањата на граѓаните, со тоа што меѓусебно ќе стапат во контакт со цел размена на информации, давање точни податоци и насоки, за да може граѓанинот да го оствари своето право.*
- *Доследно да се почитува уставната обврска, со тоа што државните органи и другите јавни служби навремено ќе одговарат по доставените барања на граѓаните.*

## ПОПИС 2021

Оваа извештајна година Народниот правобранител заради заштита на уставните и законските права на граѓаните, покрај предметното постапување ја следеше и надлежно постапуваше при спроведувањето на статистичката операција „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија", кој се спроведе во период од 05.09 до 30.09 2021 година.

До Народниот правобранител во врска со повреда на правата при спроведувањето на пописот се поднесени 6 претставки и се евидентирани 20 телефонски јавувања.

Граѓаните во поднесените претставки се жалеа на тоа дека „на иста адреса се водат лица кои не живеат таму, во однос на непостоење графа припадност на религија/вероисповед во системот на попишувачот (конкретно Евангелистичко-протестантска иницијатива) дека, лице припадник на одредена заедница не бил попишан како нејзин припадник дека, припадници на одредена заедница агитирале во насока лица од друга

заедница, да се попишуваат како нивни припадници, непоставување на прашања од страна на попишувач кои се однесуваат на попреченоста на некој член на семејството и слично". Посебен предмет беше отворен и во врска со соопштението на Државниот завод за статистика дека граѓаните е потребно да одат во општините и да се попишат.

Телефонските јавувања се однесуваа на барање информации и правни совети во врска со спроведувањето на пописот и граѓаните најчесто се интересираа „дали доколку не се во станот во кој живеат би можело да бидат попишани, како да се постапи во случаи со роднини кои повеќе години живеат во странство, зашто не е дојден попишувач припадник на албанската заедница, зошто пописот се врши и во недела кој е ден за одмор и друго".

По ваквите барања Народниот правобранител постапуваше веднаш и на граѓаните им даваше правен совет како понатаму тие би ги оствариле и заштитиле своите права.

По примените претставки, а врз основа на спроведената постапка и преземените дејства, граѓаните ги остварија своите права и проблемите беа надминати.

Народниот правобранител во контекст на односната операција до Државниот завод за статистика даде и свое мислење за начинот на отстранување на констатираните повреди, со конкретни забелешки и појаснувања во врска со терминологијата, методологијата и прашањата кои се однесуваат на лицата со попреченост и препорача измена на постојниот сет прашања, односно нивно целосно усогласување со Вашингтонската група на прашања (краткиот сет), што е во согласност со стандардите на Обединетите нации и со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, а за што континуирано од донесување на Законот и објавување на Методологијата за попис интервенираше Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост при Народниот правобранител.

## Констатации

- *За жал, пописот нема да даде реални податоци за лицата со попреченост и нивниот број во државата, од причина што при спроведувањето на пописот не се поставуваа доволно прашања во врска со проблемите на овие лица, со што би можело да се добијат статистички податоци, кои би биле од големо значење за оваа категорија граѓани и креирање на политики за олеснување на нивното секојдневно функционирање.*

## Препораки

- *Заради креирање соодветни политики со кои ќе им се олеснува секојдневното живеење, во активностите поврзани со донесување/измена или дополнување на закон, изработка на прашалници и слични прашања кои се однесуваат на лицата со попреченост, лицата со попреченост, задолжително да бидат консултирани и активно вклучени.*

## ПРАВА НА БЕГАЛЦИ/МИГРАНТИ

Народниот правобранител – Национален превентивен механизам (НПМ) во текот на 2021 година спроведе вкупно 6 посети во местата каде што се сместуваат или задржуваат странци и баратели на азил. По еднаш беа посетени Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово и Привремениот транзитен центар „Табановце", додека по два пати беа посетени Прифатниот центар за странци во Гази Баба и Привремениот транзитен центар „Винојуг". Целта на посетите е превенција од акти на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Во оваа смисла, фокусот на посетите беше насочен кон испитување на фактичката состојба заради идентификување на ризици коишто го зголемуваат или намалуваат разикот од тортура и друг вид несоодветно постапување.

Една од состојбите којашто го намалува ризикот од несоодветно постапување е тоа што во секој од центрите има присуство на лекар или медицински тим и на сите лица што се сместуваат им се прават првични прегледи. Фактот дека последиците од евентуално несоодветно постапување ќе бидат документирани, сам по себе има превентивен карактер. Сепак, според тимот на НПМ неопходно е лекарите и останатиот медицински персонал што се ангажирани во Центрите да бидат посебно обучени за да ги идентификуваат и соодветно да ги документираат сите знаци што би можеле да упатуваат на евентуално несоодветно постапување.

Присуство на претставници од меѓународни и невладини организации во Центрите е исто така, од огромно значење од аспект на документирање и нотирање случаи на несоодветно постапување. Дел од невладините организации имаат овластување да вршат правно информирање и застапување, што секако влијае превентивно од аспект на намалување на ризикот од несоодветно постапување спрема мигрантите, а истовремено ги намалува и шансите евентуално такво постапување да помине непроцесуирано.

Со исклучокот на лицата задржани во Прифатниот центар за странци во Гази Баба каде што користењето на мобилни телефони и можноста за телефонски разговори е регулирана со Правилник за куќен ред, во останатите центри најголем број од лицата слободно можат да ги користат своите мобилни (во некои од центрите има поставено и рутери за бесплатен интернет) и непосредно да се пожалат во случаи на евентуално несоодветно постапување спрема нив, било да е тоа до нивни блиски коишто би ги проследиле тие информации до надлежните власти, било да е до претставници на меѓународни или невладини организации, или пак, директно до надлежните власти и институции за заштита на нивните права.

Еден од најголемите проблеми во постапувањето со мигрантите, односно странците и барателите на азил и понатаму останува арбитрерноста при нивното задржување, како и понатамошното постапување со овие лица. Во оваа смисла, тимот на НПМ при посета во Привремениот транизитен центар „Винојуг" затекна состојба во којашто повеќе лица беа задржани и повеќе од 15 денови, а ниту едно службено лице не им се обратило на јазик што го разбираат. Лицата немаа никаков документ за нивното задржување ниту пак знаеа зошто или колку долго ќе бидат задржани. Имено, ниту едно лице нема добиено посебно, односно индивидуално решение за неговото задржување коешто би содржело податоци за причините за сместувањето/задржувањето, периодот на задржување, поука за права и слично.

Беше констатирано дека најголемиот број од лицата коишто се задржуваат во ПТЦ „Винојуг" е заради потребата од нивно сведочење пред истражните органи во кривични постапки што се водат за трети лица (криумчари). Тие се спроведувани во Центарот врз основа на телеграми во коишто се наведува дека се работи за лица-сведоци кои е потребно да се спроведат и задржат се до нивно сослушување од страна на ЈО при ОЈО-Скопје, а потоа со потврда за предавање на лица им се „предаваат" на претставниците од Министерството за труд и социјална политика. Тимот на НПМ доби информации дека лицата коишто ќе дадат исказ пред ЈО, односно за коишто ќе се оцени дека престанала

потребата од нивно понатамошно задржување во Центарот, се „решаваат по процедура" којашто опфаќа нивна депортацијата до определена точка на зелената гранична линија, каде што им се даваат насоки да ја напуштат државата.

За голем дел од лицата што биле задржани во Транзитниот центар беа добиени информации дека и самите сакале да си заминат од Република Северна Македонија, па во оваа смисла, депортациите од страна на службените лица се третираат како „помош", односно „асистенција" во реализација на нивната намера. Врз основа на утврдената фактичка состојба за време на посетата, тимот на НПМ констатираше дека во Привремениот транзитен центар „Винојуг" се врши произволно задржување на лица, а постапувањето кон нив би можело да се подведе и под поимот на нехуман, понижувачки и деградирачки третман. Имајќи ја предвид сериозно загрижувачката состојба затекната во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг" и начинот на којшто властите се справуваат со нерегуларната мигранција и мигрантите, како и овластувањата на Националната комисија за трговија со луѓе и илегална миграција да ги следи и анализира состојбите и да ги координира активностите на надлежните институции кои активно работат на решавање на проблемите во оваа област, Народниот правобранител-НПМ изготви Посебен извештај којшто го адресираше до Националниот координатор во Комисијата за трговија со луѓе и илегална миграција.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во текот на 2021 г., и покрај предизвиците предизвикани од пандемијата со Ковид-19, локалните власти продолжија да работат на остварувањето на правата на граѓаните, и да постапуваат по нивните барања и да ги решаваат нивните проблеми. Иако со ограничен пристап до канцелариите на локалните власти, а со тоа и отежната директна меѓусебна комуникација, сепак граѓаните можеа редовно да се обраќаат до локалните власти заради остварувањето на своите права согласно протоколите за заштита од Ковид-19 и ниту еден граѓанин не поднел претставка по основ недостапност на општинска администрација, или кој било друг орган на локалната власт.

Во овој дел од Годишниот извештај, Народниот правобранител ги презентира согледувањата за степенот на остварување на правата на граѓаните пред локалната власт, по области, кои се во надлежност на локалната самоуправа, а за кои граѓаните поднесуваа претставки пред подрачните канцеларии во Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица.

### Урбанизам и градба

Пред подрачните канцеларии на Народниот правобранител, во врска со правата од областа урбанизам и градба на локално ниво, се поднесени вкупно 59 претставки. При постапување по претставките, Народниот правобранител доставуваше барања за информации, објаснувања и докази во однос на истакнатите наводи во претставките, а во насока на констатирање на фактичката состојба. Од страна на Општините спрема кои се однесуваа претставките, се доставуваа бараните информации, при што одговорите беа доставувани во рок, а во некои случаи после рокот даден за одговор, или по доставена Ургенција или Повторна ургенција. Доколку и на овој начин не се доставуваше бараната информација, Народниот правобранител доставуваше Информација за попречување на неговата работа до Градоначалникот на општината. Онаму каде Народниот правобранител ќе констатираше повреда на право, или несоодветна примена на закон, доставуваше Укажувања со барање да се отстранат пропустите, по кои се постапуваше.

Најчестите основи по кои се доставуваа претставките во сите Подрачни канцеларии се: одложување на првостепена постапка, непостапување на градежна инспекција, и постапка за измена и дополнување на ДУП.

За одложување на првостепена постапка беа поднесени најголем број претставки, а се однесуваа на постапките за добивање правен статус на бесправни објекти. Континуираното поднесување на претставки по овој основ доведува до заклучок дека локалните власти сè уште се далеку од завршување на овој процес и по истек на 10 години од неговиот почеток.

Претставките, пак, за непостапување на градежна инспекција се однесуваа за одолжување на инспекциски надзор по добиена пријава за бесправно градење, но, во сите се констатира дека инспекторатот веќе постапил и донел управни акти со кои се наложува на бесправниот градител да ја отстрани градбата. Во некои од претставките, од страна на Народниот правобранител е побарано да се изврши вонреден надзор, по кое барање е постапено и е извршен надзорот.

Народниот правобранител, постапувајќи по претставките за неизвршување на управни акти, го детектира истиот проблем како и години наназад, а тоа е неотстранување на бесправните градби од страна на локалните власти, кога бесправниот градител тоа самиот не го направи. Причините за истото се повторно исти – необјавување на јавен повик за избор на изведувач, необезбедување финансиски средства во буџетите за оваа намена и само формално ставање на бесправните градби во Програмите или плановите кои се носат за отстранување на бесправните градби, а кои реално не се реализираат.

Најмал број на претставки се доставени во врска со измена и дополнување на ДУП (1 во ПК Битола и 2 во ПК Кичево). Овие претставки се однесуваа за одложување на постапките за измена и дополнување на деталните урбанистички планови кога граѓаните се појавуваат како предлагачи и инвеститори за изготвување на проектно-техничка документација за измена на планот, или кога до изработувачот на ДУП во фаза на изготвување на планот се доставува конкретно барање од страна на физичко лице.

Како заклучок во оваа област е соработката со Народниот правобранител и локалните власти да е на задоволително ниво. Општините, постапуваат по барањата на Народниот правобранител и во дадениот рок, или со задоцнување ги доставуваат бараните писмени информации. Дел од општините, доставуваат секогаш суштински и целосни одговори со прилог на бараните докази – како што се Битола и Кавадарци, но, дел од општините се уште доставуваат формални одговори, што како практика треба конечно да престане. Доставувањето на целосни и суштински одговори, постапувањето по доставеното укажување на Народниот правобранител дека е констатиран проблем во работењето, не само што ја покажува професионалноста на една локална самоуправа, туку и ја потврдува нејзината заложба да ги врши работите во интерес на граѓаните.

Во однос на работењето на инспекциските органи, за разлика од минатата извештајна 2020 година, кога е забележана стагнација во соработката со Народниот правобранител, оваа извештајна година, инспекциските органи постапуваа по Барањата на Народниот правобранител, доставуваа суштински одговори со приложување на бараните докази, но, има и исклучоци како што е овластениот градежен инспектор во Општина Пехчево. Додека пак, во однос на донесувањето, измената или дополнувањата на урбанистичките планови и оваа извештајна година, може да се заклучи дека граѓаните сè уште немаат влијание врз нивното донесување во обем како што треба да го имаат, поточно сè уште плановите не се донесуваат во најдобар интерес на граѓаните и согласно нивните потреби, туку единствено според концептот кој го има локалната власт. Континуирано малиот број на поднесени претставки по овој основ укажува на потребата на едукација на граѓаните за нивната улога во донесувањето на плановите, едукација за правната постапка во која истите можат активно да учествуваат во нивното донесување, или изменување. Крајно, и оваа година Народниот правобранител, како и години наназад, уште еднаш ја потенцира потребата од активно вклучување на партиципативното тело при општините во секој дел од постапката

за донесување на урбанистичките планови. Инсистирањето на Народниот правобранител за нормално и ефикасно работење на ова тело, е најпрво поради фактот што истото е составено од претставници на Советот, од општинската администрација, истакнати стручни лица од областа на урбанистичкото планирање, претставници на здруженија на граѓани и граѓани од подрачјето на општината. Ваквиот состав дава гаранција за обезбедување на стручност и пред сè поголема јавност во процесот на просторното и урбанистичкото планирање, ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, и дава сугестии за изготвување на плански решенија.

## Работни односи

Од оваа област пред Подрачните канцеларии на Народниот правобранител во оваа извештајна година се поднесени вкупно 16 претставки.

При постапување по претставките, Народниот правобранител преземаше низа дејствија, со цел да ја констатира неспорно фактичката состојба. Од страна на општините, јавните претпријатија, детските градинки, или училиштата спрема кои се однесуваа претставките, се доставуваа бараните информации. Генерално, доставените одговори беа суштински, целосни со достава на барани докази.

Поплаките на граѓаните се однесуваа за вработување на неопределено време, неисполнување на услови од оглас за вработување, престанок на работен однос и сл.

По преземените дејствија од страна на Народниот правобранител не се констатирани повреди на права на подносителите на претставките, поточно, не беше потврдено дека станува збор за повреда на постапката или неисполнување на некои од законски утврдените услови, освен во еден случај, во Општина Куманово. Во оваа претставка, Народниот правобранител достави Укажување до Градоначалникот на општината, во која укажа на неговата законска обврска да постапи по веќе даденото укажување од државниот просветен инспекторат, за констатирани пропусти и потреба од нивно отстранување. По ова Укажување е доставен повратен одговор со прилог на докази од Општината, во кој Народниот правобранител е известен дека подносителот на претставката во меѓувреме поднел жалба до второстепениот орган.

Општ заклучок на Народниот правобранител за работата на органите во однос на остварување на правата од работен однос, е дека носителите на јавни функции во локалната власт ги почитуваат законските одредби од сите сфери кои ги засегаат правата на вработените, но и дека постапките за вработување ги спроведуваат професионално и во согласност со закон и избираат соодветни кандидати кои ги исполнуваат законските услови за да бидат вработени.

Народниот правобранител препорачува вработувањата во општинската администрација и во останатите органи на локалната власт, како во училиштата и детските градинки основани од општините да продолжат да се спроведуваат низ транспарентна постапка, врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

## Финансии и царина

За заштита на правата од оваа област се поднесени само 2 претставки, по една во ПК Битола и ПК Куманово, кои се однесуваат за задолжувања за плаќање на данок на наследство и подарок и присилна наплата на данок на промет на недвижност.

Во постапувањето спрема општинските администрации по овие претставки, Народниот правобранител од прибавените писмени информации и прилог на докази, не констатира

повреда на право и во двата предмета. Поточно, и двете постапки од страна на општинските администрации се спроведени согласно закон.

На што се должи овој невообичаен мал број на поднесени претставки од оваа област, дали поради пандемијата со корана вирусот и отежнатото работење на локалните власти со доставување на решенијата за даноци на имот до граѓаните, или пак, се уште недоволната едуцираност на граѓаните за самата постапка при утврдување на даноците, поради што и ги прифаќаат даночните обврски дадени од локалните власти без преиспитување на нивната основаност, или крајно, општинските администрации оваа извештајна година постапките за задолжување на граѓаните со даноци го вршеа исклучиво во согласност со закон, Народниот правобранител ќе следи во наредниот период.

Сепак и оваа извештајна година, Народниот правобранител ја упатува препораката до општинските администрации доследно да го применуваат Законот за даноците на имот во утврдување на посебните даноци, без никакви условувања или попречувања на други права на граѓаните, како и потребата локалните власти да преземат активности и мерки за едукација на населението за нивните права, но и обврски предвидени со Законот за даноците на имот.

## Животна средина

Оваа извештајна година повторно пред подрачните канцеларии се поднесени мал број претставки, само 8, кои се однесуваа на загаден воздух од бурекчилница, или од добиток, зголемено ниво на бучава од „Луна парк", загрозување на животната средина поради градежни активности, се бараше преиспитување на постапката дали сечата на дрвја е извршена согласно одредбите од Законот за јавно зеленило и слично.

Во овие претставки, Народниот правобранител констатира дека овластените инспектори навреме реагираа по доставеното барање за надзор, излегуваа на самото место и донесуваа управни акти со кои се бараше отстранување на констатирани недостатоци. Доставените одговори по барањата на Народниот правобранител беа суштински и професионални, во дадениот рок, или со мало пробивање на роковите. Од доставените одговори е видно дека инспекциските органи преземаа соодветни мерки и дејствија за заштита на животната средина, по конкретните проблеми со кои се соочуваа граѓаните. Воедно, инспекциските органи постапуваа и по барањата на Народниот правобранител за вршење на инспекциски надзор.

Имајќи го предвид основот на поднесените претставки, останува заклучокот дека граѓаните реагираат единствено кога нивните поединечни права на здрава животна средина се повредуваат. Останува отворено прашањето дали незаинтересираноста на граѓаните за непречено и целосно остварување на нивното право на здрава животна средина е поради недовербата во локалните власти и нивното продолжување со непреземање на ефикасни и ефективни мерки за подобрување на општата состојба со животната средина, дали станува збор за недоволна едуцираност на граѓаните за важноста на живот во здрава животна средина, или здравствениот проблем поради пандемијата со корона вирусот со кој граѓаните се соочуваа и оваа извештајна година.

Поради ваквата состојба, Народниот правобранител цени дека е потребно локалните власти да преземат поактивни, поефикасни мерки со цел подигање на јавната свест за потребата од здрава животна средина, преземање на ефикасни и ефективни мерки за подобрување на состојбата и пред сè предвидување на потребни и доволни финансиски средства во општинските буџети за оваа намена, како начин да се придвижат работите кон подобро во сферата на обезбедување живот во здрава животна средина на своите граѓани.

## Потрошувачки права

Од областа потрошувачки права, пред Подрачните канцеларии на Народниот правобранител оваа извештајна година поднесени се 48 претставки, од кои најголем број беа поднесени во ПК Тетово и ПК Битола – 40, што претставува 83% од вкупно поднесените претставки во сите канцеларии, со исклучок на ПК Штип, каде не е поднесена ниту една претставка. Најбројни повреди на права се забележани по основ на „корекција на фактура" - 39 ( 81% од вкупно поднесените), а се однесуваа за наплата на евидентиран заостанат долг за неплатени комунални услуги.

Народниот правобранител преземаше низа дејствија спрема Јавно комунално претпријатие (ЈКП), а во насока да се утврди основаноста на заостанатиот долг, да се констатира реалниот долг кој подносителот на претставката треба да го подмири, но преземаше и дејствија спрема основните судови надлежни да постапуваат по тужби поднесени од ЈКП за наплата на заостанат долг заради добивање информации дали долгот е утврден во правосилни судски одлуки или во кој стадиум се наоѓа судската постапка (голем дел од нив, поради изминатиот временскиот период од 10 и повеќе години од поднесувањето на тужбите, од страна на судовите, постапките, по разни основи, веќе беа запрени).

Во ПК Битола, од добиените писмени информации и докази од страна на ЈКП, не е констатирана повреда на права при пресметките и евиденцијата по основ „заостанат долг" освен во еден предмет, каде е доставено Укажување до ЈП за отстранување на повредата на граѓанинот, поточно бришење од евиденција на застарен долг, по кое веднаш е постапено од Јавното претпријатие.

Сосема поразлична ситуацијата имаше во постапувањето од страна на ПК Тетово спрема ЈКП „Тетово"-Тетово. Имено, спрема ова ЈКП, по овој основ – обид за наплата на застарени долгови, се постапуваше по 24 претставки. За да добие писмена информација по овие предмети, Народниот правобранител преземаше низа дејствија: достави три Барања информации и докази, изврши три увиди во службените простории во ЈП, достави Ургенции, Повторни ургенции, а поради недоставување, или доставување на чисто формални одговори, од страна на ЈП, Народниот правобранител поднесе Информација до Градоначалничката на општина Тетово, со барање, согласно надлежностите, да ги преземе сите мерки во правец да се доставaт соодветни одговори од ЈКП „Тетово". Градоначалничката на општина Тетово воопшто не презеде никакви дејствија ниту одговори на барањето на Народниот правобранител.

По сите овие 24 претставки, од страна на Народниот правобранител е констатирана повреда на права на граѓаните, со барања за наплата на застарени долгови (често и за период од 1994 година па, наваму), по што до ЈКП „Тетово" доставено е Укажување да се престане со обид за наплата на застарени, а неутужени долгови. Крајниот исход од постапувањето, беше тоа што ЈКП постапи по Укажувањето на Народниот правобранител.

Како заклучок во однос на наплатата на сметките, Народниот правобранител посочува дека ги поддржува сите мерки што се дозволени и допуштени со законската регулатива за наплата на комуналните сметки за испорачани комунални услуги, но едновремено напоменува дека не е дозволено никакво дејствување во насока на присилување на граѓаните да плаќаат заостанат долг кој не е предмет на тужба, односно застарен долг за кој е истечен рокот за присилна наплата. Јавните комунални претпријатија имаат законска должност да ги почитуваат и применуваат законските одредби кои ги уредуваат задолжувањата и наплатата на сметките за извршена комунална услуга. Секое спротивно дејствие не само што е груба повреда на правата на граѓаните од оваа област, туку е и противзаконско работење што носи правни последици.

# ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА

## НП бр. 1473/21

*Вработен во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, побара интервенција од Народниот правобранител спрема неговиот работодавач, за остварување на неговото право од работен однос да биде унапреден, согласно стручната подготовка и веќе стекнатото работно искуство.*

*Во постапката, Народниот правобранител, земајќи ги предвид сите докази приложени кон претставката, побара од ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, доколку нема друга законска пречка, веднаш да се спроведе постапката за усогласување и вреднување на стручното образование на подносителот на претставката согласно законот, колективните договори и актите на работодавачот.*

*Во повратен одговор ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар го извести Народниот правобранител дека е постапено по неговото барање и е донесено Решение за стекнување на статус на административен службеник и Решение за утврдување на висината на платата на работник изразена во коефициенти за подносителот на претставката, согласно неговото стручно образование.*

## НП бр. 351/21

*Постапувајќи по претставка од граѓанин во однос на негово неосновано задолжување со РДТ за адреса, на која евидентирани обврзници за радио дифузна такса во Регистерот на обврзници биле неговите родители, Народниот правобранител до ЈП МРТ Скопје достави Укажување за констатирана повреда на правата на подносителот на претставката и побара негово бришење од Регистерот на обврзници за РДТ.*

*До Народниот правобранител е доставено Известување од страна на Македонска радио телевизија, со кое се известува дека е постапено по Укажувањето и подносителот на претставката е избришан од Регистерот за РДТакса како лице кое од 2007 година живее надвор од РСМ.*

*Издадените Решенија за РДТ на негово име нема да предизвикуваат никакво правно дејство, а за овој предмет МРТ по службена должност ќе ја извести Управата за јавни приходи - Регионална дирекција Прилеп.*

*По преземените дејствија, односно по интервенцијата на Народниот правобранител граѓанинот го оствари правото од претставката.*

## НП бр. 1358/21

*Народниот правобранител постапуваше по претставка поддржана и од 32. граѓани со нивните потписи, во која се укажува на незадоволството од донесениот ДУП за реон во кој се опфаќа и ул.„Андон Слабејко" во Прилеп. Жителите на оваа улица сметаа дека со донесениот ДУП ќе трпат последици по нормалното функционирање во нивниот секојдневен живот и дека истиот е спротивен на сите нормативи за негово донесување предвидени со закон.*

*По спроведената постапка по претставката и добиената писмена информација од општина Прилеп со прилог на целокупната документација од постапката за донесување на ДУП-от почнувајќи од 2016 година, па се до донесување на конечниот ДУП во 2019 година, Народниот правобранител не констатира повреда на правото на жителите на оваа улица на нивно нормално функционирање, ниту на повреда на законските и подзаконските акти предвидени за постапка за донесување на ДУП.*

*Постапката за донесување на ДУП-от е реализирана согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање како и подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон (донесена Одлука од Советот на Општината, објавени во дневни весници термините за одржување на јавна презентација и јавна анкета, извештаи и записници од јавната презентација и по јавната анкета, дадени стручни мислења, стручни оценки, влијание врз животна средина, извршени стручни ревизии, мислења од сите јавни претпријатија, Министерства, ЕВН АД Македонија, добиена согласност од Министерство за транспорт и врски на Конечниот Предлог ДУП, Известување од Агенцијата за катастар на недвижности и останата документација).*

*Народниот правобранител укажа дека жителите имаа единствена можност која е предвидена со Законот да учествуваат во јавната презентација и јавната анкета со доставување на анкетни листови. Конкретно, согласно погорецитираниот Закон, едно физичко лице кое при донесувањето на урбанистички план смета дека со истиот ќе се наруши неговиот нормален живот, единствено може да се вклучи во постапката за донесување со пополнување на анкетен лист во кој ќе се наведе основот за несогласување со планот.*

*На одржаната јавна анкета, видно од приложените копии од анкетните листови на граѓаните, само еден граѓанин од ул. „Андон Слабејко" поднел анкетен лист со забелешка, која од страна на Комисијата е прифатена и вметната во конечниот предлог ДУП. Ниту еден граѓанин од потишаните во петицијата не учествувал во јавната анкета и не пополнил анкетен лист со забелешки на планот, на кој начин воопшто ниту се впуштил, поточно не зел учество во донесувањето на планот во насока да укаже за несогласувањето со истиот, да даде забелешка за основот за кој смета дека ќе се попречи владението на неговата сопственост, или да даде забелешка во однос на подобрување на планот, поточно не ја искористил својата законски дадена можност да учествува во донесувањето на урбанистичкиот план.*

*Народниот правобранител изврши и проверка на примената на Законот за урбано зеленило при донесувањето на планот и констатира дека предвиденото урбано зеленило и озеленетост, според ДУП-от е предвидено во површина од 12682м2, или 19,50% од површината на планскиот опфат, што е за 0,50% помалку од предвидените 20% со Законот за урбано зеленило.*

## НП бр. 892/21

*Народниот правобранител постапуваше по предмет кој се одолжуваше пред Основното јавно обвинителство Скопје и МВР, од причина што истите не преземаа дејствија во разумен рок како странката би ги остварила своите права.*

*По преземањето на дејствија од страна на Народниот правобранител пред овие органи постапката резултираше со поднесување на обвинение пред надлежен суд против сторителите на кривично дело „Тешка кражба".*

*Народниот правобранител по завршувањето на оваа постапка од истиот подносител оваа извештајна година повторно доби претставка со која беше побарано Народниот правобранител да дејствува како Пријател на судот, а од причина што повеќе од 6 месеци од поднесеното обвинение судот немал одржано расправа, односно истите се одложувале.*

*Народниот правобранител постапи по ваквото барање и се вклучи во судската постапка, па до Судот достави свое Давање мислење во својство на пријател на судот (amicus curiae) со кое побара Судот да донесе пресуда во разумен рок, што на следната расправа беше и сторено, односно судот по поднесениот поднесок од Народниот правобранител донесе соодветна судска одлука.*

## НП бр. 1004/21

*На подносителот на претставката корисник на гарантирана минимална помош (ГМП) му беше блокирана трансакционата сметка од страна на Општина Куманово, Сектор за даноци поради неплатен данок на наследство и подарок.*

*По доставено Укажување до Општина Куманово за повреда на повреда на одредбите од член 57 од Законот за даноците на имот, бидејќи на подносителот на претставката единствен приход му е Гарантирана минимална помош(ГМП), Општина Куманово, изготви Барање за повлекување на решение за присилна наплата и истото го достави до банката која ја деблокира сметката на подносителот на претставката.*

## НП бр. 1079/21

*Постапувајќи по претставка од Б.Н. од Скопје, во врска со нецелосна исплата на боледување за месец февруари 2021 година во висина од 27.739,00 денари, Народниот правобранител се обрати до подрачната служба во Скопје на Фондот за здравствено осигурување.*

*Од страна на подрачната служба со допис бр. 1820/4541/2 од 10.06.2021 година, Народниот правобранител е известен дека овој проблем е од технички карактер, кој се јавува при креирање на спецификација, поради што од страна на подрачната служба е пријавено во сметководството и во ИТ секторот на Фондот за здравствено осигурување.*

*Имајќи го предвид изнесното, доставувајќи копие од дописот на подрачната служба Народниот правобранител, достави укажување до директорот на Фондот за здравствено осигурување на неопходноста од преземање на неодложни дејствија за да се отстрани проблемот и секако да се овозможи подносителката да го оствари своето право.*

*Во врска со постапувањето по овој предмет подносителката извести дека заостанатите средства по основ на боледување и биле дозначени на тековната сметка од страна на Фондот за здравствено осигурување, што беше потврдено и од страна на надлежниот орган.*

## НП бр. 1821/20

*До Народниот правобранител доставена е претставка од невладина организација, која во името на припадничка на посебна единица во Министерството за внатрешни работи се обрати поради дискриминација по основ на пол и род од страна на работодавачот и нејзиниот директно претпоставен раководител.*

*По поднесената претставка и разменетите информации и докази со Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител утврди дека наводите за сторена дискриминација се основани, по што упати Препорака за отстранување на констатираните повреди до министерот на МВР. Меѓутоа, и покрај детално даденото образложение, констатации и препорака за надминување на повредите, министерот за внатрешни работи не одговори позитивно на препораката, туку донесе ново решение за прераспоредување на подносителката надвор од единицата каде е вработена.*

*Со оглед на ваквиот исход на постапување, подносителката на претставката беше упатена преку редовен судски пат да поведе постапка против работодавачот и МВР.*

## НП бр. 2033/21

*Б.М од Скопје се обрати до Народниот правобранител заради непочитување на законските рокови за завршување на постапката во спор од работен однос.*

*Народниот правобранител констатираше повреда на правата на подносителот и даде препорака до Основниот граѓански суд Скопје, да постапува согласно законските норми и итно да го реши предметот.*

*Основниот граѓански суд Скопје, го информираше Народниот правобранител дека не може да постапи во таа насока бидејќи предметот бил доставен до Врховниот суд, заради одлучување по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок од страна на подносителот на претставката.*

*Предвид на таквата состојба, Народниот правобранител повторно даде препорака, односно мислење до Основниот граѓански суд Скопје и Врховниот суд дека со ваквиот начин на работење ги повредуваат уставните и законските права на подносителот на претставката.*

*Имено, ставот на Народниот правобранител е дека треба доследно да се почитуваат одредбите од член 36-а од Законот за судовите каде е регулирано дека Врховниот суд треба да побара препис на списите од предметното досие, за разлика од воспоставената практика на доставување на оригиналниот предмет до Врховниот суд за одлучување по барањето, што доведува до дополнително неоправдано одолжување на постапката.*

*Препораката не е прифатена.*

## НП бр. 518/21

*Граѓанин од Скопје, В.Б., до Народниот правобранител поднесе претставка поради одоложување на постапка за времено исклучување на посебен дел од објектот од системот за снабдување со топлинска енергија и покрај позитивното решение од страна на Снабдувачот со топлина „Балкан енерџи" ДООЕЛ-Скопје.*

*Постапувајќи по претставката Народниот правобранител од страна на БЕГ беше известен дека по барањето на именуваната не било постапено со месеци поради погрешниот телефон за контакт, имено службите на БЕГ не успеале да стапат во контакт со подносителката за да закажат термин за реализација на Решението.*

*Народниот правобранител од приложените докази кон претставката утврди дека подносителката на претставката истиот телефонски број го има наведено и во барањето за времено исклучување и во приговорот поднесен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и во претставката поднесена до Народниот правобранител.*

*Впрочем, за Народниот правобранител не беше прифатливо образложението на БЕГ уште повеќе со оглед на тоа дека од страна на надлежните служби на БЕГ не бил направен никаков обид на друг начин да се стапи во контакт со именуваната подносителка на претставката, со цел реализација на предметното решение.*

*Со оглед на ваквата фактичка состојба, Народниот правобранител согласно овластувањата од Законот за народниот правобранител со укажување се обрати до снабдувачот БЕГ во која укажа да се преземат дејствија за повлекување на издадените фактури за испорачаната толинска енерегија на име на подносителката на претставката по донесеното Решение со кое било прифатено нејзиното барање за времено исклучување од системот за дистрибуција со топлинска енргија, но укажувањето на Народниот правобранител од страна на БЕГ не беше прифатено.*

## НП бр. 230/21

*До Народниот правобранител во Штип со барање за заштита на правата се обрати лице со попреченост при што укажа дека не му се издава лекарско уверение за полагање возачки испит.*

*Постапувајќи по претставката преземени се мерки спрема ЈЗУ и извршен е разговор со Директорот на ЈЗУ „Клиничка болница" Штип, при што е дадено усно укажување дека нема основ лицето да не добие лекарско уверение за полагање на возачки испит, укажувајќи дека глуви лица ширум државата имаат возачки дозволи, вклучително и таткото на подносителот кој, исто така е глуво лице, а го управува својот автомобил повеќе од 15 години.*

*Директорот образложи дека е запознат со овој случај и дека докторот не го потпишал лекарското уварение затоа што во моментот не поседуваат апарат за мерење на степенот на слухот, по што побарано е веднаш да се обезбеди потребниот апарат за мерење на степен на слухот, за докторот да може да го потпише лекарското уверение како би можел подносителот на претставката да полага за возачка дозвола,односно да го оствари своето право.*

*Укажувањето е прифатено, а лицето, преку толкувач, го информираше Народниот правобранител дека му е издадено лекарско уверение за полагање на возачки испит.*

## НП бр. 2195/20

*Граѓанинот Б.М. од Скопје, поднесе претставка во која од Народниот правобранител бараше интервенција во Град Скопје бидејќи од негова страна по истекот на подолг временски период не било постапено согласно изнесеното правно сфаќање и дадени укажувања во пресуда, на Вишиот управен суд, кој ја уважил неговата жалба, ја преиначил пресудата на Управниот суд и го поништил Решението на Градоначалникот на град Скопје за утврдување данок на имот.*

*Народниот правобранител по претставката соодветно интервенираше во Град Скопје, па откако не беа преземени потребните дејства за донесување одлука во определниот рок, побара и од Државниот управен инспекторат, да изврши вонреден инспекциски надзор по однос на конкретниот случај.*

*Следствено на тоа и дури по 4 месеци од поднесувањето на претставката до Народниот правобранител, од Град Скопје беше донесено ново решение за задолжување со данок на имот на подносителот на претставката.*

## НП бр. 1597/21

*Постапувајќи по претставка за остварување на правото од областа на пензиското осигурување, по вложен правен лек до Државната комисија, Народниот правобранител првично побара да биде известен дали предметот е доставен со целокупните списи за одлучување до второстепениот орган, па во тој контекст постапуваше спрема Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и второстепениот орган.*

*Имено, по информациите дека жалбата се уште не е доставена презеде повеќе дејствија за комплетирање на документацијата, а потоа и за донесување на одлука од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

*По преземеното од страна на споменатиот орган беше донесена одлука со која поднесената жалба беше уважена и предметот беше вратен до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на повторно разгледување и одлучување, со што подносителката го оствари своето право.*

## НП бр. 2622/21

*Ученичка во четврта година средно образование побара интервенција затоа што се уште од страна на училиштето не и беа изготвени свидителствата за I, II и III година, со образложение дека нема државјанство на Република Северна Македонија, односно не е запишана во матична книга на родените.*

*Таа согласно Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени е запишана и има добиено Извод од посебна матична книга на родени и Идентификациска исправа издадена од Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.*

*По увид во досието на подносителката и усно укажување до директорката на Средното економско училиште „Перо Наков"Куманово дека, согласно Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, сите лица имаат право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија и дека Евиденциски број во извод од посебната матичната книга на родените го има истото значење како матичниот број на граѓанинот при остварување на право на образование, од страна на директорката беше прифатено нашето укажување и во краток рок на подносителката на претставката и беа изготвени свидетелства за I, II и III година.*

## НП бр. 957/21

*Граѓанинот Е.М. од Скопје како редовен плаќач на месечни фактури издадени по просек за услугата снабдување со вода, побара интервенција од Народниот правобранител со цел враќање на повеќе уплатенениот износ за услугата снабдување со вода која била утврдена по прочитана состојба на неговиот водомер.*

*Постапувајќи по истата, Народниот правобранител ги презеде сите мерки и дејствија кои му стојат на располагање согласно Законот за народниот правобранител, но од страна на ЈП „Водовод и канализација"- Скопје не беше постапено по укажувањето на Народниот правобранител за враќање на повеќе уплатениот паричен износ на именуваниот граѓанинот, со образложение дека на име на подносителот има долг за нелегално приклучување кон водоводната мрежа во 2017 година, за кој долг се уште се води постапка за сторен прекршок пред Градот Скопје.*

## НП бр. 1449/21

*Подносител на претставка наведе дека Градоначалникот на Општина Ранковце нема донесено решение по неговото барање за утврдување на правен статус на бесправен објект бр.22-61 од 12.02.2016 година.*

*Народниот правобранител се обрати до Општина Ранковце со барање, од каде беше известен дека е донесено решение по барањето на подносителот на претставката но, Градоначалник на општина Ранковце со усна наредба, а потоа и со писмена наредба бр.08-1251/1 од 02.10.2020 година, до раководителите на одделенијата во Општината, наредил да не се издаваат управни акти на странки кои немаат платено данок на имот на Општината, се додека не ги подмират давачките кон Општината.По ваквите сознанија, упатено е укажување до Градоначалникот на општина Ранковце со барање да ја повлече дадената Наредба, затоа што не е во согласност со Уставот и законите и во случај на неплатени даноци да се постапи согласно одредбите од Законот за даноци на имот.*

*Укажувањето беше прифатено и Наредбата беше повлечена, а воедно и донесено и доставено решение до подносителот на претставката со кое тој го оствари своето право.*

## НП бр. 1771/21

*До Народниот правобранител беше поднесена претставка од припадници на Министерството за внатрешни работи, во која се посочуваше дека Апелациониот суд Скопје, не ги почитува законски предвидените рокови за одлучување по поднесена жалба, а со тоа лицата не можат навремено, односно пред пензионирање, да си го регулираат пензискиот стаж.*

*Притоа, по нивното барање за приоритетно одлучување, Судот им доставил одговор дека поради зголемен обем на работа тоа не може да го дозволи, поради што натамошна заштита на правата побараа од Народниот правобранител.*

*Народниот правобранител по утврдување на фактичката состојба и констатирање на сторени повреди, до Апелациониот суд Скопје, даде мислење за начинот на отстранување на констатираните повреди, со кое, меѓу другото, побара приоритено решавање на конкретниот предмет, особено што во случајот станува збор за состојба дека не е испочитуван законски определениот рок за донесување одлука по жалба.*

*Од страна на претседателот на Апелациониот суд Скопје, беше постапено согласно ваквата интервенција и по предметот беше одобрено приоритетно решавање.*

## НП бр. 1217/21

*Група граѓани од Тетово, се обратија до Народниот правобранител со претставка, со барање за интервенција за заштита на нивните права пред Општина Тетово-Секторот за инспекциски надзор-Градежна инспекција поради непостапување по барање за вршење инспекциски надзор.*

*По согледување на целокупната фактичка состојба, од која е утврдено дека се вршат градежни активности без одобрение, на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, Народниот правобранител побара од инспекцискиот орган да се изврши надзорот на посочената локација.*

*По интервенцијата на Народниот правобраните, инспекцискиот орган информира дека е извршена бараната контрола и донесено е соодветно решение со кое на инвеститорот му се наредува местото да го врати во првобитната состојба.*

## НП бр. 180/21

*М.С. од Гостивар до Народниот правобранител поднесе претставка во која побара интервенција во ЕВН Македонија АД-Скопје (ЕВН) поради задолжување со нереално високи сметки за потрошена електрична енергија.*

*По проучување на претставката и приложените докази, Народниот правобранител констатира дека е основана, бидејќи подносителот со семејството живее надвор од земјава, редовно ги плаќа сите фактури за потрошена електрична енергија и во непроменети услови без потрошувачка, се испорачува фактура со значително повисок износ.*

*Тргнувајќи од оправданоста на побараната интервенција, Народниот правобранител од ЕВН побара да се изврши проверка на состојбата и подносителот да се задолжи со реален износ соодветен на потрошеното.*

*По интервенцијата од Народниот правобранител, ЕВН ја сторнира спорната фактура и изготви нова коригирана фактура.*

## НП бр. 993/21

*До Народниот правобранител поднесена е претставка од С.Р. од Тетово, заради одолжување на постапка за остварување право на социјална сигурност за старите лица.*

*Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител од нејзината содржина, околностите на случајот, како и приложените факти и докази, констатира дека е основана. Конкретно иако од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по изјавена жалба на подносителот беше донесено решение и предметот вратен на повторно постапување пред првостепениот орган, ЈУ МЦСР Тетово во законски определениот и дозволен рок не донесе одлука.*

*Предвид на таквата состојба, Народниот правобранител на Центарот му укажа по однос на конкретниот предмет да преземе дејства, како и на обврската при повторно постапување да ги има предвид забелешките на второстепениот орган во насока на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба.*

*По преземените дејствија од страна на Народниот правобранител, Центарот постапи и донесе Решение за остварување право на социјална сигурност за старите лица.*

## НП бр. 397/21

*До Народниот правобранител претставка поднесе вработено лице во НУ „Тетовски театар" - Тетово заради одолжување на постапката за унапредување.*

*Имено, иако биле одобрени финансиски средства за финансирање на дејностите од областа на културата за 2021 година, установата не ја спроведувала постапката за унапредување на предвидените и одобрени работни места.*

*Предвид утврдената состојба, Народниот правобранител се обрати до установата и е добиен одговор дека по спроведен интерен оглас, подносителот е унапреден на работно место-актер прва група.*

## НП бр. 1701/21

*До Народниот правобранител претставка поднесе М.А од Тетово, во која побара интервенција поради двојно задолжување со радиодифузна такса.*

*Народниот правобранител согласно законските надлежности писмено се обрати до ЈП Македонска телевизија Скопје со укажување да се преземат мерки за надминување на проблемот, односно семејното домаќинство на подносителката на претставката да се ослободи од двојното плаќање на радиодифузна такса, како и да се повлечат веќе доставените решенија за утврдување на радиодифузна такса на нејзино име.*

*Укажувањето на Народниот правобранител е целосно прифатено и подносителката на претставката е ослободена од обврската за плаќање на радиодифузна такса.*

## НП бр. 645/21

*До Народниот правобранител претставка поднесе А.Д. од Скопје, во која укажа на повреда на правата од работен однос, за што побара интервенција до ЈЗУ Здравствен дом Скопје.*

*Имено, подносителката наведе дека во ЈЗУ Здравствен дом Скопје работи веќе 26 години, и дека во меѓувреме дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје и се стекнала со звање Дипломирана медицинска сестра, по што поднела барање до директорот на оваа установа за верификација на нејзиното ново звање.*

*Во одговорот кој и бил доставен, подносителката наведе дека од нејзе било побарано повторно да полага стручен испит со цел да биде верификуван нејзиниот труд, по што го положила и стручниот испит.*

*Со оглед дека и по исполнување на условите и по повторното барање до оваа установа не добила никаков одговор, Народниот правобранител се обрати до ЈЗУ Здравствен дом Скопје, по што од страна на подносителката бевме известени дека по интервенција на Народниот правобранит била распоредена на работно место соодветно на нејзиното образование, со што и била призната дипломата на дипломирана медицинска сестра.*

## НП бр. 1263/21

*Постапувајќи по претставката поднесена од В. Ц. И., во која укажува на повреда на правата со тоа што не и била исплатена разликата на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост на најтешки облици на хронично заболување, Народниот правобранител во неколку наврати имаше обраќања до Министерството за труд и социјална политика.*

*По упатените барање на Народниот правобранител од страна на Министерството за труд и социјална заштита – Сектор за социјална заштита бевме известени дека разликата на паричниот надоместок за скратено работно време бил одобрен од Министерството за финансии и истиот во целост и бил исплатен на подносителката.*

## НП бр. 675/21

*Б.А. од Струга, побара интервенција од Народниот правобранител за заштита на нејзините уставни и законски права по основ на денационализација.*

*Постапувајќи по претставката, во изминатиот временски период Народниот правобранител континуирано преземаше дејства пред надлежни органи согласно овластувањата од Законот од народниот правобранител.*

*При тоа, по добиените објаснувања, информации и докази, Народниот правобранител констатира дека од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Битола нејзиниот предмет за денационализација е решен, односно барањето за денационализација е уважено.*

## НП бр. 2228/21

*Лицето М.Д. од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставка за заштита на нејзините уставни и законски права по основ на денационализација.*

*Народниот правобранител, од содржината на претставката, добиените објаснувања, информации и докази, околностите на случајот, констатира дека истата е основана. Конкретно, од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација со седиште во Општина Струмица и по истекот на подолг временски период, во повторна постапка не е донесена нова одлука согласно изнесеното правно сфаќање и дадени укажувања во Пресудата на Вишиот управен суд на Република Северна Македонија.*

*Предвид на таквата состојба, Народниот правобранител согласно овластувањата од Законот за народниот правобранител до односната комисија за денационализација укажа да преземе дејства за извршување на односната пресуда на Вишиот управен суд на Република Северна Македонија и да донесе ново решение по предметното барање за денационализација.*

*Притоа, во меѓувреме од добиените објаснувања, информации и докази Народниот правобранител констатира дека од Комисијата за денационализација со седиште во Општина Струмица е постапено по укажувањето.*

## НП бр. 1786/21

*С.В. од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставка во која побара интервенција по основ на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост.*

*Народниот правобранител за посочениот случај во меѓувреме покрена постапка и се обрати до Подрачното Одделение за првостепена управна постапка Валандово на Управата за имотно-правни работи во Министерство за финансии и во Општина Чаир – Сектор за урбанизам.*

*Следствено на тоа, од добиените објаснувања, информации и докази се констатира дека од Одделението било постапено по интервенцијата на Народниот правобранител, односно барателите на приватизација С.В. и Л.Б. со цел да се донесе акт за приватизација на градежно земјиште, потребно е да достават нов геодетски елаборат со нумерички податоци.*

# 2 ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА (ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ)

Проектот *„Подобрување на системот на правна заштита во врска со азил и натурализација“*, кој веќе неколку години по ред Народниот правобранител го спроведува со поддршка на Високиот Комесаријат за бегалци на ООН – Канцеларија Скопје, и оваа година претрпе значителни промени заради пандемијата со Ковид – 19, па така беа откажани оние активности кои беа замислени како јавни настани, но сепак се одржа консултативна средба помеѓу партнерите, Народен правобранител и УНХЦР на која се дискутираа сработените активности и постигнати резултати во периодот што измина, но и насоките, смерниците и новитетите за периодот што следи.

Иако јавните настани беа во ограничен број или во конкретниот случај целосно откажани, сепак во рамки на проектот се изработија две истражувања, и тоа првото посветено на лицата без државјанство, додека второто истражување во својот фокус ја имаше примената на институтот „азил“ во македонското законодавство.

Во извештајната година, и покрај присутната пандемија, до крај се спроведоа предвидените теренски посети за чии потреби се користеа и надворешни експерти и преведувачи со цел доследно почитување на правата на лицата од интерес за овој проект. Во рамки на проектот се реализираа и три онлајн курсеви организирани од страна на Меѓународниот институт за хуманитарно право од Санремо, Италија, на кои учествуваа тројца претставници на Народниот правобранител, и тоа по еден учесник од Националниот превентивен механизам, Механизмот за граѓанска контрола и Пријател на судот.

Народниот правобранител во текот на извештајната година, активно продолжи со реализација на проектот УНОПС, со Канцеларијата за проектни активности на Обединетите Нации, кој го започна во 2020. Главна цел на проектот беше да се направи проценка на капацитетите на Институцијата, како и да се адресираат прашања од интерес за Институцијата што понатаму ќе бидат обработувани преку обуки, тренинзи и сл. активности за јакнење на институционалните капацитети. Во рамките на проектот, за потребите на Институцијата беа изготвени повеќе документи што адресираа прашања во однос на предметното работење, внатрешната комуникација во институцијата, потребата од обуки за вработените, но подготви и стандардни оперативни процедури за предметно работење и за места на лишување од слобода, како и прирачник за спроведување интервјуа во места за лишување од слобода.

Во рамките на проектот беа одржани и четири последователни обуки наменети за вработените на Националниот превентивен механизам, Механизмот за граѓанска контрола, како и оние вработени кои работат по предмети на лица лишени од слобода (затвори и полициски станици), обработувајќи теми за спроведување ефикасни истраги, техники на интервјуирање и стандардни оперативни процедури за изведување посети на места за лишување од слобода.

Во извештајната година започна со реализација петгодишниот ИПА 2020 проект поддржан од Европската комисија, а реализиран од страна на конзорциум на институции од Австрија и Хрватска. Проектот опфаќа четири компоненти, секоја фокусирана на актуелни прашања од општественото живеење на државата, корупцијата, организираниот криминал, правосудството и темелните права.Народниот правобранител заедно со Комисијата

за спречување и заштита од дискриминација се носители на четвртата компонента – темелни права - во рамки на која се предвидени многубројни активности што го покриваат работењето на институцијата Народен правобранител, а пред сè механизмите за граѓанска контрола, за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ОН за лица со попреченост, Националниот превентивен механизам, но и промоцијата на детските права и заштитата од семејното насилство. Заради технички причини проектот во 2021 година имаше мал, односно ограничен опсег на активности, но се очекува во наредните четири години да се забрза динамиката и да се реализира се она што е предвидено со проектната документација заради што ќе се ангажира и среднорочен меѓународен експерт кој тековно ќе работи со Институцијата.

Во оваа прилика, важно е да се спомене и соработката што со години наназад Народниот правобранител ја има со Советот на Европа, особено со Канцеларијата на оваа меѓународна организација во Скопје. Впрочем, Народниот правобранител активно учествува во неколку проекти во чија срж се теми посветени на недискриминацијата, говорот на омраза, механизмот за граѓанска контрола, сите како дел од големиот регионален проект „Хоризонтална поддршка за Западен Балкан и Турција". Земено предвид дека овој проект продолжува и во 2022 година, се очекува со него да продолжи и соработката што Советот на Европа ја има со Народниот правобранител.

# 3 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ), во рамки на својот мандат и надлежности, континуирано го следи постапувањето и почитувањето на правата на лицата во местата на лишување од слобода и задржување, а со цел превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Во оваа смисла, фокусот на посетите на тимот на НПМ е насочен кон испитување на фактичката состојба заради идентификување на ризици коишто го зголемуваат или намалуваат разикот од тортура и друг вид несоодветно постапување.

Во извештајната 2021 година, тимот на НПМ изврши вкупно 33 посети, од кои: 8 посети во полициски станици од општа надлежност на подрачјето на Секторите за внатрешни работи (СВР) Струмица и Охрид, 5 посети во полициски станици за гранична контрола или надзор, 14 посети во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и 6 посети на места каде што се врши сместување или задржување на странци и баратели на азил.

При спроведувањето на превентивните посети беа ангажирани надворешни соработници од повеќе научно-образовни институции, коишто со својата експертиза придонесоа во зајакнувањето на професионалноста и обезбедување мултидисциплинарен пристап во работата.

Во однос на полициските станици од општа надлежност, тимот на НПМ на подрачјето на СВР Струмица ги посети полициските станици од општа надлежност (ПСОН) во Радовиш, Струмица, Валандово и Гевгелија, додека на подрачјето на СВР Охрид беа посетени ПСОН во Кичево, Охрид, Струга и Дебар. Овие посети се продолжение на посетите што тимот на НПМ ги реализираше во 2020 година во ПСОН на подрачјето на СВР Скопје и истите имаа за цел следствено да го испитаат пристапот до правото на адвокат во полициската постапка и на подрачјето на овие два сектора, преку собирање на информации за прашањата што се однесуваат на: известувањето на лицата за правото на адвокат, можноста за пристап до адвокат, начинот на којшто можат и условите во коишто можат да го користат ова право, како и статистички податоци за процентот, односно бројот на случаи во коишто бил повикан адвокат во полициската постапка.

Бројот од околу десетина проценти од вкупно приведените, односно лицата лишени од слобода или задржани коишто го искористиле правото да повикаат адвокат е мал, и како таков упатува на потребата од поголема афирмација на пристапот до ова право како една од гаранциите за намалување на ризикот од тортура или друго несоодветно постапување во полициските станици.

Ниското ниво на искористеност на правото на адвокат во полициска постапка е резултат на повеќе фактори од различна природа и тоа како од легислативна и фактичка, така и од општествено-економска. Имено, за лицата коишто се лишени од слобода или приведени и спроведени, односно задржани во полициска станица не е предвидена бесплатна правна помош. Во Законот за кривичната постапка е предвидена одредба којашто пропишува дека трошоците за бранителот, од листата на дежурни адвокати, на лицето лишено од слобода и задржано ноќе, во период од 20 до 08 часот, паѓаат на товар на Буџетот на РМ, но најголемиот број од службените лица во Полициските станици со коишто беа извршени разговори воопшто не беа запознати со истата. Во оваа смисла,

лицата лишени од слобода и задржани во Полициските станици не се ни информирани за правото да побараат бранител од листата на дежурни адвокати, а дел од полициските станици воопшто не поседуваа таква листа. За време на посетите беше констатирано, исто така дека и социо-економската состојба на лицата коишто се спроведуваат во полициските станици се истакнува како една од главните причини поради кои овие лица не се одлучуваат да го искористат правото на адвокат. Прашањето за пристапот до правото на адвокат разгледано и од една поинаква и поширока гледна точка, земајќи ја предвид и актуелната општествено-економска ситуација, упатува на тоа дека за голем број на лица пристапот до правото на адвокат во полициската постапка е реално и фактички тешко пристапно.

Оттука, фактичката состојба констатирана врз основа на информациите и податоците добиени за време на посетите во полициските станици, упатува на потребата властите да вложат дополнителни напори преку преземање конкретни законодавни, административни и друг вид мерки што ќе придонесат за ефектуирање на правото на адвокат во полициската постапка како реално и фактички достапно.

Во полициските станици за гранична контрола и граничен надзор, каде што задржувањето на приведените или лицата лишени од слобода најчесто е краткотрајно, до нивно спроведување во некоја од полициските станици коишто се определени за задржување, тимот на НПМ нотираше дека скоро во ниту една од полициските станици нема посебна просторија за разговор со овие лица додека се во полициската станица, ниту пак, полициските службеници имаат јасни насоки како да постапуваат во случаите кога треба приведените или лицата лишени од слбода да ги информираат за нивните права, а тие не разбираат некој од јазиците што ги говорат службените лица. Полициските службеници се оставени сами на себе да се снаоѓаат.

Поради ова, тимот на НПМ смета дека е потребно Министерството за внатрешни работи (МВР) да предвиди и пропише јасни насоки што ќе ја вооедначат праксата на постапување на полициските службеници во случаите кога треба да ги поучат приведените, лицата лишени од слобода и задржаните лица за нивните права кога не зборуваат некој од официјалните јазици, а заради неопходно ниво на комуникација е потребно користење на преведувачи или толкувачи.

За време на посетите во Затворот Охрид и Воспитно-поправниот дом во Волковија, покрај останатите прашања, фокусот беше ставен на менталното здравје на децата, односно лицата коишто се на издржување казна затвор или воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом. Во оваа смисла, беше констатирано дека застапеноста на ментални нарушувања во двете установи ги достигнува горните и загрижувачки граници од достапните податоци за менталното здравје на младите во пеналниот систем. Според тоа, најголемиот дел од младите во овие установи се третирани за една или повеќе психијатриски дијагнози. Контролните прегледи за менталната состојба и ефектите од лековите, се вршат надвор од установите, односно во здравствените установи. Во склоп на ова, беше нотирано дека прегледите се вршат најчесто од специјалист психијатар, а не детски и адолесцентен психијатар и со тоа настанува опасност да бидат третирани како возрасни индивидуи и во однос на лековите и во однос на дозите, иако и научно е докажано дека созревањето на мозокот не е до 18-та година, туку е до 24-та година на животот.

Заради потенцијалните штетни ефекти од психофармаколошкиот третман кај оваа популација, нотирано е дека употребата на психијатриските лекови треба да се ограничи за состојбите за кои се креирани, односно за третман на сериозни ментални нарушувања. Додека бројот на пропишани лекарски рецепти во установите е особено висок, важно е да се одреди дали количината на рецепти точно одговара на вистинската потреба, кој е методот според кој се поставуваат дијагнозите и дали е безбедна употребата на овие лекови кај малолетниците воопшто.

Во текот на извештајната година, тимот на НПМ ги посети и сите затвори и казнено-поправни домови. Констатираната фактичка состојба упатува на тоа дека иако има извесни подобрувања, сепак големиот број на проблеми и понатаму влијаат врз високиот степен на ризик од тортура и друг вид несоодветно постапување спрема притворените и осудените лица. Во оваа смисла, за поздравување е усвојувањето на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021-2025) во која се предвидени 12 стратешки цели, како и акционен план за нивно спроведување.

Во однос на здравствената заштита е предвидено усвојување на повеќе стандардни оперативни процедури коишто како такви ќе имаат влијание врз намалување на ризикот од несоодветно постапување, а исто така за здравствените работници беше организирана и обука за евидетирање на повредите кои укажуваат на несоодветно постапување. Информации за донација на медицинска опрема и апарати беа добиени во неколку казнено-поправни установи. Сепак, најголемиот проблем на којшто се пожалија притворените и осудените лица е здравствената заштита, односно навремениот пристап до лекар и лекари специјалисти, како и медикаментозна терапија.

Извесни подобрувања во однос на материјалните услови се нотирани во повеќе казнено-поправни установи, но и покрај тоа загрижува фактот што голем број на лица и понатаму се сместени во субстандардни услови. Ситуацијата е алармантна во затворениот дел на Казнено-поправниот дом Идризово, особено во т.н. „амбуланта" и крило седум.

Во последниот квартал на извештајната година беше усвоена и програмата за почетна и континуирана обука на вработените во казнено-поправните установи, каде што посебно внимание се посветува и на припадниците на затворската полиција во делот на овластувањата што ги имаат да употребуваат сила и средства за присилба. Ова е од особено значење, ако се има предвид фактот дека во повеќе казнено-поправни установи беа добиени информации за психичко и физичко малтретирање. Еден од посериозните проблеми нотирани во дел од казнено-поправните установи беше и високиот степен на меѓу-затвореничко насилство. Ова е поврзано во голема мера и со недоволниот број на кадар и стручност во рамки на затворската полиција.

Констатираните состојби за време на посетите во местата на лишување од слобода, упатените препораки до властите, како и добиените одговори во однос на постапувањето по препораките, заедно со останатите работни активности реализирани во текот на годината се дел од Годишен извештај на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, којшто се доставува до Европскиот комитет за спречување на тортурата и Поткомитетот за превенција од тортура при Обединетите нации, до сите домашни релевантни институции на Република Северна Македонија, како и до Мрежата на Националите превентивни механизми на Југоисточна Европа.

# 4 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ (AMICUS CURIAE)

Народниот правобранител, во извештајната година, продолжи да дејствува како пријател на судот (amicus curiae), со овластување да учествува во сите фази од постапката, со право да дава предлози и мислења, кои судот треба да ги земе предвид. Во оваа област се бележи двојно зголемување на бројот на поднесени претставки (поднесени се 10 претставки, а во 2020 година беа поднесени 5 претставки) од граѓани, со кои беше побарано Народниот правобранител да дејствува во својство на пријател на судот. Осум од поднесените претставки се однесуваа за водењето на постапките пред Основниот кривичен суд Скопје, а две се однесуваа за водењето на постапки пред Основниот граѓански суд Скопје.

Врз основа на поднесените претставки, Народниот правобранител се вклучи и ги следеше судските рочишта како пријател на судот во 4 (четири) случаи. Во 2 (два) случаи не покрена постапка, од причина што од страна на подносителите не беше постапено по претходно поднесено барање од страна на Народниот правобранител за дополнување на претставката, по 3 (три) претставки не беше надлежен да постапува, а 1 (една) претставка беше врска на веќе оформен предмет од претходната извештајна година.

Народниот правобранител дејствувајќи како пријател на судот констатираше непочитување на законски предвидениот рок за постапување и завршување на судските постапки кои произлегуваат од работен однос. Имено, во двете постапки кои ги следеше пред Основниот граѓански суд Скопје по констатираните повреди даде мислење во својство на пријател на судот (amicus curiae) при што, неповредувајќи ги принципите на самостојност и независност на судската власт, укажа дека е потребно судот да води грижа за почитување на принципите и начелата за судење во разумен рок, и следствено судските расправи во спорoвите од работен однос да се закажуваат на покуса дистанца, со што би се почитувал и рокот кој е предвиден, од шест месеци, за завршување на овие постапки.

Меѓутоа, по даденото мислење од страна на Основниот граѓански суд Скопје не беше постапено, па судските рочишта од страна на судечките судии продолжија да се закажуваат на времена дистанца која законодавецот ја предвидел за да биде завршена постапката, поради што Народниот правобранител го информираше Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Советот, постапувајќи по поднесената Информација го извести Народниот правобранител дека непочитувањето на принципот за судење во разумен рок и законскиот рок за завршување на постапките од работен однос е поради недостиг на човечки ресурси (судии) и зголемен прилив на предмети во Одделот за работни спорови, како и дека по 30.06.2022 година, недостатокот на судии сериозно ќе го доведе во прашање нормалното функционирање на судовите, а со тоа и почитувањето на принципот на судење во разумен рок од член 6 од ЕКЧП.

При постапувањето пред Основниот кривичен суд Скопје, Народниот правобранител, исто така, констатираше повреда на принципот за судење во разумен рок, но по дадено мислење во својство на пријател на судот (amicus curiae) во првиот случај веднаш беше донесена судска пресуда, а во вториот случај, по интервенција на Народниот правобранител пред Основниот кривичен суд Скопје и Судскиот совет на Република Северна Македонија

беше разрешен судија-поротник кој ги исполнуваше условите за старосна пензија.

Инаку, во извештајната година Народниот правобранител ја продолжи постапката по 2 (две) претставки поднесени во текот на 2020 година, и 1 (една) во 2018 година, а во врска со постапки кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје. Народниот правобранител, во еден од случаите има дадено свое мислење за почитување на принципот за судење во разумен рок, во кој, непочитување на ова начело во конкретната постапка беше утврдено и од страна на Врховниот суд. Во останатите две постапки не се утврдени повреди во досегашното следење на судските расправи.

Покрај предметното постапување, Народниот правобранител како пријател на судот, во соработка со канцеларијата на Високиот комесаријат за бегалци на ОН во Скопје, а заради потребите на одделот, со цел заштита на правата на барателите на азил пред управните судови изработи Анализа за примена на институтот азил во законодавството и праксата во РСМ и потребата од вклучување на Народниот правобранител во постапките пред управното судство како amicus curiae. Воедно, Народниот правобранител како Пријател на суд ја поддржа Иницијативата за мрежа за бесплатна правна помош и застапување на бегалци, баратели на азил и лица без државјанство во Република Северна Македонија.

Народниот правобранител, согласно законската надлежност и Стратегијата за дејствување како пријател на судот ќе продолжи да дејствува во ова својство, со цел поголема информираност на граѓаните за можноста Народниот правобранител да дејствува како пријател на судот. Исто така, останува предизвикот за целосното прифаќање на Омбудсманот во судските постапки, односно практичната примена на законот да учествува во сите фази на постапката, со право да биде информиран за закажаните судски рочишта, да му биде овозможен увид во списи и активно да учествува во постапките, со право да бара и даде предлози и мислења.

# 5 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА

Народниот правобранител-Механизам за граѓанска контрола (НП-МКГ) оваа извештајна година постапуваше по поднесени 8 (осум) претставки за заштита од тортура и други облици на нехумано или деградирачко постапување и казнување, односно употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување сторени од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција, чиј број спореден со претходната година, бележи намалување.

Од поднесените претставки, по кои беа оформени предмети, 6 (шест) се однесуваа на употреба на прекумерна сила и физичко малтретирање сторени од страна на припадници на затворската полиција, а 2 (два) предмета на малтретирање во вршење служба од полициски службеници.

По спроведена истрага во насока на испитување на наводите за тортура и малтретирање од страна на припадниците на затворската полиција, Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола во 5 (пет) предмети не констатираше повреда на права, додека по едниот предмет постапката е во тек и постапувањето по овој предмет продолжува и во следната извештајна година.

Во однос на двата предмети по кои постапуваше Народниот правобранител по поднесена претставка за употреба на прекумерна сила и понижувачко или деградирачко постапување сторени од полициски службеници, Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола во едниот предмет констатираше повреда на права, односно употреба на прекумерна сила, понижувачко и деградирачко однесување и постапување од страна на полициски службеник. Следствено, врз основа на спроведената истрага и прибавените докази, доставено е Барање за утврдување казнена одговорност за полициски службеник до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за поведување постапка. Предметот е завршен со правосилна судска пресуда од Основниот кривичен суд Скопје, со која се утврдува одговорност заради малтретирање во вршење служба од страна на полицискиот службеник. Додека во вториот предмет по кој постапуваше НП-МКГ не беше констатирана повреда на права, така што постапката по тој предмет беше запрена.

Во однос на предметите по кои Механизмот за граѓанска контрола постапуваше во текот на претходната 2020 година, во која беа доставени 11 (единаесет) барања за покренување постапка заради утврдување на казнена одговорност, добиено е известување од специјализираното одделение при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, кое е надлежно за истражување и кривично гонење за кривични дела сторени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција дека по 4(четири) предмети била донесена јавнообвинителска одлука за отфрлање на пријавата поради немање доволно докази за понатамошно продолжување на постапката; по 1 (еден) предмет била донесена одлука истиот да се достави на надлежно постапување во Основно јавно обвинителство – Охрид. Додека по

останатите 4 (четири) Барања, Народниот правобранител е известен дека се уште е во тек предистражната постапка и се преземаат потребните мерки и дејствија, така што постапката по овие предмети продолжува и во 2022 година година.

За 2 (двата) предмети од минатата извештајна година кои се однесуваа на полициска бруталност и малтретирање, за кои Народниот правобранител - Механизам за граѓанска контрола поднесе соодветно барање за утврдување на казнена одговорност до специјализираното одделение при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, оваа извештајна година, по спроведена кривична постапка, донесени се правосилни осудителни пресуди од страна на Основниот кривичен суд Скопје.

Понатаму, во врска со преземените предмети по формирањето на тимот на механизмот за граѓанска контрола, од периодот 2016-2018 година, со оглед на тоа дека Народниот правобранител долг временски период немаше информации за преземените дејствија и мерки во текот на постапката и покрај уредно доставените барања и ургенции, конечно во оваа извештајна година, доставени се известувања од надлежните обвинителства, при што за сите предмети е донесена јавноовинителска одлука за нивно отфрлање, освен за еден предмет од 2016 година, за кој НП е известен дека се уште не е донесена јавнообвинителска одлука, така што постапката по предметот продолжува до донесување на соодветна јавнообвинителска одлука.

Во оваа извештајна година, Народниот правобранител-механизам за граѓанска контрола изврши посети на прифатните центри Винојуг кај Гевгелија и Табановце кај Куманово, и прифатниот центар за странци Гази Баба, како дел од планираните годишни активности во рамките на проектните активности со Претставништвото на Високиот комесар за бегалци на ОН (УНХЦР) заради испитување на начинот на постапување со задржаните лица и евентуално постоење на тортура и други облици на нехумано или деградирачко постапување и казнување од страна на службените лица.

По извршениот увид на состојбите и извршените разговори со задржаните лица не беше констатирана тортура во смисла на употреба на физичка сила или други неправилности при постапувањето на полициските службеници кои се задолжени за обезбедување на центрите. Сепак, беше констатирано дека во прифатните центри Винојуг и Табановце, кои се објекти од привремен карактер и без регулиран правен статус, лицата се задржуваат и сместуваат без решенија за задржување, со што се доведува во прашање законската основа за нивното релативно лишување од слобода и со тоа, ограничување на слободата на движење. Овие активности на Механизмот за граѓанска контрола се дел од Посебен извештај во кој се содржани констатираните состојби за време на посетите, упатените препораки до властите, како и добиените одговори во однос постапувањето по таквите препораки.

Во однос на соработката со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција и оваа извештајна година, преовладува впечатокот дека надлежните јавни обвинители постапуваат по барањата на НП за утврдување на казнена одговорност, но обвинителен предлог се поднесува само доколку е доставено и истоветно известување од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, врз поднесена пријава од граѓани за малтретирање и бруталност од страна на полициски службеници. Оттука, и оваа извештајна година, степенот на доверба од страна на обвинителството кон Механизмот за граѓанска контрола и по две години е на ниско ниво, и во иднина треба да се продлабочува.

Народниот правобранител - Механизам за граѓанска контрола, и во текот на 2021 година, како и минатата година, продолжи да функционира само со тројца претставници кои се во редовен работен однос во канцеларијата на Народниот правобранител. Граѓанските

здруженија, кои согласно Законот за народниот правобранител, треба да се дел од Механизмот за граѓанска контрола како надворешни членови, се уште не се (ре)избрани од страна на Собранието на РСМ, како надлежен орган. Имено, и покрај распишаниот оглас на 07 мај 2021 година, врз основа на одлука на Собранието на РСМ за распишување на јавен оглас на избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството, Народниот правобранител се уште не е известен за текот на постапката по однос на распишаниот конкурс, ниту дали се избраните новопријавените граѓански здруженија.

# 6 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Народниот правобранител - Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција во текот на 2021 година согласно својот мандат својата активност ја насочи кон мониторинг на активностите на релевантните државни институции во Република Северна Македонија кои се надлежни за следење и спречување на трговијата со луѓе и илегална миграција. Следствено, продолжи да го следи одговорот на надлежните институции при имплементација на стратешките документи - Националната Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 и меѓународните стандарди, препознавајќи ги добрите практики и слабостите идентификувани од субјектите вклучени во нејзиното справување, давајќи препораки за подобрување. Конкретно, препораките на ГРЕТА мониторинг телото за имплемнтација на Европската конвенција за борба против трговија со луѓе, ТИП репортот подготвен од Стејт департментот на САД и препораките на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, како тело кое ги обединува и координира сите засегнати страни во борба против трговијата со луѓе во РСМ.

За таа цел, Народниот правобранител како Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, во извештајната 2021 година остваруваше континуирана соработка со коодинаторот и членовите на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, особено со надлежните сектори и единици на МВР и МТСП, оствари теренски посети на Транзитно-прифантните центри „Винојуг" и „Табановце", Прифатниот центарот за странци „Гази Баба," и спроведе пет истражувања кои се однесуваат на следниве теми:

- „Предизвици и ефикасност на надлежните институции во РСМ во процесот на превенција, идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе во текот на 2021 година";
- „Предизвиците на институциите на РСМ во процесот на спроведувањето истраги, кривично гонење и осудувањето на сторителите на кривичните дела поврзани со трговија со луѓе, изрекувањето на санкциите и досудување на обештетувања во текот на 2021 година";
- „Предизвиците и ефикасноста на МВР во спроведувањето на превентивните и репресивните мерки за сузбивањето на трговијата со луѓе во текот на 2021 година";
- „Превенцијата и заштитата на жртвите на трговија со луѓе и илегална миграција - анализа за состојбите, предизвиците и ефикасноста на надлежните институции на РСМ во 2021 година" и
- „Предизвиците на институциите на Република Северна Македонија во процесот на постапувањето со непридружуваните деца-странци во Прифатно- транзитните центри „Винојуг" и „Табановце" во текот на 2021 година".

Според анализата од наведените истражувања, Народниот правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, констатира

дека навременото и правилно идентификување на жртвите на трговија со луѓе сè уште е најголем предизвик на надлежните институции во РСМ. Имено, навремената идентификација на случаи на трговија со луѓе овозможува идентификување на жртвите, спречување на нивната понатамошна експлоатација, спроведување на благовремена заштита, првична помош и поддршка за нивна успешна реинтеграција.

Истовремено, Народниот правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција преку истражувањата ја анализираше ефикасноста на надлежните институции во насока за поуспешно идентификување на организаторите на трговијата со луѓе и илегална миграција, со цел обезбедување квалитетни докази за успешно спроведување на кривична постапка и осудување со обесхрабувачки правосилни пресуди. Од причини што, без соодветно и навремено идентификување на случаите на трговија со луѓе и целосна идентификација на жртвите на трговија со луѓе е невозможно да се даде сеопфатен институционален одговор.

Народниот правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција во текот на 2021 година констатира дека од надлежните институции се идентификувани вкупно 48 жртви на трговија со луѓе, од кои 39 од Тајван. Потеклото на останатите 9 жртви на трговија со луѓе се 3 (деца) од Скопје, 2 возрасни лица од Велес, една возрасна жртва од Русија, и по едно дете од Куманово, Кичево и Прилеп. Жртвите воглавно се од женски пол, со исклучок на 1 машко дете. Местото на експлоатација на овие 9 жртви се различни локации низ повеќе градови на територијата на РСМ. Конкретно, во Скопје едно лице, едно лице во Скопскиот регион и по едно лице во Прилеп, Струга, Велес и Гостивар. Исто така, во текот на 2021 година идентификувани се и две наши државјанки кои биле експлоатирани во Белгија и БиХ. Во однос на род, повеќето жртви се жени/девојчиња, кои најчесто се жртви на двојна, комбинирана експлоатација (сексуално искористување и трудова експлоатација). Во изминатата деценија, за одбележување е континуирана појава на договорни/присилни бракови кај децата, која продолжува.

Подетално, во однос на формите/видовите на експлоатација се констатира дека во најголем дел се работи за сексуална експлоатација, која најчесто се врши во угостителски објекти и ноќни клубови, потоа трудова експлоатација која се врши преку присилна работа во угостителските објекти, комбинирана со сексуална експлоатација, и трудова експлоатација за потребите во земјоделието, сточарството и преку присилно питачење, како и присилните бракови како форма на експлоатација кои истовремено се комбинирани со сексуална и трудова експлоатација. Во однос на профилот на жртвите се констатира дека најчесто се работи за женски деца од ранливите категории, кои станале жртви на трговија поттикнати од различни општествени, економски и социјални фактори, како: сиромаштија, полова дискриминација, семејното насилство и други лични состојби на жртвата, како што е возраста, здравствената состојба, посебни потреби и сл.

Народен правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, констатира дека проактивно идентификување на жртви на трговија со луѓе во РСМ е клучен момент бидејќи само идентификуваните жртви можно е да се здобијат со ефективна и ефикасна заштита и да се спречи и нивна понатамошна ре-виктимизација. Соодветната заштита на жртвите на трговија со луѓе подразбира сеопфатени итни и долготрајни услуги како што се: безбедно сместување, медицинска и правна помош, пристап до образование, вработување, доквалификација, домување итн.

Во врска со состојбата на илегалната миграција на РСМ во текот на 2021 година, во двата прифатно-транзитни центри во РСМ биле сместени вкупно 3207 лица. Во Прифатно-транзитниот центар „Табановце" биле сместени вкупно 1954 мигранти (од кои 1858 од машки пол и 96 од женски пол). Од нив, 190 биле деца, од кои дури 108 непридружувани. Од вкупниот број на непридружувани деца, најголем дел (39) имале 16 години, 32 деца имале 17 години, 19 деца имале 15 години, 7 деца имале 14 години, 3 деца имале 13 години, 2 деца имале 12 години и едно дете имало 8 години.

Проценката на возраста на непридружуваните деца ја вршат овластените претставници на ЦСР веднаш по примопредавањето од страна на МВР. Возраста ја утврдуваат претставниците на МВР и ЦСР според документите за лична идентификација на лицето, а во нивно отсуство, што е најчесто случај, врз основа на негов личен исказ. Во Центарот, само еден социјален работник е овластен од страна на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа - Куманово како посебен старател да ги заштитува интересите на непридружуваните деца кои се затекнати, односно сместени во „Табановце". Назначувањето на старател се одвива веднаш, а најдоцна 12-24 часа по приемот на НДС во Центарот. По назначувањето, старателот спроведува интервју со детето со цел првична проценка и се врши иницијален лекарски преглед. Од страна на Црвениот крст се обезбедува хигиенски пакет и облека. При интервјуто, најчесто се користи преведувач обезбеден од страна на ИОМ или друга организација, а понекогаш се користи и апликација за превод. За време на престојот во Центарот старателот одржува редовни контакти со децата, според нивните потреби. Сепак, најголемиот дел од нив имаат за цел крајна дестинација земја од Европската Унија и продолжуваат кон Србија без да го известат старателот за напуштањето на Центарот. Просекот на останување на непридружуваните деца е од 1 - 9 дена, најдолг евидентиран престој во текот на 2021 година е 17 дена. Оттука, тие најчесто не сакаат да бараат азил, па од вкупно 103 непридружувани деца - странци, само едно дете се заинтересирало за постапката за азил која му била образложена од страна на правник - претставник на МЗМП, но на крај сепак не побарало азил.

Непридружуваните деца странци се сместуваат во одвоена просторија наменета за сместување на непридружувани деца-странци и други ранливи категории на мигранти, но од страна на претставникот на Центарот за социјални работи (ЦСР) е истакнато дека има ситуации кога децата остануваат сместени со групата по нивна сопствена волја, на место несоодветно за ранливи категории. Во текот на годината, ниту едно дете не е сместено во згрижувачко семејство, ниту пак, имало случај на семејно обединување. Од сите деца сместени во Центарот, вкупно четири деца се јавиле во својство на сведоци во кривична постапка, и тоа, две во кривична постапка за делото трговија со луѓе, а едно како сведок за смрт на друго лице. Како оштетени, пак, во кривична постапка се јавиле вкупно три деца, од кои едното било жртва на обид за убиство, а другите две оштетени со телесни повреди.

Најголемите предизвици идентификувани во Прифатно-транзитниот центар „Табановце" се условите за сместување, пред сè храната која најчесто е конзервирана, недостатокот на доволно облека, непостоењето на никакви образовни активности за децата, недоволниот број на старатели достапни во Центарот и немањето на психолог, како и отсуството на процес на локална интеграција.

Во текот на 2021 година, во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг" биле сместени вкупно 1253 мигранти, од кои 119 биле деца. Од нив, 52 биле непридружувани деца-странци (45 машки и 7 женски). Најголемиот број од нив биле на возраст над 14 години (43), и 9 биле на возраст од 14 години или помалку.

Со секое непридружувано дете-странец се постапува согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци, односно на секое дете му е назначен старател со кој се врши првично интервју и проценка на потребите, потоа иницијален лекарски преглед, згрижување и сместување во посебни простории одвоени од другите возрасни лица. Старателот одржува редовни контакти и комуникација со непридружуваното дете-странец се до моментот кога тоа ќе го напушти Центарот. Во просек, непридружуваните деца-странци во Центарот се сместуваат помеѓу една недела и еден месец. За тоа време, од вкупно 51 непридружувано дете-странец, само 5 деца побарале азил и им бил назначен правен полномошник.

Во однос на моментално активни домашни и меѓународни организации и институции во Центарот се: Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална

политика, Центар за управување со кризи, Црвен крст, Меѓународна организација за миграции (IOM), Македонско здружение на млади правници (МЗМП), додека претставниците на Високиот комесаријат за бегалци (UNHCR) доаѓаат повремено на посета.

Што се однесува до пристапот до образовни активности, во Центарот функционира детско катче за предучилишна и училишна возраст, кое е од неформален карактер. Во однос на предизвиците во однос на сместувањето, од страна на претставникот на ЦСР беше истакнато дека-постојано се работи на подобрување на условите за сместување во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг", да им се обезбедат основните средства на мигрантите (храна, облека, обувки, ќебиња, средства за хигиена и сл.), донесена е нова медицинска апаратура, а од пред извесно време реновирано е и детското игралиште. Сепак, во Центарот има потреба од уште еден социјален работник, со оглед на тоа дека во моментов е само еден кој е назначен како старател на сите непридружувани деца, како и од психолог или психотерапевт.

Народен правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, согласно предвиденото во националните стратешки документи и препораките на меѓународните институции за поуспешно спречување на трговијата со луѓе (ТЛ) и илегална миграција (ИМ) на надлежните институции преку Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција го предлага следново:

- Унапредување на соработката со партнерите, зголемена динамика на специјализирани обуки и мерење на влијанието на обуката преку инструменти за мерење на нивото на знаења, пред и по спроведена обука, што треба да биде нотирано во доставените извештаи на НК.
- Обуките за МВР-НЕСКМТЛ, социјалните работници од Центрите за социјална помош (ЦСР), судиите и јавните обвинители, наставниот кадар, здравствените работници, Државниот инспекторат за труд (ДИТ) и Здруженијата на граѓани (ЗГ) вклучени во превенција, идентификација и заштита на жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ) да претставуваат интегрален дел во Програмите за спроведување на редовни континуирани и мултисекторски обуки.
- Согледување на инпактот (мерење на влијанието и ефектот) од спроведените обуки, кампањи и информативно едукативните материјали.
- Во извештаите на НК имплементирање на родово разделени податоци за потенцијалните жртви и други податоци кои ќе овозможат креирање на мерки за намалување на нивната ранливост.
- Зајакнување на соработка со Локалните комисии за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со цел нивно вклучување во следење на состојбите на локално ниво за ТЛ и поддршка на Мобилните тимови (МТ) во процесот на помош и поддршка на потенцијални жртви/жртви на трговија со луѓе.
- Превенција со примена на приод кој дозволува учество на децата од ранливите групи при осмислување на мерки за сузбивање на трговијата со луѓе.
- Продолжување со спроведување кампањи за подигнување на свеста за ТЛ на општата јавност, со цел запознавање со ТЛ, давајќи им конкретни насоки како да се заштитат и каде да пријават случај. Медиумската покриеност на проблематиката, е добра превенција од ТЛ.
- Подигнување на свеста за ТЛ преку Интернет и можностите за злоупотреба.
- Спроведување кампања за намалување на побарувачката кај потенцијалните корисници на услуги.
- Подготовка на детални писмени упатства, за примена на принципот на неказнување

на жртвите на трговија со луѓе за кривични дела што биле извршени под принуда од трговците со луѓе, и во ланецот на трговијата со луѓе.

- Зголемување на теренска работа на сите релевантни субјекти со цел проактивна идентификација на жртвите и деца жртви, која овозможува навремена идентификација на терен, упатување, помош и поддршка, соодветно сместување и нивно навремено вклучување во реинтеграциски процеси, како и мултидисциплинарен и холистички пристап во партнерство помеѓу сите засегнати страни.
- Вклучување на здравствените работници во идентификација на потенцијални жртви на трговија со луѓе /прелиминарна идентификација.
- Проактивен пристап во идентификацијата на случаи на присилно питачење на децата, како ранлива категорија за ТЛ ( МВР и МТСП).
- Зголемување на бројот на идентификувани потенцијални/ЖТЛ помеѓу илегалните мигранти, при транзитот низ РСМ.
- Зајакнување на капацитетите на сите релевантни субјекти во задолжените институции/организации, вклучително и мобилните тимови и ДИТ преку мулти-дисциплинарни обуки на сите нивоа со цел зголемување на знаења и вештини во справување со ТЛ и соодветно постапување во случаите на ТЛ заради придонес кон подобра прелиминарна идентификација, и идентификација на ЖТЛ.
- Изнаоѓање начин за финансиска одржливост на ангажманот на членовите на Здруженијата на граѓани во мобилните тимови како и модули за инволвираност на Локалната самоуправа во нивното функционирање на локално ниво (НК, МТСП, МВР, ЕЛС и ЗГ).
- Мултиплицирање на бројот на мобилни тимови, да се формираат и во други градови (по претходно мапирање на потребите) по примерот на веќе постоечките 5 тима (МТСП, МВР и ЗГ).
- Градење на капацитетите на одговорните за идентификација, во однос на нивна подготовка за новите трендови, кои се предизвик за властите во БПТЛ/Д за ТЛ за огромниот темен простор на Интернет во кој се случува криминалот и новите начини на регрутација на жртвите.
- НК да подготви План за обуки и истите да ги координира и следи во однос на стандардите за квалитетна обука.
- Мултисекторски обуки да бидат наменети за сите релевантни структури вклучени во прелиминарна идентификација и идентификација на ЖТЛ.
- Потребно е ревидирање на Стандардните оперативни процедури-СОП и спроведување на континуирани обуки за постапување со ЖТЛ, согласно процедурите, на сите релевантни субјекти во негова примена, како и примената на Анексите/обрасците дадени во прилог како практична алатка, особено Прашалникот за идентификација на ЖТЛ.
- Идентификацијата согласно СОП да ја спроведуваат добро теоретски и практично обучени професионалци со изградени капацитети за работа со ЖТЛ и ЖТЛ.
- Индикаторите за идентификација на жртвите на трговија со луѓе, се практична и помошна алатка во идентификацијата која поради промена на модусот операнди, потребно е да се ревидира во наредниот период и да се спроведат обуки за нивна примена на сите засегнати страни.
- Да се финализира постапката за формирање на Оперативниот тим за координација

и управување со случаи на ТЛ, со што ќе се придонесе во зајакнување и координација помеѓу вклучените страни во однос на идентификацијата на жртви на трговија со луѓе.

- Да се унапреди соработката помеѓу централно ниво (НЕСКМТЛ) и подрачните Сектори за внатрешни работи (СВР/ПС) во МВР, за размена на информации, заедничко постапување и содејство во спроведување на акциски контроли, практикувајќи ги сите пропишани процедури за постапување.
- Потребно е иницирање на дополнителни истражувања, за новите модус операнди на ТЛ заради генерирање на нови знаења во насока на следење и откривање сторители на кривично дело ТЛ и ИМ.
- Информирање на сите службени лица задолжени за ТЛ и ИМ, за достапност на стратешките документи на веб-страницата на Националната Комисија.
- Да се унапреди соработката помеѓу НЕСКМТЛ и ОЈО за ГОКК во насока на водење проактивни истраги и користење на ПИМ мерки со цел поефикасна идентификација на ЖТЛ.

# 7 ИСТРАЖУВАЊА, ПОСЕБНИ ИЗВЕШТАИ, ИНИЦИЈАТИВИ, МИСЛЕЊА

Народниот правобранител и оваа извештајна година продолжи посветено да работи и да спроведува анализи и истражувања во определени области, како еден од начините, покрај предметното работење, за посеопфатно и подетално согледување на состојбата со почитувањето на човековите слободи и права во државата. Исто така, продолжи активно да ја следи состојбата со постоечката законска регулатива во насока на поефикасна заштита на правата на граѓаните и следствено, за таа цел да доставува иницијативи за измени на определни закони или акти.

Фокусирајќи се на согледување на состојбата со семејното насилство во државата, со акцент на превентивно дејствување и пред сè охрабрување и заштита на жртвата, Народниот правобранител во текот на 2019/2020 година (заклучно со мај 2020), спроведе *истражување за состојбата со семејното насилство* во државата, со кое беа опфатени надлежните органи кои согласно своите ингеренции се директно инволвирани во истражувањето и расчистувањето на случаите од оваа област  и тоа: ЈУ Меѓуопштински центри за социјална работа, Полициските станици, Јавните здравствените установи и Основните судови на територијата на Република Северна Македонија.

Со оглед на констатираните состојби, за секој од органите/установите опфатени со истражувањето, а со цел превенција и спречување на семејното насилство, ефективна заштита на жртвите, со почитување на основните човекови  слободи и права, Народниот правобранител, меѓу другото препорача надлежните органи за спречување и превенција од семејно насилство кои се под ингеренција на ресорните Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи и Министерство за здравство, да преземаат соодветни мерки за заштита на жртвите и спречување на насилството, така што редовно ќе остваруваат меѓусебна соработка и координиран пристап, со конкретизирани мерки за постапување, особено во услови на криза.

Во извештајната година, беше спроведено *истражување за согледување на состојбата со неевидентираните деца во матичната книга на родените,* по примената на Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени.

Од добиените податоци и анализа на истите, Народниот правобранител дојде до неколку заклучоци кои имаа за цел решавање на овој горлив проблем, систематизирани во Посебен извештај за состојбата со неевидентирани лица во матичната книга на родени. Меѓу другото, Народниот правобранител до надлежниот орган препорача да се разгледа можноста за една година да се продолжи рокот за поднесување на барање за упис, утврден во член 7 став 1 од Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родени, и во таа насока овие лица да имаат можност да поднесат барање со потребната документација до надлежниот орган, најдоцна до јуни 2022 година.

Во извештајната година посебен фокус беше ставен на согледување на состојбите во образовниот процес, од повеќе аспекти, со акцент на учениците со попреченост. За таа цел беа спроведени неколку истражувања и следствено изготвени посебни извештаи за констатираните состојби и дадени препораки, кои беа доставени до ресорните министерства и воедно јавно објавени на нашата веб - страница.

Имено, по спроведено *истражување за состојбата на посебните основни училишта и посебните паралелки во основни училишта по трансформацијата во ресурсни центри и*

*центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост,* Народниот правобранител изготви Посебен извештај во кој ги пренесе своите констатации и заклучоци и препорача целокупниот процес на трансформација да продолжи, при што истиот добро да се планира и координира од страна на ресорното Министерство, со целосна вклученост и на Бирото за развој на образованието, како и на сите други чинители - идните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост, наставниот кадар и членовите на стручните служби, родителите на учениците со попреченост и самите деца со попреченост.

Со оглед на фактот дека пандемијата влијаеше врз образовниот процес, а со цел согледување на состојбите со следењето на наставата, беше спроведено *истражување за искуствата, предизвиците и перцепциите на учениците и наставниците од средните училишта за наставата во учебната 2020/21 година со фокус на оценувањето vs стекнатите знаења* и подготвен Посебен извештај. Народниот правобранител имајќи ги предвид одговорите дадени од учесниците на фокус групите, заклучоците кои произлегуваат од нивните искази, како и предлозите на директно инволвираните во реализирање на наставата, а при тоа следејќи ја состојбата во услови на пандемија од Ковид-19, која неспорно ќе влијае на текот на воспитно-образовниот процес и реализирање на наставата и во учебната 2021/2022 година, препорача ресорното министерство и надлежните органи да ги преземат сите мерки и дејствија за минимизирање, и по можност целосно отстранување на пречките за непречено учество и следење на наставата на сите ученици, на подеднаква основа, при што сериозно да бидат земени предвид предлозите/сугестиите за унапредување на наставата од далечина, со особен фокус кон подобрување на процесот на проверка на знаењата и оценувањето кои ги даваат директните учесници во наставниот процес.

Со цел, пак, да се утврди какви облици на ученичко организирање им се ставени на располагање на учениците, Народниот правобранител подготви *Посебен извештај за степенот на почитувањето и остварувањето на правото на децата/учениците во основните училишта за ученичкото организирање и учество преку воведување на ученички парламент и ученички правобранител.* Врз основа на анализата на доставените одговори од основните училишта на државно ниво, Народниот правобранител утврди дека во поголем дел од основните училишта учениците се организирани во остварувањето на нивните интереси преку ученичкиот парламент и ученички правобранител, како форми на учество на децата, предвидени  во Законот за основното образование.

За согледување на состојбите по воведувањето на новиот концепт на образование, Народниот правобранител спроведе *истражување за согледување на состојбата со начинот на реализација на наставата согласно концепцијата за основно образование во учебната 2021/22 година,* за што е изготвен и Посебен извештај. Од направената анализа дадени се неколку препораки, меѓу кои - Министерството за образование и наука во соработка и координација со локалната самоуправа и училиштето да ги согледаат состојбите и условите за остварување на правото на непречено образование, и следствено да преземаат мерки за обезбедување на потребните технички услови и опремување на училишните простории за реализирање на настава согласно Законот за основното образование и Концепцијата за основно образование, на подеднаква основа во сите училишта.

Народниот правобранител спроведе *истражување и за прашањето кое се однесува на лицата без државјанство, направи  Анализа за примена на институтот азил во законодавството и праксата и потребата од вклучување на Народниот правобранител во постапките пред управното судство како amicus curiae, а спроведе и истражување, по што подготви Извештај за Предизвици и ефикасност на надлежните институции во процесот на превенција, идентификација и спроведување на заштита на жртви на трговија со луѓе во текот на 2021 година.*

Со цел *согледување на половата застапеност на вработените во јавниот сектор во текот на 2021 година*, од институциите беа побарани податоци за оваа област по што

беше изготвен Извештај за состојбата со половата застапеност на вработените во јавниот сектор.

Исто така, во извештајната година беше изготвена *Информација за состојбата со регионалното управување со отпадот,* чија цел беше да се утврди дали во оваа сфера има промени во однос на 2016 година, кога институцијата спроведе обемно истражување. Од добиените податоци, како од Министерството за животна средина и просторно планирање, така и од регионалните центри, општ е заклучокот дека во последните пет години речиси ништо не е направено, односно дека освен „Дрисла", која спаѓа во скопскиот плански регион, во ниту еден од останатите седум плански региони не е отпочната постапка за изградба на регионална депонија.

Народниот правобранител до Владата на Република Северна Македонија достави *Иницијатива за изготвување предлог за изменување и дополнување на одредбите од Законот за социјална заштита, од причина што утврди дека дипломираните семејнолози и стручњаци по родова проблематика* се предвидени како кадри во установите за социјална заштита, но не и во јавните установи за социјална заштита, како што се Центрите, со што овие стручни лица се ставени во нерамноправна положба во однос на останатите стручни лица од оваа сфера.

Слична *Иницијатива, но за измена на Правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование,* беше доставена до Министерството за труд и социјална политика, од причина што во овој подзаконски акт беше утврдена дискриминирачка одредби со која нееднакво се третираат децата со попреченост во зависност од местото на живеење, во однос на остварувањето на правото на посебен додаток, како и во однос на другите деца кои се сместуваат во Ученички дом како редовни ученици.

По однос на оваа интервенција на Народниот правобранител, од ресорното Министерство бевме известени дека ќе бидат направени измени во посочениот Правилник согласно укажувањата на Народниот правобранител, во интерес на сите категории на деца.

# 8 КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ

## СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ

Пандемијата со Ковид-19 ја одбележа и годината зад нас, иако на поинаков начин. Рестрикции имаше, но светот почна да се прилагодува да живее во пандемиски услови и да ги почитува новите мерки, односно сменетиот начин на живеење и работење. Сепак, иако и во 2021 година имавме рестрикции во редовното извршување на работните задачи и активности, како и ограничено движење и патување, сепак дел од меѓународните настани и собири се одржаа со директно присуство, додека поголем дел ја продолжија праксата востановена во 2020 година и беа организирани на хибриден начин преку т.н. вебинари.

Телата на Обединетите Нации ја одржаа сесијата за правата на детето организирана во рамки на Комитетот на ОН за правата на детето, како и регионалните консултации за Источна Европа и Централна Азија во организација на Комитетот на ОН за права на лицата со попреченост.

Во 2021 година, Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР) организираше настан, во рамки на кој се одржаа регионални консултации за Националните механизми за спроведување, известување и следење на Конвенцијата на ОН за права на лицата со попреченост во Европа и Централна Азија.

Соработката што Народниот правобранител веќе неколку години ја има со Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР) во Северна Македонија, оваа година им овозможи на тројца претставници на Институцијата да се стекнат со знаења и вештини од областа на миграциите, правото на азил, застапувањето и заштитата на лицата во движење во рамки на онлајн курсевите што се организираа од страна на Меѓународниот институт за хуманитарно право од Санремо, Италија.

Пандемијата со Ковид-19 покрај наметнување хибриден начин на одржување конференции и семинари, наметна и хибриден начин на одржување студиски посети, па така во соработка со Министерството за труд и социјална политика, како дел од програмата за интеграција на лицата под меѓународна заштита, канцеларијата на УНХЦР Скопје поддржа студиска посета во Словенија со цел да се овозможи размена на позитивни практики од областа на вработувањето и инклузијата на лица од интерес.

УНХЦР и ОХЦХР оваа година одржаа онлајн настан на тема „Еднаквоста и недискриминацијата во напорите да се елиминира бездржавјанството", а пак хибридниот начин на комуникација овозможи и студиска размена на искуства и пракси за заштита на децата во поглед на развојот и разгледувањето на алтернативни форми на згрижување на децата – странци. Настанот беше организиран од канцеларијата на УНХЦР Скопје и УНХЦР Холандија.

Советот на Европа, годината што измина ја одбележа со многубројни семинари, вебинари и друг вид настани од меѓународен карактер заради поттикнување дискусија за човековите права и слободи, но и промоција на истите. Во рамки на својот регионален проект „Хоризонтална поддршка за Западен Балкан и Турција", Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје одржа обука за спроведување независна и ефикасна истрага по претставки против полицијата, но и вебинар за стандардите на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе. Меѓу актуелните теми за расправа беа и детските права

заради што во октомври се одржа онлајн настан во чиј фокус беа предизвиците со кои децата и младите се соочуваат во денешницата. Додека пак Академијата за судии и јавни обвинители, поддржани од Канцеларијата на Советот на Европа во Сараево, организираше онлајн курс на тема „Деца бегалци и мигранти на Западен Балкан".

Во рамки на проектот „Промоција на различностите и еднаквоста на Западен Балкан", поддржан од страна на Европската Унија и Советот на Европа се одржа семинар за членовите на телата за еднаквост и човекови права. Семинарот беше посветен на спречувањето на говорот на омраза и дискриминацијата, како и размената на искуства на земјите од регионот во борбата со овие зла кои се длабоко навлезени во сите сфери на живеење, а кои најчесто провејуваат преку интернет порталите, социјалните мрежи и јавните медиуми.

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во регионот на Западен Балкан е активна веќе подолго време, па така во организација на канцелариите на ОБСЕ во Скопје, Сараево и Белград, во ноември 2021 година, се одржа онлајн тркалезна маса во рамки на регионалната соработка во областа на недискриминацијата на тема"Судската заштита и доказните средства во случаите на дискриминација". На настанот учествуваа преставници на комисиите за заштита од дискриминација и омбудсман институциите од регионот.

Трговијата со луѓе и оваа година беше во фокусот на ОБСЕ заради што организацијата одржа тркалезна маса за улогата на технологијата во трговијата со луѓе во Централна Азија, но и предавање за улогата на судството во борбата против трговијата со луѓе. Заради размена на искуства и јакнење на капацитетите на националните известувачи за борба против трговијата со луѓе, ОБСЕ организираше состанок, а заедно со Советот на Европа и годишна средба за националните координатори и известувачи за борба против трговијата со луѓе.

Уште една регионална средба на телата за еднаквост и институциите за човекови права ја одбележа 2021 година, под наслов „Улогата на телата за еднаквост и институциите за човекови права во судството" во Тирана, Албанија се одржа семинар во организација на Мисијата на ОБСЕ во таа земја.

Швајцарското и данско постојано претставништво во ОБСЕ, со поддршка на Организацијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и шведскиот претседавач, организираа мини онлајн конференција на тема „Превенција од тортура во системот на кривичната правда: Улогите и одговорностите на полицијата и другите закони и нивното извршување". Фокусот на оваа онлајн конференција беше ставен на превенцијата од тортура во системот на кривичната правда, како и улогите и одговорностите на полицијата и другите органи за спроведување на законот.

Агенцијата за темелни права на Европската комисија (ФРА), во октомври организираше онлајн семинар за улогата на Европската повелба за темелни права во работењето на Телата за еднаквост и Националните институции за човекови права.

Европската мрежа на Национални институции за човекови права(ЕННХРИ) каде активно учествува институцијата Народен правобранител, сите свои настани во 2021 година ги одржа на хибриден начин, па така се проследија повеќе консултативни состаноци по однос на тековното работење на Мрежата, а меѓу нив и Генералното собрание на кое се дискутираше за сработеното во тековната година, буџетот на Мрежата и се трасираа насоките за идно делување.Заедно со Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (ОХЦХР), ЕННХРИ одржа вебинар за влијанието на Ковид-19, институционализацијата на лицата со попреченост и правото да се биде информиран.

И оваа година со поддршка на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и Организацијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), ЕННХРИ

организираа академија која втора година по ред заради пандемијата со Ковид-19 се одржа онлајн. Фокусот на академијата во 2021 година беше на бранителите на човековите права. Претставник на Народниот правобранител учествуваше на академијата и даде личен придонес кон сесиите со свои видувања и ставови.

Широкиот опсег на ЕННХРИ и активностите понудени од Мрежата оваа година овозможија уште еден настан, овој пат заедно со Канцеларијата на Јавниот бранител (Омбудсман) на Грузија посветен на правото на образование на лицата со попреченост за време на пандемијата со Ковид-19.

Во организација пак, на Европскиот форум за лица со попреченост и Европската асоцијација за ментално здравје, а со поддршка на Европската мрежа на телата за еднаквост (Еквинет) и ЕННХРИ, се одржа состанок на кој учествуваше претставник на Народен правобранител, а се дискутираше за прекршувањето на човековите права како резултат на предлог - дополнителниот протокол кон Конвенцијата од Овиедо.

За крај на годината, ЕННХРИ и Канцеларијата на Јавниот бранител (Омбудсман) на Грузија организираа уште еден настан на кој се дискутираше за учеството на независните тела за мониторинг, невладините организации и организациите за заштита на правата на пациентите во рамки на Конвенцијата на ОН за права на лицата со попреченост за време на пандемија и по нејзиното завршување.

Во октомври 2021 година, се одржа 11-от состанок на Асоцијацијата на Омбудсмани на Медитеранот, после една година одложување заради пандемијата со Ковид-19. Состанокот беше во организација на Канцеларијата на Омбудсманот на Грција како претседавач на Асоцијацијата и се одржа во Нафплио, Грција. На состанокот се усвоија заклучоци во однос на развојот на Асоцијацијата, а се примија и две нови членки.

Исто така, во организација на Омбудсманот на Грузија, се одржа конференција на тема „Правата на стари лица и улогата на Омбудсманот/Националната институција за човекови права“ на која свои излагања имаа експерти на Обединетите Нации и Советот на Европа.

Тематската група за правата на лицата со попреченост во рамки на Европскиот комитет за економски и социјални права одржа јавна расправа за влијанието на Ковид-19 вакцините и лицата со попреченост. Додека пак инклузијата на Ромите како маргинализирана заедница беше предмет на расправа на меѓународниот форум организиран од украинската Омбудсман институција.

Кон крајот на годината и Германската организација за меѓународна соработка (ГИЗ) во рамки на Регионалниот проект за регионално учење за спроведување на Агендата 2030 во Југоисточна Европа (посебно во Северна Македонија и Косово) и Регионалниот проект за социјални права за ранливи групи, одржа онлајн регионална конференција на тема „Креирање политики на локално и на национално ниво врз основа на податоци од социјалното мапирање според принципот LNOB („Никој да не биде изоставен“)“, на која учествуваа претставници на Одделот за заштита на права на детето и лица со попреченост.

Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци во соработка со Германската организација за меѓународна соработка (ГИЗ) и Меѓународниот центар за развој на миграциски политики (ИСМПД) промовираа водич за лекари за развој и следење на националниот одговор против трговијата со луѓе.

Невладината организација „Астра“ од Србија во два наврата минатата година организираше средби на регионалната работна група за борба против трговијата со луѓе, првата средба беше посветена на размената на искуства во рамки на членовите на работната група, додека втората средба ги обработи алатките за мониторинг за борба против трговијата со луѓе.

Минатата година институцијата Народен правобранител беше посетена од омбудсманите на Косово, Албанија и Турција со цел продолжување на соработката и јакнење на меѓуинституционалната размена на информации со Народниот правобранител, г. Насер Зибери. Во тој дух, Народниот правобранител, г. Зибери реализираше посета на Косово како дел од веќе започнатата трипартитна соработка на полето на недискриминацијата каде заедно со омбудсманите на Албанија и Косово и комисиите на земјите за спречување и заштита од дискриминација се разговараше на теми од областа на заштитата и спречувањето на дискриминацијата.

Националниот превентивен механизам (НПМ) и оваа година зеде учество и на двата настани организирани во рамки на мрежата на НПМи на Југоисточна Европа, овој пат во организација на Националниот превентивен механизам на Унгарија како претседавач на Мрежата за 2021 година. Двата настани обработија актуелни теми, првиот во фокусот го имаше влијанието на Ковид-19 врз работењето на НПМот, додека вториот беше посветен на техниките на интервјуирање ранливи категории. Дополнително,тимот на НП-НПМ учествуваше на неколку обуки во организација на Асоцијацијата за превенција од тортура (АПТ), ОБСЕ и ОДИХР на кои се обработуваа теми од интерес за Механизмот, начинот на вршење посети, проблеми и предизвици со кои се соочуваат Механизмите при теренски посети, особено во пандемиски услови, третманот на странските државјани во местата за лишување од слобода и др. Покрај ова, во организација на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (Фронтекс), претставник на НП-НПМ зеде учество во обука за мониторинг на присилни враќања/депортации.

# 9 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Во 2021 година во Народен правобранител беа примени/заведени 2.686 претставки, а 389 предмети беа пренесени од претходната година. Вкупниот број на предмети/претставки по кои Народниот правобранител постапуваше/разгледуваше е 3.075.

**Преглед бр.1**

| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ/ЗАВЕДЕНИ ПРЕТСТАВКИ | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 69 | 1,83 | 70 | 2,17 | 77 | 2,23 | 60 | 1,74 | 62 | 2,53 | 43 | 1,60 |
| Полициски овластувања | 133 | 3,52 | 152 | 4,72 | 199 | 5,75 | 170 | 4,92 | 130 | 5,31 | 117 | 4,36 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 45 | 1,19 | 53 | 1,64 | 57 | 1,65 | 70 | 2,03 | 63 | 2,57 | 96 | 3,57 |
| Правосудство | 577 | 15,28 | 576 | 17,87 | 945 | 27,33 | 639 | 18,51 | 406 | 16,58 | 436 | 16,23 |
| Обвинителство | | | | | | | 63 | | 32 | | 71 | |
| Социјална заштита | 245 | 6,49 | 157 | 4,87 | 127 | 3,67 | 159 | 4,60 | 142 | 5,80 | 183 | 6,81 |
| Работни односи | 155 | 4,11 | 199 | 6,17 | 335 | 9,69 | 282 | 8,17 | 258 | 10,54 | 218 | 8,12 |
| Станбени односи | 48 | 1,27 | 11 | 0,34 | 35 | 1,01 | 17 | 0,49 | 10 | 0,41 | 27 | 1,01 |
| Здравствена заштита | 83 | 2,2 | 101 | 3,13 | 77 | 2,23 | 106 | 3,07 | 53 | 2,17 | 80 | 2,98 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 135 | 3,58 | 138 | 4,28 | 142 | 4,11 | 146 | 4,23 | 109 | 4,45 | 88 | 3,28 |
| Образование, наука, култура и спорт | 29 | 0,77 | 17 | 0,53 | 27 | 0,78 | 22 | 0,64 | 20 | 0,82 | 13 | 0,48 |
| Права на децата | 106 | 2,81 | 119 | 3,69 | 153 | 4,42 | 246 | 7,12 | 111 | 4,53 | 254 | 9,46 |
| Урбанизам и градба | 165 | 4,37 | 158 | 4,90 | 131 | 3,79 | 185 | 5,36 | 124 | 5,07 | 136 | 5,06 |
| Животна средина | 15 | 0,4 | 22 | 0,68 | 16 | 0,46 | 18 | 0,52 | 10 | 0,41 | 12 | 0,45 |
| Финансии | 1039 | 27,52 | 510 | 15,82 | 166 | 4,80 | 137 | 3,97 | 117 | 4,78 | 111 | 4,13 |
| Имотно-правни односи | 174 | 4,61 | 125 | 3,88 | 175 | 5,06 | 188 | 5,44 | 134 | 5,47 | 150 | 5,58 |
| Потрошувачки права | 309 | 8,19 | 281 | 8,72 | 230 | 6,65 | 367 | 10,63 | 218 | 8,91 | 228 | 8,49 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни | 198 | 5,25 | 264 | 8,19 | 247 | 7,14 | 267 | 7,73 | 166 | 6,78 | 162 | 6,03 |
| Лица со попреченост | 15 | 0,4 | 5 | 0,16 | 21 | 0,61 | 24 | 0,70 | 37 | 1,51 | 17 | 0,63 |
| НП како пријателна судот | | | | | | | 5 | 9,26 | 5 | 55,56 | 10 | 55,56 |
| НП-механизам за граѓанска контрола | | | | | | | | | 21 | 9,95 | 8 | 3,98 |
| Избирачки права | 65 | 1,72 | 25 | 0,78 | 35 | 1,01 | 54 | 1,56 | 9 | 0,37 | 18 | 0,67 |
| Попис на население | | | | | | | | | | | 6 | 0,22 |
| Одбрана | | | | | | | | | | | 1 | 0,04 |
| Друго | 170 | 4,5 | 240 | 7,45 | 263 | 7,61 | 228 | 6,60 | 211 | 8,62 | 201 | 7,48 |
| ВКУПНО: | 3775 | 100 | 3223 | 100 | 3458 | 100 | 3453 | 100 | 2448 | 100 | 2686 | 100 |

Најголем број од примените претставки 1.494 беа поднесени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, по електронска пошта 554, по пошта 499, по телефонско јавување беа оформени 48 предмети, преку веб-страницата 19, а 72 претставки се оформени по сопствена иницијатива.

**Слика бр.1**




Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје постапуваше/разгледуваше по 1.868 претставки, подрачната канцеларија во Битола по 253, во Кичево по174, во Тетово по 134, во Куманово по 125, во Струмица по 82, и во Штип по 50 претставки.

Од вкупно 2.686 претставки заведени во 2021 година, најголем број 1.136 или 42,29% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, 699 или 26,02% се однесуваат на повреда на правата од страна на централната власт, 268 претставки или 9,98% се однесуваа на повреда на правата од страна на судската власт, 240 претставки или 8,94% се однесуваа на повреда на правата од страна на локалната власт, 145 претставки или 5,40% се однесуваа на повреда на правата од страна на правни лица, во 65 претставки или 2,42% граѓаните се пожалија на повреда на правата, како од централната, така и од локалната власт, а во 133 претставки или 4,95% подносителите се жалеа на повреда на правата од други субјекти.

**Графикон бр.1**



**Преглед бр.2**

## ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ПО ОБЛАСТИ

| ОБЛАСТ | Примени претставки во 2021 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организација (Здружение) | Број на подносители | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Македонци | Албанци | Срби | Роми | Бошњаци | Власи | Турци | Не ја декларирале етничката припадност | Други |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 43 | | 4 | 2 | 37 | 3 | | 2 | 2 | 1 | | | 29 | |
| Полициски овластувања | 117 | | 2 | 2 | 114 | 34 | 16 | 1 | 3 | | | 4 | 56 | |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 96 | | 2 | 2 | 94 | 5 | 17 | 1 | 1 | | | 1 | 69 | |
| Правосудство | 436 | | | 21 | 1166 | 116 | 47 | 2 | 8 | | 1 | 8 | 983 | 1 |
| Обвинителство | 71 | | | 3 | 77 | 13 | 9 | | | | | 2 | 53 | |
| Социјална заштита | 183 | 1 | 2 | | 180 | 33 | 47 | | 19 | | | 6 | 75 | |
| Работни односи | 218 | 5 | | 24 | 218 | 40 | 13 | 1 | | 1 | | 3 | 159 | 1 |
| Станбени односи | 27 | | 1 | 1 | 27 | 5 | | | 1 | | | | 21 | |
| Здравствена заштита | 80 | | 6 | 6 | 92 | 14 | 3 | | 10 | | | | 65 | |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 88 | | 2 | | 86 | 36 | 6 | | 2 | | | 1 | 40 | 1 |
| Образование и наука | 11 | 1 | | 2 | 8 | 1 | 1 | | | | | | 6 | |
| Култура и спорт | 2 | | | | 2 | | 2 | | | | | | | |
| Права на децата | 254 | | 35 | 47 | 295 | 87 | 15 | 1 | 3 | | | 1 | 188 | |
| Урбанизам и градба | 136 | | | 4 | 164 | 42 | 12 | | 1 | | | 2 | 107 | |
| Животна средина | 12 | | | | 75 | 5 | | | | | | | 65 | 5 |
| Финансии | 111 | | | 2 | 116 | 24 | 19 | 1 | 3 | | | 1 | 68 | |
| Имотно-правни односи | 150 | | | 4 | 175 | 37 | 9 | | 1 | | 2 | 1 | 125 | |
| Потрошувачки права | 228 | | 2 | 3 | 224 | 50 | 25 | | 9 | 2 | | 2 | 135 | 1 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 162 | | 2 | 4 | 179 | 7 | 18 | | 3 | | | 1 | 149 | 1 |
| Лица со попреченост | 17 | | 6 | 3 | 8 | | 2 | | | | | | 6 | |
| НП како пријател на судот | 10 | | | 5 | 5 | | | | | | | | 5 | |
| НП-механизам за граѓанска контрола | 8 | | 2 | 3 | 3 | | | | | | | | 3 | |
| Избирачки права | 18 | 6 | | 1 | 14 | 1 | | | | | | | 13 | |
| Попис на население | 6 | | 2 | 2 | 2 | | | | | | | | 2 | |
| Одбрана | 1 | | | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| Други права | 201 | 2 | 4 | 13 | 236 | 36 | 21 | | 1 | 1 | | 1 | 176 | |
| ВКУПНО: | 2686 | 15 | 72 | 154 | 3598 | 589 | 282 | 9 | 67 | 5 | 3 | 34 | 2599 | 10 |

Од вкупниот број подносители на претставки, 27,77% или 999 граѓани се изјасниле за нивната етничка припадност. Од граѓаните кои при поднесувањето на претставките се изјасниле за својата етничка припадност, 586 или 58,66% се Македонци, 282 или 28,23% се припадници на албанската етничка заедница, 67 или 6,71 % се припадници на ромската етничка заедница; 34 или 3,40 % се припадници на турската етничка заедница; 9 или 0,90% се Срби; 5 или 0,50% се Бошњаци; 3 или 0,30% се Македонци-муслимани и исто толку се припадници на влашката етничка заедница, а 10 или 1,00% се припадници на другите етнички заедници.

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се од граѓани-подносители од Скопје, односно 1157, потоа следат претставки на подносители од: Битола, Тетово, Куманово, Кичево, Струмица, Прилеп, Велес, Штип, Охрид и од останатите поголеми урбани средини, како и од други држави.

**Преглед бр.3**

ПРЕГЛЕД
НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ
ПО ГРАДОВИ И ДРЖАВИ НА СТРАНСКИ ПОДНОСИТЕЛИ

| Град | 2020 год. | 2021 год. | Град/Држава | 2020 год. | 2021 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 9 | 6 | Охрид | 52 | 44 |
| Битола | 195 | 210 | Пехчево | 1 | 2 |
| Богданци | 1 | 2 | Прилеп | 57 | 64 |
| Валандово | 2 | 1 | Пробиштип | 7 | 10 |
| Велес | 42 | 61 | Радовиш | 17 | 15 |
| Виница | 5 | | Ресен | 12 | 6 |
| Дебар | 6 | 12 | Скопје | 911 | 1157 |
| Делчево | 8 | 7 | Струга | 20 | 27 |
| Демир Хисар | 8 | 6 | Струмица | 113 | 70 |
| Дојран | 1 | | Свети Николе | 8 | 9 |
| Гевгелија | 16 | 15 | Тетово | 238 | 152 |
| Гостивар | 42 | 33 | Штип | 53 | 47 |
| Кавадарци | 33 | 27 | Австрија | | 2 |
| Кичево | 110 | 119 | Босна и Херцеговина | 1 | |
| Кочани | 20 | 19 | Бугарија | 1 | |
| Кратово | 4 | 4 | Германија | | 1 |
| Крива Паланка | 16 | 12 | Косово | | 1 |
| Крушево | 7 | 9 | Србија | 1 | 5 |
| Куманово | 123 | 148 | САД | 1 | 1 |
| Македонска Каменица | 2 | 3 | Турција | | 1 |
| Македонски Брод | 7 | 7 | Унгарија | 5 | 2 |
| Маврово | 2 | 6 | Холандија | 1 | |
| Неготино | 15 | 7 | Не е избран град или држава | 273 | 356 |
| | | | ВКУПНО: | 3453 | 2686 |

## ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

Оваа извештајна година, најголемиот број на примени/заведени претставки се однесуваа за заштита на правата од областа на правосудството 436 или 16,23%; потоа следат претставките од областа на детските права 254 или 9,46%, од потрошувачките права 228 или 8,49%; од работните односи 218 или 8,12%; од социјалната заштита 183, односно 6,81%; од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 162 или 6,03%; од имотно-правната област 150 или 5,58%; од урбанизмот и градбата 136 или 5,06%;

**Графикон бр.2**



**Преглед бр.4**

## ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ/ЗАВЕДЕНИ ПРЕТСТАВКИ И ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМЕНИ/НЕПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА/ИНТЕРВЕНЦИИ ПО ОБЛАСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ОД 01.01. ДО 31.12.2021 ПО ОБЛАСТИ

| | | | | | | | Начин на решавање | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | | |
| ОБЛАСТИ | Примени во 2021 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Предмети по сопствена иницијатива | Со одлука за запирање или непокренување постапка | Правен совет | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Преземени сите законски дејствија од НП | Постапката е се уште во тек | Информација или Посебен извештај до министри | Информација или Посебен извештај до Влада | Информација или Посебен извештај до други органи и организации со јавни овластувања | Вкупно завршени постапки | Предмети останати во работа |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 43 | 39 | 5 | 48 | | 4 | 24 | | 23 | 11 | 12 | | | | | 47 | 1 |
| Полициски овластувања | 117 | 116 | 78 | 195 | | 2 | 137 | 2 | 26 | 17 | 9 | | | | | 165 | 30 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 96 | 96 | 25 | 121 | | 2 | 52 | 6 | 36 | 27 | 9 | | | | | 94 | 27 |
| Правосудство | 436 | 1187 | 40 | 476 | | | 365 | 4 | 83 | 50 | 31 | 2 | | | | 450 | 26 |
| Обвинителство | 71 | 80 | 9 | 80 | | | 48 | 1 | 11 | 8 | 3 | | | | | 60 | 20 |
| Социјална заштита | 183 | 180 | 32 | 215 | 1 | 2 | 123 | 1 | 67 | 51 | 14 | 2 | | | | 190 | 25 |
| Работни односи | 218 | 242 | 20 | 238 | 5 | | 160 | 7 | 41 | 23 | 15 | 3 | | | | 210 | 28 |
| Станбени односи | 27 | 28 | | 27 | | 1 | 17 | 3 | 1 | 1 | | | | | | 21 | 6 |
| Здравствена заштита | 80 | 98 | 2 | 82 | | 6 | 47 | 6 | 27 | 24 | 3 | | | | | 80 | 2 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 88 | 86 | 12 | 100 | | 2 | 55 | 3 | 39 | 37 | 2 | | | | | 97 | 3 |
| Високо образование и наука | 11 | 10 | 6 | 17 | 1 | | 11 | | 4 | 2 | 1 | 1 | 1 | | | 15 | 2 |
| Култура и спорт | 2 | 2 | | 2 | | | 1 | | 1 | 1 | | | | | | 2 | 0 |
| Права на децата | 254 | 342 | 12 | 266 | | 35 | 102 | 7 | 139 | 93 | 45 | 1 | 2 | | 1 | 247 | 19 |
| Урбанизам и градба | 136 | 168 | 19 | 155 | | | 106 | 3 | 32 | 16 | 14 | 2 | | | | 139 | 16 |
| Животна средина | 12 | 75 | 4 | 16 | | | 10 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 12 | 4 |
| Финансии | 111 | 118 | 24 | 135 | | | 74 | 6 | 47 | 30 | 17 | | | | 1 | 127 | 8 |
| Имотно-правни односи | 150 | 179 | 23 | 173 | | | 134 | | 25 | 17 | 7 | 1 | 1 | | | 158 | 15 |
| Потрошувачки права | 228 | 227 | 21 | 249 | | 2 | 178 | 4 | 63 | 46 | 14 | 3 | | | | 242 | 7 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 162 | 183 | 3 | 165 | | 2 | 132 | 3 | 22 | 18 | 4 | | | | | 157 | 8 |
| Лица со попреченост | 17 | 11 | 2 | 19 | | 6 | 9 | | 12 | 5 | 2 | 5 | | | | 16 | 3 |
| НП како пријател на судот | 10 | 10 | 3 | 13 | | | 7 | | 4 | 1 | 3 | | | | | 11 | 2 |
| НП-механизам за граѓанска контрола | 8 | 6 | 19 | 27 | | 2 | 14 | | 11 | 3 | 6 | 2 | | | | 23 | 4 |
| Избирачки права | 18 | 15 | 0 | 18 | 6 | | 10 | | 1 | 1 | | | | 1 | | 17 | 1 |
| Попис на население | 6 | 4 | | 6 | | 2 | 4 | 1 | 1 | | 1 | | | | | 6 | 0 |
| Одбрана | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | 0 | | | | | | | 1 | 0 |
| Други права | 201 | 249 | 30 | 231 | 2 | 4 | 172 | 4 | 38 | 17 | 20 | 1 | | | | 215 | 16 |
| ВКУПНО: | 2686 | 3752 | 389 | 3075 | 15 | 72 | 1993 | 62 | 755 | 500 | 232 | 23 | 4 | 1 | 2 | 2802 | 273 |

од областа на заштитата на правата при полициски овластувања 117 или 4,36%; од финансиите и финансиското работење 111 или 4,13%; од граѓанските состојби и други внатрешни работи 96 или 3,57%; од пензиското и инвалидското осигурување 88 или 3,28%; од здравствената заштита 80 или 2,98%; од обвинителството 71 или 2,64%; од недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 43 или 1,60%; од станбените односи 27 или 1,01%, од избирачките права 18 или 0,67%, правата за заштита на лицата со попреченост 17 или 0,63%; од животната средина 12 или 0,45%; од образованието и науката 11 или 0,41%; од постапување на НП како пријател на судот 10 или 0,37%, од постапување на НП како маханизам за граѓанска контрола 8 или 0,30%; од попис на население 6 или 0,22%; од културата и спортот 2 или 0,07%; од одбрана 1 или 0,04%; како и други права 201 или 7,48% претставки.

## ПОСТАПУВАЊЕ

Од вкупно 3.075 предмети, примени/заведени во 2021 година, Народниот правобранител покрена постапка по 2.108 или 67,80% претставки, по 655 или 21,30% претставки не покрена постапка.

Во 62 или 2,02% претставки/случаи, кои всушност се поставени прашања од граѓани, Народниот правобранител, по анализирање на правната регулатива, на граѓаните писмено им одговараше, им даваше правен совет, со што ги насочуваше во решавање на нивните проблеми, а со тоа и остварување на нивните права, а 273 или 8,88% предмети сè уште се во разгледување. (Слика бр.2)

Од 655 претставки по кои не е покрената постапка, по 344 претставки или 52,52% Народниот правобранител не е надлежен да постапува.

**Слика бр.2**




Понатаму, по 155 претставки или 23,66% не се работи за повреда на уставните и законските права, по 85 претставки или 12,98% и по доставено барање за дополнување на претставката, подносителот не ја дополни претставката, по 31 претставка или 4,73% во тек е судска постапка, во 19 случаи или 2,90% од дејството или последната одлука поминало повеќе од 1 година, во 6 претставки или 0,92% се работи за помалку значајни случаи кои и по завршувањето на испитувањето не би можело да даде соодветни резултати, а 15 претставки или 2,29% беа анонимни, во кои најчесто се изнесува незадоволство од определени состојби, или се укажува на повреда на конкретно право, а не се наведува податок за органот и лицето чие право е повредено, ниту податоци за евентуален контакт за барање за дополнување на претставка. (Слика бр.3)

**Слика бр.3**




Од 2.108 предмети по кои Народниот правобранител покренал постапка, во 755 или 35,82% констатира повреда на човековите слободи и права, и интервенираше со цел отстранување на повредите, односно остварување на правата на граѓаните-подносители. Додека, во 1.353 или 64,89% по преземените мерки и дејствија за испитување на наводите од претставката не е констатирана повреда на човековите слободи и права, и следствено постапката е запрена.

**Слика бр.4**



Поточно, во 1.108 или 81,89% случаи постапката е запрена, затоа што не се констатира повреда на правата, во 129 или 9,53% постапката е запрена, затоа што подносителот во меѓувреме го остварил своето право, во 48 или 3,55% подносителот не покажал интерес за натамошно водење на постапката, во 35 или 2,59% подносителот ја повлече претставката, во 32 или 2,37% во текот на постапката по претставката подносителот повел судска постапка, а во 1 или 0,07% подносителот починал, а неговите наследници не барале продолжување на постапката. (Слика бр.4)

**Графикон бр.3**




## КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Од вкупно 755 предмети во кои Народниот правобранител утврди повреди и ги презеде сите законски дејствија, во 500 или 66,23% случаи органите на државната управа, другите органи и организации со јавни овластувања ги прифатија интервенциите на Народниот правобранител, во 232 или 30,43% случаи по констатираната повреда Народниот правобранител достави укажување за начинот на отстранување на констатираната повреда до надлежниот орган која не беше прифатена, по што согласно законските надлежности презеде други дејствија, односно достави информации, посебни извештаи до повисокиот орган, по што ги исцрпи сите законски можности, а во 23 или 3,05% случаи по констатирана повреда и доставена препорака сè уште се чека одговор од надлежниот орган. (Слика бр.5)

**Слика бр.5**




Оваа извештајна година најголем број на констатирани повреди беа од областа за заштита на правата на децата-139 случаи или 18,41%, од кои во 93 случаи или 66,91% беше постапено по интервенциите на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од областа на правосудството, по кои се констатирани 83 повреди или 10,99%, од кои во 50 случаи или 60,24% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од областа на социјалната заштита се констатирани повреди во 67 случаи или 8,87%, од кои во 51 случај или 76,12% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од областа на потрошувачките права по кои се констатирани повреди во 63 случаи или 8,34%, од кои во 46 случаи или 73,02% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од финансиите и финансиското работење беа констатирани 47 повреди или 6,23%, од кои во 30 случаи или 63,83% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Потоа следат претставките за заштита на правата од работните односи, по кои се констатирани повреди во 41 случај или 5,43%, од кои во 23 случаи или 56,10% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Во претставките од областа на пензиско и инвалидско осигурување, беа констатирани 39 повреди или 5,17% од кои во 37 случаи или 94,87% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Потоа, следат претставките од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи

**Графикон бр.4**



каде беа констатирани 36 повреди или 4,77%, од кои во 27 случаи или 75,00% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од областа на урбанизмот, се констатирани повреди во 32 случаи или 4,24%, од кои во 16 случаи или 50,00% беа прифатени интервенциите на Народниот правобранител. Следат претставките од областа на здравствената заштита каде беа констатирани 27 повреди или 3,58%, од кои во 24 случаи или 88,89% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител за заштита на правата од областите полициски овластувања, имотно-правните односи, недискриминација и соодветна и правична застапеност, казнено-поправните и воспитно-поправните домови, лица со попреченост итн.

# 10 ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА

## ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА РАБОТА

Делокругот на работата на Стручната служба е уреден во согласност со надлежностите на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, утврдени во Уставот и Законот за народниот правобранител. Деталната организација и делокруг на работа е регулиран со посебните интерни акти: Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител и Правилникот за организација и делокруг на работата на Стручната служба, Тимот на Националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител. Како таква, систематизацијата на работните места е сочинета од 11 оддели, Тим на Националниот превентивен механизам, Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола, 3 (три) одделенија и подрачните канцеларии.

Работата на Народниот правобранител локациски е организирана од централната канцеларија во Скопје и шестте канцеларии низ внатрешноста, т.е. од Кичево, Тетово, Битола, Штип, Куманово и Струмица. Работното време на иституцијата е од 08:00 - 16:00 часот секој работен ден.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Со последниот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр. 1695/3 од 01.07.2021 година предвидени се 183 работни места за извршување на работните должности, од кои до декември 2021 година пополнети се 85 работни места.

Квалификациска, родова и етничка структура на вработените:

**Преглед бр.5**

| | Вработени по пол | | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ: Високо образование | | Вишо образование | | Средно образование | | Основно образование | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| Избрани или именувани лица | 3 | 3 | 3 | 3 | | | | | | | 6 |
| Раководни работни места | 11 | 15 | 11 | 15 | | | | | | | 26 |
| Нераководни работни места | 19 | 34 | 12 | 28 | | | 7 | 6 | | | 53 |
| Вкупно: | 33 | 52 | 26 | 46 | | | 7 | 6 | | | 85 |

**Преглед бр.6**

| | ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други | вкупно вработени |
| Избрани или именувани лица | 3 | 3 | | | | | | | 6 |
| Раководни работни места | 13 | 8 | | 1 | 2 | 1 | 1 | | 26 |
| Нераководни работни места | 23 | 24 | | 2 | 2 | 1 | 1 | | 53 |
| Вкупно: | 39 | 35 | 0 | 3 | 4 | 2 | 2 | | 85 |

На почетокот на извештајната година, на функцијата народен правобранител на Република Северна Македонија беше избран г. Насер Зибери, долгогодишен правник, докажан во својата професија, кој во јануари 2021 година започна да го остварува својот мандат. На пет заменика на народниот правобранител им истече мандатот во јули 2021 година, но избор на нови заменици сè уште не е извршен.

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Буџетот за Народниот правобранител за 2021 година помина низ еден ребаланс и една Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите со кои буџетот од 83.755.000 се намали на 77.738.000 ден, односно за 6.017.000 денари, што претставува 5,3% намалување во однос на буџетот за 2020 година.

2021 година ќе остане забележана како втора година која помина во сенката на пандемијата со вирусот Ковид-19 и како таква го забави темпото на работа, го намали обемот на промотивни и други активности и општо, наметна рестриктивни околности за работа. Реализацијата на заради тоа намалениот буџет се оствари во 95%.

Во бројки изразено, буџетот на Народен правобранител по ребалансот и две извршени пренамени изнесуваше 76.762.200,00 ден. додека НПМ потпрограмата располагаше со 375.000,00 ден. Заради неекипирањето на механизмот на граѓанска контрола со три надворешни члена и незаживувањето на истиот во таа смисла, средствата кои беа распоредени на оваа потпрограма се пренаменија за други потреби, со што тука останаа да фигурираат само 800,00 ден. Понатаму, механизмот за мониторинг на имплементација на Конвенцијата за правата на лица со попреченост располагаше со 300.000,00 ден. и Националниот известувач за трговија со луѓе и илегална миграција со 300.000,00 ден., или вкупно - 77.738.000,00 ден. изнесуваше Буџетот на Институцијата Народен правобранител за 2021 година.

Структурата на реализацијата на буџетот изразена во проценти е како што следи: 70% од Буџетот на НП е реализиран за основни плати и придонеси за социјално осигурување, 27% за стоки и услуги 0,3% за трансфери и 1% за капитални расходи.

Буџетот на програмата на Народниот правобранител за 2021 година е реализиран со 95%.

Што се однесува до потпрограмата на НПМ-от, првично доделениот буџет за 2021 година со ребалансот беше преполовен и до крајот на годината во полн износ потрошен. Реализацијата се одвиваше на групата стоки и услуги, односно во најголем дел од ставката Договорни услуги.

Како што е спомнато погоре, потпрограмата на механизмот за граѓанска контрола

не забележа никаква реализација, додека работата на механизмот за деца и лица со попреченост за прв пат имаше финансиски одраз и тоа со 10,36%.

Потпрограмата за трговија со луѓе забележа целосна (100%) реализација како и НПМ-от, што придонесе за реализација на 94,55% од целосниот буџет.

Соработката со УНХЦР започната во 2015 година, продолжи и во 2021, но, слично како и претходната година - со значително намален интензитет и согласно тоа помал буџет. Со пренесеното салдо од 2020 и единствената транша, тој изнесуваше 1.263.688,00 ден. и се реализира со 87%. Носечки активности тука беа посетите на местата за лишување од слобода и граничните премини кои ги вршеа НПМ и Механизмот за граѓанска контрола, при што ангажираа стручни надворешни експерти; посетата на онлајн курсеви за надградување на знаењата на службениците/советниците од посочените оддели и советникот кој работи во одделот на НП како пријател на судот, како и работилница на која се разменија информации и се дискутираше за предизвиците со кои се соочуваат соработниците од двете страни.

## Преглед бр.7

| пот ставки | опис | НП Буџет 2021 | НПМ Буџет 2021 | МГК Буџет 2021 | МДЛП Буџет 2021 | ТЛ Буџет 2021 | НП реализација 2021 | НПМ реализација 2021 | МГК реализација 2021 | МДЛП реализација 2021 | ТЛ реализација 2021 | Остаток | % НП | % НПМ | % МГК | % МДЛП | %ТЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 38.841.000,00 | | | | | 37.118.177,00 | | | | | 1.722.823,0 | 95,56 | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 14.432.000,00 | | | | | 14.428.328,00 | | | | | 3.672,0 | 99,97 | | | | |
| 40 | Плати и надоместоци | 53.273.000,00 | | | | | 51.546.505,00 | | | | | 1.726.495,0 | 96,76 | | | | |
| 420 | Плати и дневни расходи | 412.000,0 | | | | | 259.330,0 | | | | | 152.670,0 | 62,94 | | | | |
| 421 | Комунални услуги | 4.505.000,0 | | | | | 3.639.670,0 | | | | | 865.330,0 | 80,79 | | | | |
| 423 | Материјали и алати | 700.000,0 | 25.000,0 | | | | 593.026,0 | 25.000 | | | | 106.974,0 | 84,72 | 100,00 | | | |
| 424 | Поправка и тековно одржување | 1.650.000,0 | | | | | 1.595.957,0 | | | | | 54.043,0 | 96,72 | | | | |
| 425 | Договорни услуги | 14.500.000,0 | 350.000,0 | 800,0 | 300.000,0 | 300.000,0 | 13.551.820,0 | 350.000 | | 31.069 | 299.256 | 1.218.655,0 | 93,46 | 100,00 | | 10,36 | 99,75 |
| 426 | Други тековни расходи | 800.000,0 | | | | | 724.811,0 | 0 | | | | 75.189,0 | 90,60 | | | | |
| 42 | Стоки и услуги | 22.567.000,0 | 375.000,0 | 800,0 | 300.000,0 | 300.000,0 | 20.364.614,0 | 375.000 | 0 | 31.069 | 299.256 | 2.472.861,0 | 90,24 | 100,00 | 0,00 | 10,36 | 99,75 |
| 464 | Разни трансфери | 249.000,0 | | | | | 233.134,0 | | | | | 15.866,0 | 93,63 | | | | |
| 46 | Вкупно трансфери | 249.000,0 | | | | | 233.134,0 | | | | | 15.866,0 | 93,63 | | | | |
| 480 | Купување на опрема и машини | 253.200,0 | | | | | 233.165,0 | | | | | 20.035,0 | 92,09 | | | | |
| 483 | Купување на мебел | 120.000,0 | | | | | 118.472,0 | | | | | 1.528,0 | 98,73 | | | | |
| 485 | Вложувања и нефинанс. ср-ва | 300.000,0 | | | | | 299.495,0 | | | | | 505,0 | 99,83 | | | | |
| 48 | Вкупно за капитални расходи | 673.200,0 | | | | | 651.132,0 | | | | | 22.068,0 | 96,72 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **76.762.200,0** | **375.000,0** | **800,0** | **300.000,0** | **300.000,0** | **72.795.385,0** | **375.000** | **0** | **31.069** | **299.256** | **4.237.290,0** | **94,83** | **100,00** | **0,00** | **10,36** | **99,75** |
| | **ВКУПНО** | | | **77.738.000,0** | | | | | **73.500.710,0** | | | | | | **94,55** | | |

**Република Северна Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Македонија" бр.19, 1000 Скопје, РС Македонија
тел: +389 2 3129335, факс: +389 2 3129359
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk